Број 15 Година X

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА КАРПОШ

СКОПЈЕ

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -903, факс: 02/3062-925*
***www.karpos.gov.mk; sovet@karpos.gov.mk***

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Карпош за 2015 година**

1. Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Карпош за 2015 година, донесена на четириесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 03 декември 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-9234/1**
**Датум: 04.12.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 34 од Законот за Буџетите (Сл.весник на РМ бр.64/2005 ,4/2008,103/08,156/09,95/10,180/11, 171/12 И 192/15), Советот на Општина Карпош на четириесет И втората седница одржана на 03 декември 2015 година, донесе

# О Д Л У К А

**За измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Карпош**

**За 2015 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средства во Буџетот на општина **Карпош**

За **2015** година на следниот начин :

| Потпрограма и назив на потпрограмата / Потставка и опис на потставката | | Буџет | Самофинан. | Дотации | Донации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **GD0** | **ПРОЕКТИ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ** | | | | | |
| 464990 | Други трансфери | -4.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 423410 | Прехранбени продукти и пијалаци | 4.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина **Карпош** и станува составен дел на Буџетот на општината за **2015** година.

БР. 08-8826/3 03.12.2015 Скопје

**Претседател на Советот на Општина**
**Карпош**
**м-р Сашо Лазаровски**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2015 година**

1. Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за актвностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2015 година, донесена на четириесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 03 декември 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-9234/2**
**Датум: 04.12.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р**

Врз основа на член 22, став 1, точка 6 и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на четириесет и втората седница, одржана на 03 декември 2015 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2015 година**

**Во програмата за активностите на општина Карпош во областа на спортот за 2015 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.18/2014 и 11/2015) се врши изменување и дополнување, така што:**

I. Во точката 18. Финансиска поддршка на Друштвото за спортски дејности КОШАРКАРСКИ КЛУБ КАРПОШ-СОКОЛИ 2000 АД Скопје, делот „Предвидена финансиска рамка“ се менува и дополнува, така што износот 20.000.000,00 денари се брише и заменува со износот 24.000.000,00 денари.
По изменувањето и дополнувањето, делот Предвидена финансииска рамка гласи:
„24.000.000,00 денари“.

II. Во Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спрот за 2015 година во оддел III ФИНАНСИРАЊЕ во ставот 1, по зборовите во износ од, износот 34.190.000,00 денари се брише и заменува со износот 38.190.000,00 денари

III. Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Карпош“.

**Број: 08-8826/4**
**Датум: 03.12.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**м-р Сашо Лазаровски, с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за објавување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за определување на спортски стипендии за талентирани спортисти - ученици од општинските основни училишта од подрачјето на Општина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за определување на спортски стипендии за талентирани спортисти – ученици од општинските основни училишта од подрачјето на Општина Карпош, донесена на четириесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 03 декември 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-9234/3**
**Датум: 04.12.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија “ бр.5/2002), а во врска со Глава III. Преглед на спортски манифестации под организација и покровителство на Општина Карпош, Точка 3. доделување на спортски стипендии на талентирани спортисти од подрачјето на општина карпош од Програмата за дејноста спорт за 2015 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.18/2014 ), Советот на Општина Карпош на четириесет и втората седница, одржана на 03 декември 2015 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за изменување и дополнување на Одлуката за определување на спортски стипендии за талентирани спортисти - ученици од општинските основни училишта од подрачјето на Општина Карпош**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши изменување и дополнување во членот 1 од Одлуката за определување на спортски стипендии за талентирани спортисти – ученици од општинските основни училишта од подрачјето на Општина Карпош бр.08-7750/7 од 02.11.2015 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.14/2015) на начин што:

Во член 1, алинеја 1: бројот 12 се брише, а на негово место се пишува бројот 13
во член 1, алинеја 2: бројот 4 се брише, а на негово место се пишува бројот 3.

По изменувањето и дополнувањето, членот 1 гласи:

„Со оваа одлука се определуваат спортски стипендии за 16 спортисти – ученици од општинските основни училишта од подрачјето на Општина Карпош и тоа:

- 13 од прва категорија, во износ од 3.000,00 денари
- 3 од втора категорија, во износ од 2.000,00 денари“

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 08-8826/5**
**Датум: 03.12.2015 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт З 03, опфат помеѓу бул.Партизански одреди, корито на река Вардар, бул.Македонија и ул.Московска, Општина Карпош-Скопје**

1. Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт З 03, опфат помеѓу бул.Партизански одреди, корито на река Вардар, бул.Македонија и ул.Московска, Општина Карпош-Скопје, донесена на четириесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 03 декември 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-9234/4**
**Датум: 04.12.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р**

Врз основа на член 22, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и член 26, став 4, алинеја 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14), Советот на Општина Карпош, на четириесет и втората седница, одржана на 03 декември 2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт З 03, опфат помеѓу бул.Партизански одреди, корито на река Вардар, бул.Македонија и ул.Московска, Општина Карпош-Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Детален урбанистички план за Градска четврт З 03, опфат помеѓу бул.Партизански одреди, корито на река Вардар, бул.Македонија и ул.Московска, Општина Карпош-Скопје . Деталниот урбанистички план е изработен според одредбите за спроведување на Генералниот урбанистички план на Град Скопје, Законот за просторно и урбанистичко планирање, Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на урбанистички планови.

**Член 2**

Просторот за кој се донесува Деталениот урбанистички план е дефиниран помеѓу;

- **од север:**осовина на бул. “Партизански Одреди”
- **од исток:** корито на река Вардар
- **од запад:** осовина на ул. “Московска“
- **од југ :** осовина на бул.”Македонија”,

Површината на урбаниот опфат изнесува 49.64 ха.

**Член 3**

Опфатот на Деталниот урбанистички план ги содржи следните намени: домување во станбени куќи, домување во станбени згради, деловни простори, образование и наука, здравство и социјална заштита, државни институции, верски објекти, комунална супраструктура, некомпатибилна инфраструктура, парковско зеленило, заштитно зеленило, спорт и рекреација.

Во рамките на планот се предвидени следните класи и намени на земјиштето:

- А1 – домување во станбени куќи
- А2– домување во станбени згради
- Б4 - деловни простори

- В1 – образование и наука
- В2 -здравство и социјална заштита
- В4- државни институции
- В5- верски објекти
- Е2 – комунална супраструктура
- Е3 – некомпатибилна инфраструктура
- Д1 – парковско зеленило
- Д2 – заштитно зеленило
- Д3- спорт и рекреација

Максималната висина за градежните парцели наменети за домување во станбени куќи изнесува П+2+ПК (10.20м)
Максималната висина за градежните парцели наменети за домување во станбени згради се движи од П+3+Пк (13.20 м) до П+6+Пк (22.00 м)
Максималната висина за градежните парцели наменети за деловни простори изнесува П+1
Максималната висина за градежните парцели наменети за образование и наука големи трговски единици се движи од П+1 (8.00 м) до П+2 (14.00 м)
Максималната висина за градежните парцели наменети за здравство и социјална заштита изнесува П+1 (8.00 м)
Максималната висина за градежната парцела наменета за државни институции изнесува П+4 (17.00 м)

Со планот се одредени
- облик и големина на градежна парцела /м2/
- регулациона линија,
- градежна линија која го дефинира просторот во кој може да се гради,
- максимална површина за градба во која може да се развие основата на објектот /м2/
- процент на изграденост /%/,
- максимална развиена површина на објектот /м2/,
- коефициент на искористеност /К/,
-намена на објектот,
-максимална висина на објектот / до завршниот венец / од ниво на тротоар, сообраќајница или пристапна патека,
- паркирање-гаражирање на возилата во рамките на парцелите.

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука се:
- Текстуален дел ,
- Графички прилози
- Основни параметри за уредување на просторот о

-

Табеларен приказ на урбанистичките параметри.

**Член 5**

Деталниот урбанистички план се заверува со печат на Општина Карпош и потпис на Претседателот на Советот на Општината.

**Член 6**

Деталниот урбанистичкиот план со сите негови делови се чува во Одделението за урбанистичко планирање на Општина Карпош.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош

**Број: 08-8826/6**
**Датум: 03.12.2015 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката за изградба на парапетни ѕидови за поставување на дворни огради на индивидуални станбени објекти - куќи на подрачјето на Општина Карпош заради реализација на Урбанистички план за село Бардовци**

1. Се објавува Одлуката за изградба на парапетни ѕидови за поставување на дворни огради на индивидуални станбени објекти – куќи на подрачјето на Општина Карпош заради реализација на Урбанистички план за село Бардовци, донесена на четириесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 03 декември 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-9234/5**
**Датум: 04.12.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија “ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош на четириесет и втората седница, одржана на 03 декември 2015 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за изградба на парапетни ѕидови за поставување на дворни огради на индивидуални станбени објекти - куќи на подрачјето на Општина Карпош заради реализација на Урбанистички план за село Бардовци**

**Член 1**

Со оваа одлука се одобрува изградба на парапетни ѕидови за поставување на дворни огради на индивидуални станбени објекти - куќи помеѓу новоизградениот тротоар и дворните места на подрачјето на Општина Карпош заради реализација на Урбанистички план за село Бардовци, разработка на блокови 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 и блок 18 („Одлука за донесување на Урбанистички план за село Бардовци, разработка на блокови 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 и блок 18 бр.07-656/7 од 31.01.2014 („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2014).

**Член 2**

Вкупната должина на парапетните ѕидови изнесува 155 м и широчина од 0,20 м, или поединечно евидентирано по сопственици, по следниот редослед:

1. Китановски Киро ул.„10“ бр.6 – со должина на парапетниот ѕид од 26 м
2. Китановска Вида ул.„10“ бр.8 – со должина на парапетниот ѕид од 20 м
3. Срмановски Стево ул.„4“ бр.2 – со должина на парапетниот ѕид од 18 м
4. Гиновски Ацо ул.„10“ бр.10А – со должина на парапетниот ѕид од 15 м
5. Трајановски Трајче ул.„10“ бр.12 – со должина на парапетниот ѕид од 32м
6. Јазоџиевска Вида ул.„10“ бр.14 – со должина на парапетниот ѕид 44 м

Висината на парапетниот ѕид ќе биде различна, во зависност од висинската разлика помеѓу тротоарот и дворните места.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 08-8826/7**
**Датум: 03.12.2015 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување на Одлуката за доделување на финансиски средства на лица со хендикеп од подрачјето на Општина Карпош по повод 3-ти декември- Денот на лицата со хендикеп**

1. Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства на лица со хендикеп од подрачјето на Општина Карпош по повод 3-ти декември – Денот на Лицата со хендикеп, донесена на четириесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 03 декември 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-9234/6**
**Датум: 04.12.2015 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1, а во врска со член 22, став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/2002), Советот на Општина Карпош, на четириесет и втората седница, одржана на 03 декември 2015 година, донесе

**О Д Л УК А**
**за доделување на финансиски средства на лица со хендикеп од подрачјето на Општина Карпош по повод 3-ти декември- Денот на лицата со хендикеп**

**Член 1**

По повод 3-ти декември- Денот на лицата со хендикеп како помош се одобруваат средства во износ од нето 268.000,00денари или 297.778,00 денари бруто износ, со пресметан персонален данок, за 67 лица со хендикеп од подрачјето на Општина Карпош, односно поединечно по 4 000,00 денари.

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа одлука да се исплатат од Буџетот на Општина Карпош, Програма ЕО – Општинска администрација, ставка 471-социјални надоместоци и потставка 471990-друга социјална помош.

**Член 3**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош по претходно доставен список за лица со хендикеп од подрачјето на Општина Карпош од страна на Секторот за дејности од јавен интерес- Одделение за детска, социјална и здравствена заштита во Општина Карпош да донесе поединечни решенија за исплата.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 08-8826/8**
**Датум: 03.12.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**м-р Сашо Лазаровски, с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Правилникот за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за Јавните установи општински детски градинки на подрачјето на Општина Карпош**

1. Се објавува Правилникот за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотација наменета за Јавните установи општински детски градинки на подрачјето на Општина Карпош, донесена на четириесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 03 декември 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-9234/7**
**Датум: 04.12.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7 и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) член 8, став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15) и член 184, став 3 и став 4 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/2013, 12/2014, 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015 и 192/2015), Советот на Општина Карпош, на четириесет и втората седница, одржана на 03 декември 2015 година, го донесе следниот

## ПРАВИЛНИК
**за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за Јавните установи општински детски градинки на подрачјето на Општина Карпош**

**Член 1**

Со овој Правилник се пропишува методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за Јавните установи општински детски градинки на подрачјето на Општина Карпош.

**Член 2**

Со средствата од блок дотацијата за финансирање на дејноста – згрижување и воспитание на деца, трансферирани од Буџетот на Република Македонија, согласно Буџетот на Општина Карпош за 2016 година, Програма Н1 и подпрограма Н10 – згрижување и воспитание на деца, се врши финансирање на Јавните установи општинските детски градинки: ЈУОДГ „ Орце Николов“, ЈУОДГ„Мајски Цвет“, ЈУОДГ„Пролет“, и ЈУОДГ„Распеана Младост“.

Срдствата од став 1 на овој член се распоредуваат поединечно на секоја јавна установа општинска детска градинка врз основа на претходно доставените податоци од страна на јавна установа општинска детска градинка и нивните годишни финансиски планови.

**Член 3**

Распределбата на блок дотацијата по Јавните установи општински детски градинки на подрачјето на Општина Карпош ќе се врши по следните критериуми:
- број на сместени деца во детската градинка,
- број на сместени деца со посебни потреби,
- трошоци односно цена по дете( месечна цена за престој на дете),
- должина на период за греење,
- програмски активности на институциите,

- трошоци за тековно одржување на објектите,
- историски податоци од претходните години и
- останати неизмирени обврски.

**Член 4**

Освен за бруто платите, кои што се пресметани и дадени како задолжителна обврска по број на вработени и се изземени од методологијата, распределбата се врши согласно горе утврдените критериуми.

**Член 5**

Средствата за блок дотацијата до Јавните установи општински детски градинки на подрачјето на Општина Карпош ќе се насочуваат преку Секторот за финансиски прашања на Општина Карпош месечно, односно по нивното трансферирање од страна на Министерството за труд и социјална политика.

**Член 6**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“, а ќе се применува од 01.01.2016 година.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**м-р Сашо Лазаровски, с.р**

**Број: 08-8826/9**
**Датум: 03.12.2015 година**
**Скопје**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Правилникот за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош**

1. Се објавува Правилникот за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош, донесена на четириесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 03 декември 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-9234/8**
**Датум: 04.12.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8 и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02), член 8, став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната смаоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15) и член 162, став 2 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15 и 145/15), Советот на Општина Карпош, на четириесет и втората седница, одржана на 03 декември 2015 година, го донесе следниот

## П Р А В И Л Н И К
## за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош

**Член 1**

Со овој Правилник се пропишува методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за општинските основните училишта на подрачјето на Општина Карпош.

**Член 2**

Со средствата од блок дотацијата за финансирање на дејноста – основно образование, трансферирани од Буџетот на Република Македонија, согласно Буџетот на Општина Карпош за 2016 година, Програма Н1 и подпрограма Н10 – основно образование, се врши финансирање на општинските основни училишта: „Јан Амос Коменски“, „Петар Поп Арсов“, „Војдан Чернодрински“, „Владо Тасевски“, „Аврам Писевски“, „Вера Циривири Трена“, „Лазо Трповски“, „Димо Хаџи Димов“, „Братство“ и „Христијан Тодоровски Карпош“.

Срдствата од став 1 на овој член се распоредуваат поединечно на секое општинско основно училиште врз основа на претходно доставените податоци од страна на основните училишта и нивните годишни финансиски планови.

**Член 3**

Распределбата на блок дотацијата по општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош ќе се врши по следните критериуми:
- вкупен број на ученици по училишта,
- број на ученици во предметна настава,
- број на ученици со посебни потреби,
- број на ученици – корисници на бесплатен превоз,
- тип на објектот на училиштето и
- начин на греење / централно или самостојно /.
- трошоци за тековно одржување на објектите,
- историски податоци од претходната година и

-
останатинеизмирени обврски од претходни години.

**Член 4**

Освен за бруто платите, кои што се пресметани и дадени како задолжителна обврска по број на вработени и се иземени од методологијата, распределбата се врши согласно горе утврдените критериуми.

**Член 5**

Средствата за блок дотацијата до општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош ќе се насочуваат преку Секторот за финансиски прашања на Општина Карпош месечно, односно по нивното трансферирање од страна на Министерството за образование и наука.

**Член 6**

Овој Правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“, а ќе се применува од 1.1.2016 година.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р**

**Број: 08-8826/10**
**Датум: 03.12.2015 година**
**Скопје**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програмата за урбанистичко планирање за 2016 година**

1. Се објавува Програмата за урбанистичко планирање за 2016 година, донесена на четириесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 03 декември 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-9234/9**
**Датум: 04.12.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р**

Врз основа на член 22, став 1, точка 1 и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), Советот на Општина Карпош, на четириесет и втората седница, одржана на 03 декември 2015 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА
## УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ ЗА 2016 ГОДИНА

### I. ВОВЕД

Со донесување на системските закони кои се однесуваат на локалната самоуправа, а во контекст на процесот на децентрализација, општините добиваат и надлежност која се однесува на спроведување на постапка за донесување на Детални урбанистички планови. Основен услов за развој на една општина е урбанизација на просторот. Согласно законската регулатива се прифаќаат и иницијативи од граѓаниза усогласување со урбанистичките планови и можност на решавање на имотно правни работи.

### II. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Основни цели на Програмата на Општина Карпош од областа на Урбанистичкките планови:

**1. Изготвување на Детален урбанистички план**

- Основни мотиви за изготвување на Деталните урбанистички планови е усогласување на предметниот простор со основните поставки со Генералниот урбанистички план на град Скопје, како и изминатиот плански период на постојните Детални планови. Основа на изготвување на Планската документација е Документационата основа во која се систематизирани податоци за постојната состојба во рамките на планскиот опфат, анализа на можностите за просторен развој и програмските проекции на подрачјето на планскиот опфат.

**2. Граници на територијалните единици за планирање на просторот**

Во Генаралниот урбанистички план се одредени границите на териоријалните единици за планирање и тоа:

- Граници на подрачјата на урбаните четврти
- Граници на подрачјата на планските опфати на деталните урбанистички планови со кои Генаралниот урбанистички план ќе се спроведува.
- Урбаната четврт по правило се состои од повеќе плански опфати на детални урбанистички планови.

- Надворешните граници на планскиот опфат на деталните планови од кои се состои една урбана четврт, се совпаѓаат со границата на урбаната четврт.

## III. ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗАИЗРАБОТКА И ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗАГРАДСКА ЧЕТВРТ

1. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕУВАЊЕ
ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА**ЧЕТВРТСЗ 19**

2. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕУВАЊЕ
ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА**ЧЕТВРТЗ 01**

3. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕУВАЊЕ
ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА**ЧЕТВРТЗ 02**

4. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕУВАЊЕ
ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА**ЧЕТВРТЗ 04**

6. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕУВАЊЕ
ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА**ЧЕТВРТЗ 06**

7. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕУВАЊЕ
ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА**ЧЕТВРТЗ 07**

8. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕУВАЊЕ
ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА**ЧЕТВРТЗ 09**

10. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕУВАЊЕ
ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА**ЧЕТВРТЈ 01**

11. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕУВАЊЕ
ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА **ЧЕТВРТЈ 02**

12. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕУВАЊЕ
ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА**ЧЕТВРТЈ 03**

13. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕУВАЊЕ
ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА**ЧЕТВРТЈ 04**

**IV. ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА БЛОК, СОГЛАСНО УСВОЕНИ РЕГУЛАЦИСКИ ПЛАНОВИ ЗА ГРАДСКАЧЕТВРТ**

1. ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССИ 03, БЛОК 02, ОПШТИНА КАРПОШ-СКОПЈЕ
2. ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССИ 03, БЛОК 04, ОПШТИНА КАРПОШ-СКОПЈЕ
3. ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССИ 03, БЛОК 09, ОПШТИНА КАРПОШ-СКОПЈЕ
4. ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССЗ 02, БЛОК 06, ОПШТИНА КАРПОШ-СКОПЈЕ
5. ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССЗ 01, БЛОК 11, ОПШТИНА КАРПОШ-СКОПЈЕ

**V.ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА СЕЛО**

1. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ
ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО
Бардовци- стопански комплекс / дел 1/

2. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ
УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗАсело Бардовци

3. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА
СЕЛО БАРДОВЦИ - БЛОК 12

4. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ
УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗАСЕЛО БАРДОВЦИ - БЛОК 39

5. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ
УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗАСЕЛО БАРДОВЦИ - БЛОК 35

6. ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО БАРДОВЦИ - БЛОК 41

7. ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО БАРДОВЦИ - БЛОК 42.

**VI. ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ, УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО, УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА СЕЛО И ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

1. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕУВАЊЕ
ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗАЧЕТВРТЗ 05 блокови 1,5 и 8

**VII. ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ, УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА СЕЛОИУРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКАсогласночлен 24-а, ставови 2,3 и 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13)**

**ФИНАНСИРАЊЕ**

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од 6.000.000,00 денари е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2016 година.
Определени финансиски средства можат да бидат обезбедени и од приватни иницијативи на заинтересирани граѓани.

ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“, а ќе се применува од 1 јануари 2016 година.

**Број: 08-8826/11**
**Датум: 03.12.2015 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
## за објавување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на заштита на животната средина и природата и енергетската ефикасност за 2016 година

1. Се објавува Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на заштита на животната средина и природата и енергетската ефикасност за 2016 година, донесена на четириесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 03 декември 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-9234/10**
**Датум: 04.12.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р**

Врз основа на член 22, став 1, точка 2 и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на четириесет и втората седница, одржана на 03 декември 2015 година, донесе

# ПРОГРАМА
## за активностите на Општина Карпош во областа на Заштита на животната средина и природата и енергетската ефикасност за 2016 година

## I. Развојни приоритети и цели

- Општината Карпош на својата територија ги спроведува мерките и активностите кои се доделени на локалната самоуправа, а се однесуваат на областите заштита на животната средина и енергетската ефикасност;
- Општината да воспостави услови за пристојно, безбедно и здраво живеење на своите граѓани;
- Анимирање на граѓаните во активностите кои ќе произлезат од Програмата, односно активно учество на граѓаните;
- Програмата да врши едукација на поединци и/или групи во заштитата и подобрувањето на еколошките стандарди, што ќе придонесе за развивање на јавната свест за зачувување на животната средина и природата и тоа што значи да се биде енергетски ефикасен во одвивање на процесите;
- Програмата предвидува и реализација на мерките и обврските за енергетска ефикасност кои Општината Карпош ги потпиша и се обврза за нивно спроведување во Конвенцијата на Градоначалници на Европски Градови и Општини. Заложбата на ЕУ (20,20,20) нé обврзува за намалување на потрошената енергија од 20%, односно намалување на емисијата на $CO_2$ за 20% во период до 2020 година.

## II. Проектни активности

### 1. Одделение за заштита на животната средина и природата

Одделението за заштита на животната средина и природата своето работење го темели на обврските и надлежностите кои ги има во следните подрачја:

1.1. Јавна чистота и хигиена,
1.2. Паркови, јавно зеленило и хортикултура,

1.3. Урбана опрема,
1.4. Имплементација на ЛЕАП-от,
1.5. Проекти, едукации, работилници, семинари.

| **1.1.** | **Јавна чистота и хигиена** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | За одржување на јавната чистота, иако не е нејзина законска обврска, односно е во надлежност на ЈП Комунална хигиена – Скопје, Општината Карпош издвојува значителни средства и енергија со цел одржување, но и подобрување и унапредување на состојбата со јавната хигиена. Карпош, како и до сега, и понатаму се стреми да биде најчистата општина во Скопје. Затоа и следната (2016-та) година Општината Карпош планира да ангажира 95 до 100 сезонски работници кои ќе бидат исплатени од општинскиот Буџет.<br>За непречено одвивање на **редовните активности на ангажираните работници**, Општината Карпош ќе издвои средства за:<br>- Финансиски надоместок за работниците (плати, придонеси, итн),<br>- Одржување на машините и приборот за работа и набавка на нови,<br>- Набавка на ХТЗ и друга опрема за работниците,<br>- Одржување и сервис на комуналните возила,<br>- Поставување и одржување на мобилните тоалетни кабини,<br>- Чистење на дивите депонии.<br>За извршувањето на овие активности Општината Карпош ќе издвои 30.800.000 денари.<br><br>За унапредување и осовременување на услугите од оваа област Општина Карпош планира во 2016 година да набави уште едно **комунално товарно возило за подигање на смет**, покрај веќе постоечкото, со што значително ќе ја подобри ефикасноста на терен, а во врска со одржувањето на јавната чистота и хигиена.<br>Планирани средства за оваа намена – 1.500.000 денари. |

| | |
|---|---|
| **Стратешки насоки и цели:** | Одржување, подобрување и унапредување на јавната хигиена во општината;<br>Зголемување на ефикасноста во областа на јавната чистота и хигиена |
| **Очекувани резултати:** | Почиста општина |
| **Целна група:** | Граѓаните на Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 32.300.000 денари |

| 1.2. | Паркови, јавно зеленило и хортикултура |
|---|---|
| **1.2.1.** | **Одржување на постојното јавно зеленило** |
| **Опис на активности:** | ***Одржување и реконструкција на јавни тревни површини***<br>Тука се мисли на постојните парковски површини, односно замена на оштетената или уништена трева со нова трева. По потреба и дотур на нова, квалитетна земја заради поголема ефикасност во садењето на новата трева.<br><br>***Одржување и реконструкција на цветни површини***<br>Оваа активност се однесува на одржување на цветните насади и замена на овенатите или уништени цвеќиња на локациите кои се со цветен насад, како на пример: Плоштадот Делфина во населба Влае 2, Кружниот тек помеѓу Варшавска и Париска, платото кај Педагошка академија, платото со фонтана во Карпош 3, платото кај Млечен ресторан, некои од дворовите на општинските основни училишта и др. Јавните површини кои се оплеменети со цвеќиња од страна на Општината Карпош се заменуваат со нов цветен расад два пати годишно, напролет и наесен.<br><br>***Одржување и реконструкција на жардиниери***<br>Во 2016 година, откако беше засадено цвеќе на целиот потег од мостот Обединети нации до Рузвелтова, наведените цветни и тревни површини треба да се одржуваат, косат, полеваат и надополнуваат со цвеќе. |

| | |
|---|---|
| | ***Одржување на системите за наводнување***<br>Вакви системи се веќе поставени на жардиниерите на булевар Партизански одреди, на зеленилото околу Плоштадот Делфина во Влае, на кружниот тек кај средното училиште Георги Димитров, на зелените површини кај платото со фонтаната во Карпош 3, кај платото "Млечен" и други. Овие системи за наводнување неопходно треба да се одржуваат и обновуваат. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Јавното зеленило за кое се грижи Општината Карпош да биде во добра состојба |
| **Очекувани резултати:** | Цветни жардиниери, средени тревни површини, полеани јавни зеленила |
| **Целна група:** | Граѓаните на Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 39.000.000 денари |
| 1.2.2. | **Изградба на нови парковски површини и јавно зеленило** |
| **Опис на активности:** | ***Изградба на нови паркови (зеленило, цвеќе, садници...)***<br>И оваа година Општината Карпош ќе продолжи да посветува внимание на урбаната естетика, па со изградбата и реконструкцијата на урбаните содржини, хортикултурното уредување на овие простори е едно од приоритетните зафати. Со изведбата на планираните неколку плоштади, платоа и слични урбани локации ќе биде потребно садење на нови дрвца, цвеќиња, украсни грмушки и тревни површини.<br><br>***Изградба на нови автоматски системи за наводнување***<br>Во текот на 2016 година планирано е со овие активности да се продолжи и на други локации, пред сé на горенаведените урбани локации. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Подобрување на урбано-естетскиот карактер на јавните површини преку нови хортикултурни решенија |
| **Очекувани резултати:** | Нови зелени и цветни површини |
| **Целна група:** | Граѓаните на Општина Карпош |

| | |
|---|---|
| **Предвидена финансиска рамка:** | 16.000.000 денари |

| | |
|---|---|
| **1.3.** | **Урбана опрема** |
| **1.3.1.** | **Одржување на урбаната опрема** |
| **Опис на активности:** | ***Одржување и санација на оштетени клупи за седење***<br>Дел од поставените клупи се оставени на заботот на времето, па така неопходна е интервенција и санирање на даските од клупите, како и на нивната конструкција (доколку е потребно).<br><br>***Санација и замена на оштетени корпи за смет***<br>Покрај што бројот на корпи за смет на јавните површини во Општина Карпош е недоволен, еден дел од истите се оштетени и/или вон функција. Санација (таму каде што е можно) и замена (онаму каде што не е можна поправка) на оштетените корпи се секако потребни.<br><br>***Одржување и санација на оштетени огради и други браварски работи***<br>Се работи за реконструкција на оградите, металните столбчиња и останати браварски работи и нивно тековно одржување.<br><br>***Одржување на фонтаните***<br>Новоизградените две фонтани кои се наоѓаат на плоштадот Делфина во Влае и на платото во Карпош 3, како и евентуално други фонтани кои би се изградиле во следниов период, треба редовно да се одржуваат и зачуваат во исправна состојба. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Исправна постоечка урбана опрема која ќе служи за релаксација на граѓаните |
| **Очекувани резултати:** | Одржувани и функционални клупи за седење, корпи за смет, огради, настрешници, летниковци, фонтани итн. |
| **Целна група:** | Граѓаните на Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 8.000.000 денари |

| 1.3.2. | **Поставување на нова урбана опрема** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Сите локации од јавен карактер со содржини кои се од естетско-урбан карактер, како плоштади, шеталишта, платоа, паркови и друго, бараат определен обем на нова урбана опрема, односно:<br><br>- Набавка и поставување на нови клупи за седење,<br>- Набавка и поставување на нови корпи за смет,<br>- Изградба и поставување на нови фонтани,<br>- Изградба и поставување на нови огради,<br>- Изградба и поставување на нови заштитни столбчиња,<br>- Изградба и поставување на нови летниковци,<br>- Изградба и поставување на нови настрешници и др. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Нова, стилска урбана опрема за релаксација на граѓаните |
| **Очекувани резултати:** | Нови функционални клупи за седење, корпи за смет, огради, настрешници, летниковци, фонтани итн. |
| **Целна група:** | Граѓаните на Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 22.500.000 денари |

| 1.4. | **Донесување на нов ЛЕАП и негова годишна имплементација** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | ***Изработка на нов ЛЕАП 2016 - 2021 и Реализација на проектите од планираниот ЛЕАП за 2016 година***<br>По претходна изработка на новиот ЛЕАП кој ќе биде со важност од 2016 до 2021 година, Комисијата за спроведување на активностите од ЛЕАП ќе изработи Акциски план за 2016 година, кои потоа ќе биде усвоен на седница на Советот на Општина Карпош. Во тој Акциски план ќе бидат определени приоритетните проекти предвидени за имплементирање во 2016 година. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Карпош – еколошки просперитетна општина; здрава животна средина за сите граѓани |
| **Очекувани резултати:** | Изработен нов стратешки документ ЛЕАП за |

| | |
|---|---|
| | периодот 2016 – 2021 година и имплементација на определен број на активности предвидени во ЛЕАП-от со што би се дал придонес за почиста и поздрава животна средина. |
| **Целна група:** | Граѓаните на Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 750.000 денари |

| **1.5.** | **Проекти, едукации, работилници, семинари** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | 1. “Природата во нашето соседство – водич за запознавање со растителниот и животински свет на нашиот праг” (четврт дел)<br>Предлагач и реализатор: Здружение „Натура Тера”<br>Буџет: 200.000 денари<br>2. “Сонцето е нашиот симбол” (втор дел)<br>Предлагач и реализатор: Младински центар „Идеа”<br>Буџет: 150.000 денари<br>3. “Еко брикети” (трет дел)<br>Предлагач и реализатор: Младински центар „Идеа”<br>Буџет: 150.000 денари<br>4. “Сите сакаме нашиот дом да биде чист” (втор дел)<br>Предлагач и реализатор: Здружение “Меди”<br>Буџет: 150.000 денари<br>5. “Граѓаните, општината и животната средина” (трет дел)<br>Предлагач и реализатор: Здружение “Меди”<br>Буџет: 150.000 денари<br>6. “Карпош има срце!” (втор дел)<br>Предлагач и реализатор: Здружение „Интеркултура”<br>Буџет: 100.000 денари<br>7. “Секој за сите – за климатските промени” (втор дел)<br>Предлагач и реализатор: Здруж. „Зелена планета 7”<br>Буџет: 150.000 денари<br>8. “Зачувај ја животната средина и заштеди”<br>Предлагач и реализатор: Здружение “Базилика”<br>Буџет: 150.000 денари<br>9. “Ја штедиме хартијата – ги чуваме дрвјата”<br>Предлагач и реализатор: Здружение”Интеркултура”<br>Буџет: 100.000 денари |

| | |
|---|---|
| | 10. “Ветеринарна заштита на бездомните животни”<br>Предлагач и реализатор: Здружение “Феникс петс”<br>Буџет: 200.000 денари<br>11. “Хигиената пред сé” (втор дел)<br>Предлагач и реализатор: Младински центар „Идеа”<br>Буџет: 100.000 денари<br>12. “Учење за безбедноста во сообраќајот низ игра и забава”<br>Предлагач и реализатор: Здружение за заштита на животната средина „ ЕКО ЛОГИК”<br>Буџет: 150.000 денари |
| **Стратешки насоки и цели:** | Поттикнување на еколошката свест и одговорност кај разни категории на граѓани на Општина Карпош |
| **Очекувани резултати:** | Поголема свесност кај граѓаните на Општина Карпош (особено младите и децата) за важноста и неопходноста од здрава и чиста животна околина, како и добивање на многу информации кои ќе им користат во понатамошниот период од животот. |
| **Целна група:** | Граѓаните на Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 1.750.000 денари |

**2. Одделение за енергетска ефикасност**

Одделението за енергетска ефикасност своето работење го темели на обврските и надлежностите кои ги има во следните подрачја:

2.1. Јавно осветлување,
2.2. Активности од обласста на енергетската ефикасност.

| **2.1.** | **Јавно осветлување** |
|---|---|
| **2.1.1.** | **Одржување на јавното осветлување** |
| **Опис на активности:** | ***Сметки за електрична енергија***<br>Висината на средствата кои ќе бидат потрошени за плаќање на сметки за електрична енергија се планира да биде на приближно исто ниво како и 2015 година, бидејќи се предвидува дека покачувањето на цената за електрична енергија делумно ќе се компензира со помалата потрошувачка на енергија поради замената на дел од осветлувањето со |

| | |
|---|---|
| | посовремени и штедливи светилки.<br><br>***Поправки, одржување и реконструкција на јавното осветлување***<br>Искуството од 2013, 2014 и 2015 година, односно поделбата на територијата на Општина Карпош на 3 реони и соодветно на тоа одржувањето со три економски оператори, се покажа како успешен модел, односно поуспешен од претходно кога само еден економски оператор беше ангажиран за одржување на јавното. Поради тоа, овој модел ќе се применува и во 2016 година.<br>Целосна реконструкција на старите системи за јавно осветлување подразбира промена не само на светилките, туку и на комплетната инсталација, како и заштита и бојадисување на столбовите или нивна замена доколку е потребна.<br><br>***Такси за електрични приклучоци***<br>Во текот на тековната година Општината Карпош повремено има потреба од набавка и поставување на нови електрични броила со цел да ја одвои, односно регулира, сопствената потрошувачка на електрична енергија од други субјекти. Финансиските трошоци за таа активност се предвидени од овој дел од Програмата. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Исправна инсталација за јавно осветлување на целата територија на Општината Карпош |
| **Очекувани резултати:** | Ефикасно јавно осветлување, односно осветлени сите јавни содржини и површини со минимална потрошувачка на електрична енергија. |
| **Целна група:** | Граѓаните на Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 57.000.000 денари |
| **2.1.2.** | **Изградба на нови системи на јавно осветлување** |
| **Опис на активности:** | ***Подготовка на проекти и мерење на заземјување***<br>Подготовката на проекти и мерењето на заземјување на новопоставеното јавно осветлување претставуваат законска обврска, која Општина Карпош ќе ја |

| | |
|---|---|
| | исполни и редовно ја исполнува.<br><br>***Ново јавно осветлување***<br>Поставувањето на ново осветлување се однесува на јавни површини каде досега воопшто не постоело осветлување. Такви локации за работа (паркинзи, пристапи, патеки и други јавни површини) во текот на 2016 година ќе има со оглед на градежните активности во повеќе делови на општината, а тука влегуваат и најавените плоштади, платоа, шеталишта и слично..<br><br>***Реконструкција на спортските објекти во Општина Карпош со штедливи лед рефлекторски системи***<br>Со овој проект се опфатени 12 спортски терени во основните училишта и 8 терени во урбаните и месните заедници, односно 98 столбови со 244 рефлектори од 400W. Со замената се предвидува поставување на лед рефлектори од 140W со ист светлосен флукс, со што ќе се обезбеди заштеда од 70%, со подобра осветленост на просторот и автоматизација на системот за вклучување и исклучување. |
| Категорија | Ставка | Основна ставка | Потставка | Видови расходи | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **40.700.000,00** |
| **48** | **Капитални расходи** | | | | **40.700.000,00** |
| | 482 | Други градежни објекти | | | 40.700.000,00 |
| | | 4829 | | Други градежни објекти | 40.700.000,00 |
| | | | 482910 | Подготовка на проекти вклучувајќи дизајн на други објекти | 2.200.000,00 |
| | | | 482920 | Изградба на јавно осветлување, улично, патеки, паркинзи и на јавни површини | 33.000.000,00 |
| | | | | - Осветлување на дворни места на ОУ и детски градинки<br>- Осветлување на детски и спортски игралишта | 5.000.000,00 |
| | | | 482940 | Надзор над изградбата | 500.000,00 |

## 10.ЈДО- ИЗГРДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И СЕРВИСНИ И СТАНБЕНИ УЛИЦИ

РАСХОДИ:

| Категорија | Ставка | Основна ставка | Потставка | Видови расходи | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **248.119.000,00** |
| **48** | | | | **Капитални расходи** | **240.119.000,00** |
| | 482 | | | Други градежни објекти | 240.119.000,00 |
| | | 4829 | | Други градежни објекти | 237.619.000,00 |
| | | | 482120 | Изградба на улици, патишта и автопати (Агенција за државни патишта) | 2.619.000,00 |
| | | | 482130 | Реконструкција на улици, патишта и автопати | 235.000.000,00 |
| | | | 482940 | Надзор над изградбата | 2.500.000,00 |
| 46 | | **Субвенции и трансфери** | | | **8.000.000,00** |
| | 464 | | Разни трансфери | | 8.000.000,00 |
| | | 4649 | | Други разни трансфери | 8.000.000,00 |
| | | | 464910 | Плаќање по суд.решенија | 8.000.000,00 |

## 10. 1. ЈДА - ИЗГРАДБА НА МАГИСТРАЛЕН ПАТ ВО С. БАРДОВЦИ

РАСХОДИ:

| Категорија | Ставка | Основна ставка | Потставка | ВИдови расходи | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **4.000.000,00** |
| **48** | | | | **Капитални расходи** | 4.000.000,00 |
| | 482 | | | Други градежни објекти | 4.000.000,00 |
| | | 4829 | | Други градежни објекти | 4.000.000,00 |
| | | | 482130 | Реконструкција на улици | 4.000.000,00 |

## 11. ЈЕО- ИЗГРАДБА НА ПАРКИРАЛИШТА

### РАСХОДИ

| Категорија | Ставка | Основна ставка | Потставка | Видови расходи | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **39.000.000,00** |
| 48 | **Капитални расходи** | | | | **39.000.000,00** |
| | 482 | | Други градежни објекти | | 39.000.000,00 |
| | | 4829 | | Изградба на други објекти | 39.000.000,00 |
| | | | 482920 | Изградба на други објекти Изградба на паркиралишта, плоштади и платоа во Општина Карпош | 37.000.000,00 |
| | | | 482940 | Надзор над изградбата | 2.000.000,00 |

## 12. ЈИО- ИЗГРАДБА НА СИСТЕМ ЗА ОДВОДНУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ

РАСХОДИ:

| Категорија | Ставка | Основна ставка | Потставка | Видови расходи | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | ВКУПНО РАСХОДИ | 6.200.000,00 |
| 48 | Капитални расходи | | | | 6.200.000,00 |
| | 482 | | Други градежни објекти | | 6.200.000,00 |
| | | 4829 | | Други градежни објекти | 6.200.000,00 |
| | | | 482930 | Реконструкција на други објекти<br>- Покривање на одводни и одпадни канали | 6.200.000,00 |

## 13. ЈМО- ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПАРКОВСКИ ПОВРШИНИ И ЗЕЛЕНИЛО

РАСХОДИ:

| Категорија | Ставка | Основна ставка | Потставка | Видови расходи | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | ВКУПНО РАСХОДИ | 16.000.000,00 |
| 48 | Капитални расходи | | | | 16.000.000,00 |
| | 482 | | Други градежни објекти | | 16.000.000,00 |
| | | 4829 | | Други градежни објекти | 16.000.000,00 |
| | | | 482920 | Изградба на други објекти<br>Паркови и жардињери | 16.000.000,00 |

14. ЈНО- УРБАНА ОПРЕМА (КАПИТАЛЕН РАСХОД)

РАСХОДИ:

| Категорија | Ставка | Основна ставка | Потставка | Видови расходи | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **22.500.000,00** |
| 48 | **Капитални расходи** | | | | **22.500.000,00** |
| | 482 | | Други градежни објекти | | 22.500.000,00 |
| | | 4829 | | Други градежни објекти | 22.500.000,00 |
| | | | 482920 | Изградба на други објекти<br>- Клупи<br>- Часовници<br>- Корпи за отпадоци<br>- Фонтани | 22.500.000,00 |

15. ЛАО-СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА

РАСХОДИ:

| Катего рија | Ставка | Основна ставка | Потставка | Видови расходи | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | ВКУПНО РАСХОДИ | 7.000.000,00 |
| 42 | **Стоки и услуги** | | | | 2.000.000,00 |
| | 424 | | Поправки и тековно одржување | | 2.000.000,00 |
| | | 4243 | | Поправки и одржување на други градби | 2.000.000,00 |
| | | | 424390 | Одржување на други градби - На цела територија на Општина Карпош | 2.000.000,00 |
| 48 | | | **Капитални расходи** | | **5.000.000,00** |
| | 482 | | Други градежни објекти | | 5.000.000,00 |
| | | 4829 | | Поправки и одржување на други градби | 5.000.000,00 |
| | | | 482920 | Одржување на други градби | 5.000.000,00 |
| | | | | Изградба на други објекти - Изградба на спортски И детски игралишта | |

16. НАО- ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ( КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)

РАСХОДИ:

| Категорија | Ставка | Основна ставка | Потставка | Видови расходи | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | ВКУПНО РАСХОДИ | 80.000.000,00 |
| 48 | Капитални расходи | | | | 80.000.000,00 |
| | 480 | | Купување на опрема и машини | | 18.000.000,00 |
| | | 4801 | Купување на опрема и машини | | 18.000.000,00 |
| | | 480160 | Купување на опрема за греење и климатизација | | 18.000.000,00 |
| | 482 | | **Други градежни објекти** | | **62.000.000,00** |
| | | 4829 | | Други градежни објекти | 62.000.000,00 |
| | | | 482910 | Подготвување проекти вклучувајки дизајн на други објект | 1.000.000,00 |
| | | | 482930 | Реконструкција на други објекти | 60.000.000,00 |
| | | | 482940 | Надзор над изградбата | 1.000.000,00 |

17. П10- ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА

РАСХОДИ:

| Категорија | Ставка | Основна ставка | Потставка | Видови расходи | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | ВКУПНО РАСХОДИ | 2.500.000,00 |
| 46 | Субвенции и трансфери | | | | 2500.000,00 |
| | 464 | | Разни трансфери | | 2.500.000,00 |
| | | 4649 | | Разни трансфери | 2.500.000,00 |
| | | | 464990 | Други трансфери | 2.500.000,00 |

Реализацијата на програмата ќе зависи од остварените приходи, кои ќе се остварат од надоместокот за уредување на градежно земјиште, капитални дотации и надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти.
По потреба, во текот на реализација на Програмата, може да се врши прераспоредување на средствата на работите од една во друга позиција, за што ќе одлучува Советот на Општина Карпош.

## V. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

1. Трошоците за уредување на градежното земјиште опфаќаат: трошоци за изградба на инфраструктурни објекти за заедничка комунална потрошувачка; трошоци за изградба на инфраструктурни објекти за индивидуална комунална потрошувачка и трошоци за подготвување и расчистување.

а) Трошоците за изградба на инфраструктурни објекти за заедничка комунална потрошувачка опфаќаат: трошоци за расчистување на градежното земјиште, за проектирање и изградба на објекти од секундарната комунална инфраструктура за заедничка потрошувачка (основни комуналии и пречистителна станица) и се во зависност од погодноста-бонитетот на локалитетот (комплекс), каде се гради или е изграден станбен, деловен или друг простор.

б) Трошоците за изградба на инфраструктурни објекти за индивидуална комунална потрошувачка опфаќаат: трошоци за расчистување на градежното земјиште, за проектирање и изградба на објекти од секундарната комунална инфраструктура за индивидуална потрошувачка.

в) Трошоците за подготвување и расчистување: трошоци за тековно расчистување и трошоци за опремување на градежно земјиште и за преместување на постојни објекти од комунална инфраструктура.

в.1) Трошоците за тековно расчистување на конкретната градежна парцела што паѓаат на товар на општината ги опфаќаат надоместоците за потполна експропријација и за службеност што се определуваат согласно Законот за експропријација (Службен весник на РМ бр. 95/12, 131/12, 24/13, 27/14,104/15 и 192/15) и Законот за процена (Службен весник на РМ бр. 115/10, 158/11, 185/11 ,64/12, 188/14, 104/15, 153/15 и 192/15 ).

в.2) Трошоците за опремување на градежно земјиште, надвор од градежната парцела, се пресметуваат со претпоставени количини и тековни цени, според приложениот проект за изградба на објекти од комунална инфраструктура.

в.3)Трошоците за преместување на постојни објекти од комунална инфраструктура, ги сноси инвеститорот.

Изградените објекти од секундарната комуналната инфраструктура во случај кога е невозможно нивно преместување, а кои остануваат во границите на градежната парцела на инвеститорот или под објектите што се градат, мора да бидат заштитени. Инвеститорот е должен, пред отпочнување со изградба на објектот во својата градежна парцела, да побара писмена согласност од Општина Карпош за заштита на тие објекти. Трошоците за заштита на објектите ги сноси инвеститорот.

2. Инвеститорот е должен да обезбеди и достави хидротехнички услови за приклучување на објектот на соодветната мрежа за индивидуална потрошувачка.

Средствата потребни за обезбедување на приклучоци на водоводна и фекална канализациона мрежа до изведена шахта се остваруваат од надоместок за приклучување што го утврдува давателот на услугата Ј.П.„Водовод и канализација” – Скопје, согласно член 7 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води (Службен весник на РМ бр.68/04, 28/06, 103/08, 17/11, 54/11, 163/13 10/15 и 147/15).

Ј.П. „Водовод и канализација” - Скопје заедно со хидротехничките услови доставува и вкупен износ на реалните трошоци на целосната изведба на мрежите согласно законската регулатива.

За дополнително добиена согласност за приклучување на мрежи од индивидуална потрошувачка надоместокот ќе се регулира со анекс-договор, и ќе се пресметува по цени кои важат во моментот на склучувањето на анекс-договорот.

При склучен договор за уредување на градежното земјиште, доколку комуналното претпријатие, односно акционерското друштво изврши измена во техничкото решение за веќе дадена согласност за изградба на комунална инфраструктура, истото заедно со инвеститорот се должни да ги сносат трошоците за проектирање и изградба на истата. Претходно направените трошоци, комуналното претпријатие односно акционерското друштво и инвеститорот, се должни да му ги надоместат на Општина Карпош.

## VI. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ И НЕГОВАТА РАСПРЕДЕЛБА

**Надоместок**

За уредување на градежно земјиште се плаќа надоместок за уредување на градежното земјиште (во понатамошен текст: надоместок).

Висината на надоместокот се регулира со договор за уредување на градежното земјиште што инвеститорот го склучува со Општина Карпош за инфраструктура од значење за општината утврдена со ДУП.

Договорот склучува во електронска и писмена форма.

Висината на надоместокот се определува според основица со состојба на ден 01.01.2016 год. изразена во денари/м$^2$ нето изградена површина и истата изнесува 25.490,оо денари/м$^2$.

Основицата од претходниот став месечно се усогласува со промената на индексот на цени на мало, објавен од Државниот завод за статистика. За месеците за кои не е објавен индексот на цени на мало, ќе се применува последниот објавен индекс.

Надоместокот може да се плаќа на 12 (дванаесет) месечни рати, доколку износот е над 100.000,оо денари за физички лица и над 1.000.000,оо денари за правни лица. Првата рата во висина од 30% до 50% од износот на надоместокот се плаќа веднаш, а за остатокот до 11 (единаесет) еднакви месечни рати, инвеститорот е должен кај надлежниот општински орган за финансии да достави банкарска гаранција.

Висината на надоместокот се пресметува во единствен износ за Градот Скопје и општината и истата претставува збир на висината на трошоците од точките 1, 2 и 3 од оваа глава и тоа:

1. **Трошоци за заедничка комунална потрошувачка**

Висината на трошоците за изградба на инфраструктурни објекти за заедничка комунална потрошувачка се утврдува како процентуален дел од основицата и е дадена во следниот табеларен преглед:

| КОМПЛЕКСИ | | Основни **комуналии** + **пречистителна станица** (1%) | **Погодност - бонитет на локалитетот (комплекс)** | |
|---|---|---|---|---|
| | | | **станбен простор** | **деловен или друг простор** |
| 1 | | 2 | 3 | 4 |
| 1. | ДЕЛ -1 | 22% | 4% | 10% |
| 2. | ДЕЛ -2 | 20% | 2% | 8% |
| 3. | ДЕЛ -3 | 18% | 1,5% | 4% |
| 4. | ДЕЛ -4 | 16% | 1% | 2% |

2. Трошоци за индивидуална комунална потрошувачка

а) Висината на трошоците за изградба на инфраструктурни објекти за индивидуална комунална потрошувачка се утврдува како процентуален дел од утврдената основица и тоа за:

- Водоводна мрежа----------------------------------------1,50%
- Фекална канализациона мрежа---------------------- 1,50%

Доколку во основниот договор е пресметан и надоместок за топлификациона мрежа, при склучување анекс-договор за разликата на површина на објектот, овој надоместок ќе се пресмета во висина од 3,20 % од утврдената основица, на денот на склучување на истиот

Доколку во основниот договор е пресметан и надоместок за ниско-напонска електрична мрежа, при склучување анекс-договор за разликата на површина на објектот, овој надоместок ќе се пресмета во висина од 2,30 % од утврдената основица, на денот на склучување на истиот.

3. **Трошоци за поранешно расчистување**

Во висината на надоместокот се пресметуваат и трошоците што инвеститорот (сопственикот) е должен да ги надомести за поранешно расчистување на градежната парцела пресметани во реален износ и по тековни цени.

Трошоците за поранешно расчистување на конкретна градежна парцела, исплатени од општината опфаќаат:

- надомест за одземено земјиште и за експроприрана недвижност, што е исплатен;
- трошоци за селидба, уривање на експроприраните, како и евентуални трошоци за расчистување и санација на теренот на конкретната градежна парцела;
- дополнително утврдените трошоци направени во претходниот период за расчистување на конкретна градежна парцела кои не се опфатени со основниот договор и не се регулирани со анекс-договор.

Во трошоци за расчистување на градежна парцела не се пресметува вредноста на општествените станови, направените трошоци за тековното одржување и доведување во исправна состојба на становите, односно деловниот простор, дадени за раселување на поранешните сопственици или станари.

**Дополнителни одредби за определување на висината на надоместокот**

За расчистувањето на градежни парцели за изградба на објекти од основна и секундарна комунална инфраструктура за заедничка и индивидуалната комунална потрошувачка, за проектирање и изградба на тие објектите и за уредувањето на заедничкиот градски простор, се наплатува надоместок на ниво на Град Скопје и општините во градот Скопје, врз основица изразена во денари/$м^2$ нето изградена површина, и согласно Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост ("Службен весник на РМ" бр. 93/11, 65/12, 75/12, 98/12, 133/13 и 155/13,96/14,107/14 и 115/14), Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање ("Службен весник на РМ" бр. 60/12 и 29/15 );

За секој вид на простор што не е опфатен со одредбите на Правилниците од претходната алинеа, надоместокот ќе се пресметува по аналогија како за просторот опфатен со Правилниците;

Ако потпокривниот простор се изведува во повеќе нивоа, надоместокот со коефициент 0,2 се применува само за последното ниво сметано оддолу нагоре;

При пренамена од станбен во деловен простор еднократно се доплаќа разлика до висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште за деловен простор. Разликата се утврдува според табелата за погодност-бонитет на локалитетот (комплексот).

За пренамена од деловен во станбен простор не се враќа разликата во платениот надоместок.

Доколку инвеститорот нема одобрение за градење, а изградил објект и има доказ за платен надоместок (договор и проект со урбанистичка согласност) површината се признава. Доколку објектот не е отпочнат со градба или не е изграден, а на одобрението за градење е измината важноста, површината не се признава.

Доколку на една градежна парцела покрај предвидениот објект со ДУП веќе постојат објекти, кои со ДУП се негираат, инвеститорот е должен да ги урне, во рок од две години од денот на издавањето на одобрението за градење на објектот планиран со ДУП.

Инвеститорот е должен да достави до Градот Скопје одобрение за градење во рок од 60 (шеесет) дена од денот на склучувањето на договорот за регулирање на надоместокот. Доколку инвеститорот не прибави одобрение за градење во претходно наведениот рок, договорот престанува да важи (во делот за начинот на пресметување на површината). Платениот износ на надоместокот, на барање на инвеститорот може да му се врати како паричен износ во номинална вредност, или да му се пресмета на ист начин, при повторно барање за пресметување на надоместокот.

За локалитет за кој не е донесен ДУП, а влегува во границите на градежниот реон одреден со ГУП, се наплатува надоместок согласно намената според ГУП, по добиена согласност од општината за техничката документација (урбанистички проект) и намената планирана со ГУП.

Ако инвеститорот изгради поголема површина од договорената, должен е за разликата во површина која е во согласност со постојниот ДУП, да склучи договор.

Кога градежното земјиште делумно се уредува или воопшто не се уредува, инвеститорот на земјиштето плаќа надоместок до висината на трошоците за делумно уредување на земјиштето-делумен надоместок или воопшто не плаќа надоместок од индивидуална комунална потрошувачка. Во овие случаи, задолжително се плаќа надоместокот за уредување на градежно земјиште што се однесува на заедничка комунална потрошувачка

Површината на објектот што е урнат или ќе се урива, се намалува од пресметаната развиена површина на објектот што се гради, по истите норми по кои е пресметана површината при склучувањето на договорот за регулирање на надоместокот, за новоизградениот објект.

За расчистување на објектот што е урнат или се урива, се пресметуваат трошоците за опремување со објекти од заедничка и индивидуалната комунална потрошувачка што ја користел објектот-предмет на уривање.

За расчистување на објекти кои се урнати или се уриваат, а се наоѓаат делумно на градежна парцела за градба на објекти од јавен интерес (улици, тротоари и сл.), а делумно на градежна парцела на сопственикот, сопственикот го сноси само делот од трошоците за објекти што се лоцирани на неговата градежната парцела.

## VII. НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ИЗГРАДБА НА ИНФРАСТРУКТУРА

Изградбата на инфраструктурата се финансира од средства што се остваруваат преку:

- приходите од надоместок за уредување на градежно земјиште (кои се распределуваат во соодност 60% за Градот Скопје и 40% за општините во градот Скопје),
- капитални дотации,
- надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изгредени објекти,
- средства на јавни претпријатија и овластени субјекти,
- самопридонеси согласно закон,

- други средства,

кои се уплатуваат на сметка на Општина Карпош за уредување на градежното земјиште и се употребуваат само за таа намена.

Трошоците за уредувањето на градежното земјиште ги плаќа 100% Градот Скопје за основната инфраструктура (магистрални и собирни улици и други основни инфраструктурни објекти) и 100% општината за секундарната инфраструктура (станбени и сервисни улици и други секундарни инфраструктурни објекти), со едно приклучно место за секој објект од инфраструктура за една градежна парцела.

- Кога градежното земјиште е уредено со изградена секундарна инфраструктурна мрежа, а за локалитетот каде се наоѓа градежната парцела нема донесено ДУП или земјиштето не е уредено, а има донесено ДУП и не е целосно изградена инфраструктурата, доколку инвеститорот инсистира сам да ја гради инфраструктурната мрежа, согласно оверена техничка документација за градење на инфраструктурните објекти со свои средства, должен е на Градот и општината да им ги надомести порано направените трошоци во висина од 33% од надоместокот одреден во глава ВИ, точка 1, 2 и 3; да овозможи приклучувања на инфраструктурните мрежи на идните инвеститори на земјиштето; да биде технички примена од соодветното комунално претпријатие или овластени субјекти и да ја предаде на Градот Скопје или општината без надомест.
- Трошоците за опремување и изградба на објекти од комунална инфраструктура надвор од градежната парцела и трошоците за преместување на објекти од комунална инфраструктура за заедничка и индивидуална комунална потрошувачка, што инвеститорот ги извел или изведува самоиницијативно без учество на Градот и општината, а пред склучување договори за регулирање на надоместокот и договор за изведување на објекти од комунална инфраструктура од страна на локалната самоуправа, не се признаваат, освен за локалитети каде биле бесправно изградени објекти, а со донесување на нови детални урбанистички планови, истите се вклопуваат.
- За овие локалитети, мора да има исправна техничка документација за изградени објекти од инфраструктура, заверена од надлежен орган и изградените инфраструктурни мрежи да се примени од јавните комунални претпријатија и други овластените субјекти. При тоа се признаваат само трошоците-делот од надоместокот за изградената инфраструктурна мрежа од индивидуална комунална потрошувачка.
- Оваа изградена инфраструктурна мрежа се предава на Градот и општината, со што се овозможува приклучување на нови инвеститори кои надоместокот го плаќаат на Градот и општината.
- Во изградба на инфраструктурни објекти и мрежи, каде наплатениот надоместок е недоволен за локалитети каде не е изградена инфраструктурната мрежа, Градот и општината договорно ќе го решат конечното затворање на финансиската.
- Градот и општината со акт ги отстапуваат објектите од комуналната инфраструктура на субјектите кои стопанисуваат со нив, со понатамошна обврска да ги стопанисуваат и одржуваат.
- За приклучување на новоизградена инфраструктура, мора во целост да се плати надоместокот за индивидуална потрошувачка, доколку

сопственикот/инвеститорот на објектот не го регулирал овој надоместок со претходни договори..

- Трошоците за приклучување на водоводна, фекална и атмосферска канализациона мрежа се регулираат договорно помеѓу Ј.П."Водовод и канализација" и инвеститорот, за делот од приклучувањето од приклучната шахта во градежната парцела на инвеститорот до приклучното место на уличните инфраструктурни мрежа наведени во хидротехничките услови издадени од Ј.П."Водовод и канализација". Инвеститорот може да избере изведувач на работите, но со задолжителен надзор на извршување на работите и примање од страна на Ј.П."Водовод и канализација", како и по претходно добиено одобрение за прекопување на јавна површина.
- Инвеститорот е должен пред барањето, за испорака на вода, електрична енергија и топловодно греење, да овозможи Комисија од Градот и општината да ја утврди дефинитивно изградената површина. За дефинитивно утврдената површина правата и обврските се уредуваат со анекс-договор.

## VIII. СРЕДСТВА НАМЕНЕТИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ГРАДЕЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ

Градот целосно финансира изработка на документација за градење на инфраструктурни објекти од значење за Градот, утврдена со Генералниот урбанистички план на Град Скопје и Одлуката за магистрални и собирни улици (согласно член 10 од Законот за Град Скопје "Службен весник на РМ бр. 55/04 и 158/11"), а изработката на другите проекти за изградба на инфраструктурни објекти од значење за општината (согласно член 15 од Законот за Град Скопје "Службен весник на РМ бр. 55/04 и 158/11"), согласно договорите за регулирање на надоместокот склучени со инвеститорите.

## IX. ГРАНИЦИ НА КОМПЛЕКСИТЕ ЗА НАПЛАТА НА НАДОМЕСТОКОТ

Надоместокот се наплатува по комплекси на градежното земјиште зависно од подобностите што одреденото земјиште му ги дава на инвеститорот, местоположбата на земјиштето во населбата и градот, сообраќајната поврзаност со центарот на градот и опременоста на градежното земјиште со комунални објекти за заедничка и индивидуална комунална потрошувачка.

Комплексите се утврдени со следните граници:

КОМПЛЕКС-1

ДЕЛ-1 (Општина Карпош)

Подрачјето за овој комплекс се состои од следните градски четврти: З 01, З 02, З 03, З 04, З 05, З 06, З 07, З 08, З 09, ЦС 15, Ј 01, Ј 02, Ј 03 и Ј 04, каде завршува описот на комплекс-1 за Општина Карпош.

КОМПЛЕКС-2

ДЕЛ-2- (Општина Карпош)

Подрачјето за овој комплекс се состои од следните градски четврти: СЗ 17, СЗ 19, СЗ 26, ССЗ 01, ССЗ 02 и дел ССИ 03 (по административните граници со Општина Бутел и Општина Чаир), каде завршува описот на комплекс-2 за Општина Карпош.

Границите на комплексите одат по дефинираните градски четврти како и административните граници на општините во ГУП со кои се одредува комплексот.

## X. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамиката на извршувањето на Програмата ќе зависи од создадените правни претпоставки и технички услови, како и од приливот на средствата наменети за финансирање на оваа програма.

## XI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

1. За спроведувањето на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на Општина Карпош.

2. Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во"Службен гласник на Општина Карпош", а ќе се применува од 01.01.2016 година.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

**Број: 08-8826/14**
**Датум: 03.12.2015 година**
**Скопје**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програмата за изградба, редовно и инвестиционо одржување и зимско одржување на сервисни, станбени улици и локални патишта на подрачјето на Општина Карпош за 2016 година**

1. Се објавува Програмата за изградба, редовно и инвестиционо одржување и зимско одржување на сервисни, станбени улици и локални патишта на подрачјето на Општина Карпош за 2016 година, донесена на четириесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 03 декември 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-9234/13**
**Датум: 04.12.2015 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р**

Врз основа на член 22, став 1, точка 4 и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), член 5, член 6, став 1 и член 55, став 1, точка 5 од Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија“бр.84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15 и 150/15), Советот на Општина Карпош, на четириесет и втората седница, одржана на 03 декември 2015 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за изградба, редовно и инвестиционо одржување и зимско оддржување на сервисни, станбени улици и локални патишта на подрачјето на Општината Карпош за 2016 година**

**Член 1**

Со оваа програма се планираат работи и утврдуваат финансиски средства за изградба, редовно и инвестиционо оддржување и зимско оддржување на сервисните, станбените улици и локалните патишта на подрачјето на Општината Карпош, одобрени од Агенцијата за државните патишта на Република Македонија на Општина Карпош за 2016 година, нивната распределба во проценти и износи во денари, како и предвидените активности за реализација на истата.

**Член 2**

Одобрените финансиски средства од Агенцијата за државните патишта на Република Македонија во вкупен износ од 5.238.000,00 денари, Општина Карпош ќе ги распореди на следниот начин:

А.За изградба на сервисни, станбени улици и локални патишта се предвидуваат средства во висина од 50% од вкупно одобрените средства, кои изнесуваат 2.619.000,00 денари

Б.За редовно и инвестиционо оддржување на сервисни, станбени улици и локални патишта се предвидуваат средства во висина од 30% од вкупноодобрените средства кои изнесуваат 1.571.000,00 денари,

В.За зимско оддржување се предвидуваат средства од висина од 20% од вкупно одобрените средства кои изнесуваат 1.048.000,00 денари.

**Член 3**

Со оваа програма се предвидува извршување на следните активности

-Изградба на нови улици и локални патишта;

-Реконструкција на постоечките улици и локалните патишта, зајакнување, обновување и осовременување на коловозната конструкција;

-Одржување на улиците и локалните патишта во зимски услови и

- Надзор на извршените работи.

**Член 4**

Активностите за изградба, редовно и инвестиционо одржување и зимско одржување на сервисните, станбените улици и локалните патишта на подрачјето на Општина Карпош ќе бидат утврдени од страна на Секторот за уредување на градежно земјиште и комунални работи на Општината Карпош.

**Член 5**

Динамиката на извршување на предвидените работи ќе се реализира во зависност од приливот на средствата од Агенцијата за државни патишта на Република Македонија, наведени во член 2 од оваа програма.

**Член 6**

Градоначалникот на Општина Карпош ќе обезбеди извршување на оваа програма.

**Член 7**

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Карпош”, а ќе се применува од 1 јануари 2016 година.

**Број: 08-8826/15**
**Датум: 03.12.2015 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на културата за 2016 година**

1. Се објавува Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на културата 2016 година, донесена на четириесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 03 декември 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-9234/14**
**Датум: 04.12.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р**

Врз основа на член 22, став 1, точка 5 и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на четириесет и втората седница, одржана на 03 декември 2015 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за активностите на Општина Карпош од областа на културата за 2016 година**

## I. Развојни приоритети и цели

1. Доближување на културата до сите граѓани
2. Потикнување на современото општество и нејзино доближување до светските трендови
3. Заштита, чување и креирање на културното наследство
4. Враќање на дигнитетот на творецот и творештвото
5. Воведување на најмладите во креативните процеси
6. Создавање услови за развој на културниот туризам како фактор за економскиот и социјалниот развој

## II. Проектни активности

| | **1. Културно лето Карпош 2016** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Културно и забавно анимирање на граѓаноте од Општина Карпош во текот на летните месеци |
| **Стратешки насоки и цели:** | Програмата на културно лето треба да го изрази културниот и уметничкиот потенцијал на општината |
| **Очекувани резултати:** | Во програмата ќе бидат застапени познати музичари и уметници од Македонија и пошироко |
| **Целна група:** | Сите културни уметнички групи |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 1.500.000,00 денари |
| **Организатор** | Општина Карпош |
| **Трошоци** | Целокупна организација на настанот:Надомест за учесниците,техничка организација, реклама |

| | **2.Седми меѓународен акварелен симпозиум** |
|---|---|

| | |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Традиционален десетдневен собир на сликари - акварелисти во кое покрај творечките активности на авторите, се одвива и размена на искуства на авторите од различни делови на светот помеѓу себе, интерактивен однос со граѓаните на општината преку активно следење на творењето и изложбените активности на изработените дела |
| **Стратешки насоки и цели:** | Промоција на Општина Карпош, во Македонија и светот, како центар на акварелот и културата, запознавање на јавноста и промоција на акварелната уметност. Потикнување на современото творештво |
| **Очекувани резултати:** | Зголемување на соработката меѓу уметниците од Македонија и странство |
| **Целна група:** | Уметници од Македонија и странство |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 400.000,00 денари |
| **Организатор** | Арт Тајм |
| **Трошоци** | Сместување на уметниците, храна,материјал за сликање, транспортни трошоци, вонпансионски трошоци, организација на изложба |

| | **3.Креативна работилница за учениците од Општина Карпош** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Едукативно креативна работилница со деца од основните училишта на Општина Карпош |
| **Стратешки насоки и цели:** | Запознавање на учениците со графичките техники, фотографијата како уметнички израз и мозаик |
| **Очекувани резултати:** | Со овој проект би се развиле тактилно креативните можности и таленти кај децата |
| **Целна група:** | Учениците од основните училишта во Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 100.000, 00 денари |
| **Организатор** | Ботичели |
| **Трошоци** | Материјали и трошоци за креативната работилница |

| | **4. Поддршка на програматана МКУД „Цветан Димов”** |
|---|---|

| | |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Детски фолклорен фестивал „Од цвет на цвет со оро и песна” |
| **Стратешки насоки и цели:** | Традиционално оджување на меѓународниот детски фолклорен фестивал |
| **Очекувани резултати:** | Негување на активностите на националните верски и културни традиции |
| **Целна група:** | Детски фолкорни ансамбли од Скопје |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 100.000,00денари |
| **Организатор** | Општина Карпош |

| | |
|---|---|
| | **5.Поддршка на активностите на Српскиот Културен Центар во Скопје** |
| **Опис на активности:** | Негување на националните,верските и културните традиции на припадниците на српската националност во Р.М. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Одбележување на националниот ден на српската заедница |
| **Очекувани резултати:** | Зачувување на традицијата на српските малцинства |
| **Целна група:** | Српкиот народ во Македонија |
| **Предвидена финансискарамка:** | 50.000,00денари |
| **Организатор** | Српски Културен Центар - Скопје |
| **Трошоци** | Организациони трошоци |

| | |
|---|---|
| | **6. Поддршка на програмата КУД „ЕТНОС”** |
| **Опис на активности:** | Развивање и негување на фолклорните традиции кај децата |
| **Стратешки насокии цели:** | Запознавање на малите деца со фолклорните традициии, обичаи, ората и песните |
| **Очекувани резултати:** | Да им станат блиски песните од нашиотнарод како и запознавање на традициите на другите народи |
| **Целна група:** | Малите деца |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 60.000,00денари |
| **Организатор** | Општина Карпош |
| **Трошоци** | Организациони трошоци |

| | 7.Подршка на проекти од областа на литературата |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Поддршка на пет проекти од областа на литературата по 30.000,00 денари. Апликациите на заинтересираните се доставуваат до комисијата за култура на Советот на Општина Карпош, која одлучува за подршката на конкретни проекти |
| **Стратешки насокии цели:** | Ширење на културата преку литературни проекти |
| **Очекувани резултати:** | Да се зголеми интересот за литературата, пишаниот збор и издавачка дејност |
| **Целна група:** | Писатели и поети |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 150.000,00денари |
| **Организатор** | Општина Карпош |
| **Трошоци** | Издавање на книги |

| | 8. Подршка на музички проекти |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Подршка на пет проекти од музички куќи, продуценти или поединци по 30.000,00 денари. Апликациите на заинтересираните се доставуваат до комисијата за култура на Советот на Општина Карпош, која одлучува за подршката на конкретни проекти |
| **Стратешки насокии цели:** | Давање помош на музичката уметност |
| **Очекувани резултати:** | Поголема заинтересираност и поквалитетен настап на музичарите |
| **Целна група:** | Музичари |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 150.000,00 |
| **Организатор** | Општина Карпош |
| **Трошоци** | Издавање на ЦД и друг материјал |

| | 9.Подршка на ликовни изложби и ликовни перформанси |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Подршка на пет проекти од областа на ликовната дејност по 30.000,00 денари. Апликациите на заинтересираните се доставуваат до комисијата за |

| | |
|---|---|
| | култура на Советот на Општина Карпош, која одлучува за подршката на конкретни проекти |
| **Стратешки насоки цели:** | Стимулирање на ликовната дејност |
| **Очекувани резултати:** | Ликовните творци да го афирмираат своето уметничко дело |
| **Целна група:** | Уметници од сите ликовни области |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 150.000,00 |
| **Организатор** | Општина Карпош |
| **Трошоци** | Сликарски материјали, врамување |

| | **10. Седми ликовен хепенинг** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Традиционално дружење на познати македонски уметници со граѓаните на Општина Карпош и сликање на платно на отворено на одреден простор на општината (Т.Ц. Карпош 3 - Лептокарија) |
| **Стратешки насоки цели:** | Доближување на уметноста и културата до граѓаните, ширење на позитивен дух, анимирање и промовирање на уметноста |
| **Очекувани резултати:** | Популаризација на ликовната дејност, доближување на граѓаните до неа, демистификација на процесот на создавање и зголемување на ликобната колекција во сопственост на Општина Карпош |
| **Целна група:** | Граѓани на Општина Карпош и македонски ликовни сликари |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 150.000,00 |
| **Организатор** | Арт Тајм |
| **Трошоци** | Материјал за работа (Платно, бои, четки, шпакли, терпентин и друго) изложба, транспорт, храна и пијалок и друго |

| | **11. Меѓународни активности на Општина Карпош** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Промоција на културните активности |
| **Стратешки насоки цели:** | Целта на оваaa активност е најуспешните проекти од Општина Карпош одбрани од градоначалникот на општината да бидатпромовирани и презентирани во |

| | |
|---|---|
| | светските културни метрополи |
| **Очекувани резултати:** | Промоција на општината и нејзините културни дејци, отварање на вратите за запознавање на граѓаните од различни држави и општини и збратимување на општините |
| **Целна група:** | Граѓаните и култрните дејци |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 300.000,00 |
| **Организатор** | Општина Карпош |
| **Трошоци** | Хотелско сместување, закуп на простор, патни трошоци и трошоци околу организација |

| | **12.Четврт конкурс и изложба на фотографија** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | • Овој дел од програмата ќе се реализира по пат на јавен конкурс објавен од страна на градоначалникот на Општина Карпош, со рангирање на делата во три категории<br>• Ќе бидат доделени прва-10.000,00 денари, втора-6.000денари и трета награда-3.000 денари, а ќе бидат извршени и откуп на фотографии-17 по 1000,00 денари<br>• Добитниците на наградите ќе ги утврди надворешно трочлено жири, што го избира Организациониот одбор<br>• Организациониот одбор со решение ќе го утврди градоначалникот на Општина Карпош<br>• За работата на надворешните членови на трочленото жири потребни се средства во висина од 6.000,00 денари (по 2.000,00 денари поединечно за секој член) што ќе биде утврдено со посебно решение донесено од градоначалникот на Општина Карпош<br>• Ќе се издаде каталог од наградените дела |
| **Стратешки насокии цели:** | Стимулирање на уметничка дејност од областа на фотографијата |
| **Очекувани резултати:** | Учество на голем број на фотографии и анимирање на поширока група на граѓани на Општина Карпош |
| **Целна група:** | Граѓани на Општина Карпош и РМ кои се занимават и |

| | |
|---|---|
| | се заинтересирани за фотографијата |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 60.000,00 |
| **Организатор** | Општина Карпош |
| **Трошоци** | Трошоци за награди , врамување, каталог +организациони трошоци |

| | **13. Театарски Бон Тон** |
|---|---|
| **Описнаактивности** | Активно вклучување на учениците во едукација за однесување во театар како и нивно учество на театарски престави |
| **Стратешкинасоки и цели** | Театарска престава во секое основно училиште на подрачјето на Општина Карпош во кое ќе земат учество самите ученици |
| **Очекуванирезултати** | Позитивни ефекти од театарската култура врз младите умови |
| **Целнагрупа** | Ученици од основните училишта во Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска Рамка** | 250.000,00 денари |
| **Организатор** | Младински културен европски центар |
| **Трошоци** | Организациони трошоци |

| | **14. Фолклорна и уметничка вечер по повод денови на Општина Карпош** |
|---|---|
| **Опис на активности** | Настап на фолклорните друштва со изворни македонски ора и преставување на ликовните уметници |
| **Стратешки насоки и цели** | Афирмација на културата во општината и приближување до граѓаните со намера овие настани да станат традиционални. |
| **Очекувани резултати** | Подигнување и зголемување на свеста кај граѓаните за посетување на културни манифестации |
| **Целна група** | Фолклорни друштва и уметници од Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска Рамка** | 30.000,00 денари |
| **Организатор** | Општина Карпош |

| Трошоци | Изнајмување на простор за фолкорната и уметничката вечер |
|---|---|

**Вкупна предвидена финансиска рамка:**

## III. Финансирање

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од 3.450.000,00 денари е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2016 година.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, ако и согласно потребите ќе се појават во текот на 2016 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Карпош.

## IV. Завршниодредби

Секторот/Одделението Дејности од јавен интерес - Одделение за култура и спорт со Секторите за Финансии и Јавни набавки ќе изработат динамички план со финансиски и временски рамки за полесно имплементирање и следење на реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма. Покренувањето на нови иницијативи, како и давање мислења и предлози заради остварување на целите на Програмата може да биде дел од било кој Сектор на Општината во непосреднасоработка со Секретарот и Градоначалникот.

**Број: 08-8826/16**
**Датум: 03.12.2015 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2016 година**

1. Се објавува Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2016 година, донесена на четириесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 03 декември 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-9234/15**
**Датум: 04.12.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р**

Врз основа на член 22, став 1, точка 6 и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на четириесет и втората седница, одржана на 03 декември 2015 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2016 година**

## I. Развојни приоритети и цели

- Пропаѓирање и промовирање на спортско рекреативниот, забавниот и училишниот спорт.
- Организирање на спортски активности предвидени со програмата за спорт и унапредување и развивање на спортот на локално ниво.
-Зголемување на навиката за спортски живот и подобрување на спортско натпреварувачкиот дух и потикнување на фер игра.
- Се она што е од заеднички интерес во сегментот на рекреативниот забавен спорт, да го обедини, координира и по можност да го усоврши односно да го постави на повисоко ниво.
- Сите граѓани од општината своето слободно време да го користи за реализирање на спортските активности, при што ќе ги развиваат позитивните вредности на спортот кои подоцна ќе ги негуваат како животни вредности.

## II. Проектни активности

| | **1. Училишни спортски игри Карпош 2016** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | - 400 ученици од општинските основни училишта од Општина Карпош кои ќе се натпреваруваат во дисциплините: мал фудбал, кошарка, одбојка, шах, тениска лига, ракомет, пинг понг и друго.<br>- Куп натпревари по повод ден на Општина Карпош.<br>-Проектот ќе го реализират вработени во одделението за Култура и спорт, професори по физичко и здравствено образование, судии од националните федерации, медицински лица и полиција |
| **Стратешки насоки цели:** | -Јакнење на менталното и физичкото здравје,<br>-Подобрувањеналокомоторниот апарат<br>- Зголемување на знаењата, умеењата, способностите и вештините кај учениците спортисти<br>- Докажување на сопствениот талент, |

| | |
|---|---|
| **Очекувани резултати:** | - Натпреварувачка атмосфера,<br>- Социјализација (дружење и забава),<br>- Спортско однесување на учениците - навивачи за фер навивање на спортските терени. |
| **Целна група:** | Ученици од општинските основни училишта од подрачјето на Општина Карпош. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 1.600.000,00 денари |
| **Организатор** | Општина Карпош |
| **Трошоци** | - Хонорари за судии и делегати (400,00 денари по одигран натпревар на секој судија поединечно во фудбал, кошарка и одбојка) вкупно 250.000,00 денари,<br>- Наставници (500,00 денари за секој натпревар што ќе го води својот училишен тим) 250.000,00 денари,<br>- Спртска опрема (дресови,спортски гаќички)за ученици –натпреварувачи 300.000,00 денари,<br>- Изнајмување на спортски терени 60.000,00 денари,- Разглас (озвучување), 20.000,00 денари,<br>- Медицинско лице или итна медицинска помош 10.000,00 денари,<br>- Награди за професорите(1 место 10.000,00 денари, 2 место 7.000,00 денари и 3 место 6.000,00 денари) 70.000,00 денари,<br>-Најдобро прогласенипоединци ученици спортисти во училишните лиги во организација на Општина Карпош (6.000,00 денари) 60.000,00 денари,<br>-Најдобрите прогласени поединци ученици спортисти во училишните лиги во организација на Општина Карпош ќе добијат осуммесечни спортски стипендии,<br>- Пехари, медали и признаниа40.000,00 денари,<br>- Наградна спортска ескурзија за првопласираните училишни тимови во спортските лиги (превоз и хотелско сместување со полн пансион) 500.000,00 денари. |

| | 2.Карпош 2016отворена трка (Open run) |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Општина Карпош ќе организира пролетна отворена (open run)трка покрај кејот на реката Вардар со ученици од основните општински училишта од 6 -9 одделение од подрачјето на Општина Карпош. Учениците ќе се натпреваруваат пооделно по одделенија и пооделно ученици и ученички. За најдобрите општината ќе обезбеди пехари и дипломи. |
| **Стратешки насокии цели:** | Потикнување за организирано спортско движење и трчање во природа |
| **Очекувани резултати:** | -Рекреација, натпреварувачка атмосфера, социјализација (дружење и забава), јакнење на менталното и физичкото здравје и подобрување на локомоторниот апарат, спортско однесување на учениците спортисти. |
| **Целна група:** | Ученици од општинските основни училишта од подрачјето на Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 45.000,00 денари. |
| **Организатор** | Општина Карпош |
| **Трошоци** | -Пехари 25.000,00 денари,<br>-Изнајмување на постолје за 1, 2, и 3 место, големи чадори - куполи, маси, столчиња 3.000,00 денари,<br>-Разглас 10.000,00 денари,<br>-Медицински лица3.000,00 денари. |

| | 3.Стипендии за талентирани спортисти од Општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош |
|---|---|

| | |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Ќе ги опфати талентираните спортисти од подрачјето на Општина Карпош и поедницитеспортисти прогласениво спортските училишни игри (кошарка, фудбал, одбојка (девојчиња) и шах) организирани од страна на Општина Карпош, кој со својот квалитет допринесуваат за промоција на општината и државата како на домашен така и на меѓународен план. За сите спортисти кои ќе постигнат егзакни (индивидуални) резултати Општина Карпош ќе додели осум месечни стипендии. Постапката по оглас ќе се спроведе според претходно утврдени услови и критериуми. |
| **Стратешки насокии цели:** | Афирмација и стимулирање за постигнување на подобри резултати на активни, млади и талентирани спортисти од Општина Карпош |
| **Очекувани резултати:** | Постигнување на подобри резултати на млади и талентирани спортисти од Општина Карпош |
| **Целна група:** | Талентирани спортисти од осмо и деветo одделение од Општинските Основни Училишта на подрачјето на Општина Карпош (и поединици ученици спортисти кои биле прогласени во училишните спортски лиги во организација на Општина Карпош претходната учебна година, а го завршиле основното образование) |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 550.000,00 денари |
| **Организатор** | Општина Карпош |

| | **4.Финансиска подршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Ќе ги опфати сите активни спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош, кој се натпреваруваат во системот на националните спортски федерации и кој со својот квалитет допринесуваат за промоција на Општината и државата како на домашен така и на меѓународен план. Во зависност од постигнатите спортски резултати на клубот, ќе биде одредена и висината на финансиските средства. Постапката по оглас ќе се спроведе според претходно утврдени услови и |

| | |
|---|---|
| | критериуми. |
| **Стратешки насокии цели:** | Афирмација и потпомагање на спортски клубови од Општина Карпош |
| **Очекувани резултати:** | Развивање, подобрување и зголемување на клупските успеси. |
| **Целна група:** | Спортски клубови од Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 1.200.000,00 денари |
| **Организатор** | Општина Карпош |

| | **5. Спортско рекреативни игри на пензионерите** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Натпреварување на пензионерите од Општина Карпош во: шах, пикадо (во машка и женска конкуренција), влечење јаже (во машка и женска конкуренција), Трчање 60м (жени) и 80м (мажи), фрлање ѓуле (поединечно мажи и жени) и скок во далечина (мажи). |
| **Стратешки насоки и цели:** | Спортско рекреативно дружење на двете пензионерски друштваТафталиџе иКарпош |
| **Очекувани резултати:** | Рекреација, натпреварувачка атмосфера, дружење и забава. |
| **Целна група:** | Пензионери од Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 120.000,00 денари. |
| **Организатор** | Општина Карпош |
| **Трошоци** | -Пехари 30.000,00 денари,<br>-Изнајмување на постолје за 1, 2, и 3 место, големи чадори - куполи, маси, столчиња 3.000,00 денари,<br>-Разглас 10.000,00 денари,<br>-Простор за одржување на предвидените спортски активности 10.000.00 денари,<br>-Медицински лица 5.000,00 денари,<br>-Свечен ручек 60.000,00 денари. |

| | **6. Карпош опен 2016** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Натпреварување во шах |
| **Стратешки насоки и цели:** | Организирање шаховски турнир од меѓународно ниво и поттикнување на многу млади шахисти да се |

| | |
|---|---|
| | занимаваат со древна интелектуална игра |
| **Очекувани резултати:** | Промовирање и афирмирање на Општина Карпош во земјата и странство. |
| **Целна група:** | Титуларни шахисти кој се во ранг на најдобрите шахисти на официјалната светската шаховска ранг листа. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 1.000.000,00 денари |
| **Организатор** | ШК Гамбит Асеко СЕЕ |
| **Трошоци** | Изнајмување простор за натпреварите, судии, награден фонд,пехари и признанија, шаховски реквизити и интернет конекции, озвучување, хотелско сместување на шахисти кои како гости од другите земји ќе земат учество на меѓународниот турнир. Организациони технички трошоци, подиум, рампа, рекламно пано. |

| | **7. Шаховски Божиќен турнир** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Натпреварување во шах |
| **Стратешки насоки и цели:** | Одбележување на празникот Божиќ |
| **Очекувани резултати:** | Промовирање на шахот во општината |
| **Целна група:** | Љубители и ентузијасти на шахот од подрачјето на Општина Карпош кои на овој турнир земаат учество околу сто шахисти од нашата општина. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 100,000,00 денари |
| **Организатор** | ШК Гамбит Асеко СЕЕ |
| **Трошоци** | -Изнајмување простор за натпреварите 15.000,00 денари,<br>- Судии 15.000,00 денари,<br>-Награде фонд 60.000 денари,<br>-Озвучување 10.000,00 денари. |

| | **8. Финансиска подршка на спортисти, спортски клубови, спортски институции и спортски здруженија** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Давање на финансиска подршка за припреми, учество и организирање на спортски активности, |

| | |
|---|---|
| | турнири, спортски манифестации и за остварување и реализирање на предвидените и зацртаните спортски програми кои не се опфатени со оваа програма |
| **Стратешки насоки и цели:** | Подршка, афирмација и стимулирање за постигнување на подобри спортски резултати на активни, млади и талентирани спортисти и рекреативци од Општина Карпош |
| **Очекувани резултати:** | Промовирање и потпомагање на спортисти, спортски клубови од Општина Карпош. |
| **Целна група:** | Сите индивидуални спортисти, спортски клубови и невладини здруженија кои се регистрирани на подрачјето на Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 300.000,00 денари |
| **Организатор** | Општина Карпош |

| | **9.Ватерполо и пливачки митинг по повод 13-ти Ноември** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Турнир во ватерполои пливање |
| **Стратешки насоки и цели:** | Одбележување на денот на ослободување на Скопје и промовирање на ватерполото во општината |
| **Очекувани резултати:** | Натпреварувачки карактер |
| **Целна група:** | Ватерполо и пливачки екипи од земјава и странство |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 200.000,00 денари |
| **Организатор** | Ватерполо клуб Бета |
| **Трошоци** | -Медали и пехари,<br>-Судии, делегати,<br>-Хотелско сместување на екипите учесници. |

| | **10. Турнир во одбојкаи фудбал на песок** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Одбојкаи фудбал на песок |
| **Стратешки насоки и цели:** | Промовирање и развој на одбојката и фудбалот на песок во општината |
| **Очекувани резултати:** | Подобрување на психофизиќкиот развој |
| **Целна група:** | Одбојкарки од општинските основни училишта во Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска** | 180.000,00 денари |

| | |
|---|---|
| рамка: | |
| Организатор | Анита Младеноска Ристовска |
| Трошоци | -Изнајмување на одбојкарски терен на песок 15.000,00 денари,<br>-Изнајмување на фудбалски теренна песок 15.000,00 денари,<br>- Судии и делегат од одбојкарска федерација 15.000,00 денари,<br>- Судии и делегат од фудбалска федерација 15.000,00 денари,<br>- одбојкарскитопки за песок 5.000 денари,<br>- фудбалски топки за песок 5.000,00 денари,<br>-разглас 10.000,00 денари,<br>-медицинско лице 20.000,00 денари,<br>- освежителни пијалоци 30.000,00 денари,<br>-дресови 30.000,00 денари,<br>-пехари и медали 10.000,00 денари,<br>- награди,<br>-координатори 10.000,00 денари,<br>-други организационо технички трошоци. |

| | **11.Користење наспортско рекреативни активности во Спортскиот Центар Борис Трајковски** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Вежби во фитнес центар, базен, сала за мал фудбал, кошарка, одбојка, пинг понг, сауна и други спортско рекреативни активности |
| **Стратешки насоки и цели:** | Одржување, подобрување и зголемување на мускулниот тонус и психофизичката активност |
| **Очекувани резултати:** | Подигнување на психофизичката и работна способност |
| **Целна група:** | Вработени административци во Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 1.000,000,00 денари |
| **Организатор** | Општина Карпош |
| **Трошоци** | Користење на услугите во СЦ Борис Трајковски |

| | **12.Развој на ракометот во Општина Карпош** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Ракомет |
| **Стратешки насоки и цели:** | Примарна и секундарна селекција на деца од 7 - 14 |

| | |
|---|---|
| | години |
| **Очекувани резултати:** | Развој на ракометот во Општина Карпош |
| **Целна група:** | Ученици од општинските основни училишта |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 120.000,00 денари |
| **Организатор** | Академија Алушовски - Вардар |
| **Трошоци** | -Едукацијанаструченкадар,<br>-Зимскиилетникамповизаразвојнате-та вештини,<br>-Закупнаракометнасала,<br>-Учество во лигите на РФМ,<br>-Патување и опрема за екипите,<br>-Учество на интернационални кампови. |

| | |
|---|---|
| | **13.Финансиска подршка на Друштво за спортски дејности Кошаркарски Клуб Карпош Соколи 2000 АД Скопје** |
| **Опис на активности:** | Финансиско потпомагање |
| **Стратешки насоки и цели:** | Промовирање на Општина Карпош преку настапување клубот на званични меѓународни кошаркарски натпревари |
| **Очекувани резултати:** | Клубот да биде поконкурентен во првата кошаркарска лига и да избори пласман во финалното разигрување и да настапува во меѓународните клупски натпреварувања |
| **Целна група:** | Кошаркари од Друштво за спортски дејности Кошаркарски Клуб Карпош Соколи 2000 АД Скопје |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 20.000.000,00 денари |
| **Организатор** | Друштво за спортски дејности Кошаркарски Клуб Карпош Соколи 2000 АД Скопје |
| **Трошоци** | -Изнајмување на сала,<br>-Ангажирање на домашни и проверени меѓународни кошаркари,<br>-Патни трошкови,<br>-Итна помош,<br>-Разглас,<br>-Кошаркарска опрема за тренинг и натпревари,<br>-Кошаркарски топки и други реквизити за тренажен процес,<br>-Летни подготовки на екипата, |

| | |
|---|---|
| | -Зимски подготовки на екипата. |

| | **14.Одбележување на 6 Април меѓународен ден на спортот за развој и мир** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Спортско културно и уметничка манифестација |
| **Стратешки насоки и цели:** | Запознавање на децата со светскиот ден на спортот |
| **Очекувани резултати:** | Преку разни забавни спортско културни и уметнички содржини децата да го запознаат и запамтат светскиот ден на спортот |
| **Целна група:** | Деца од градинките или општинските основни училишта |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 180.000,00 денари |
| **Организатор** | Мишо Божиновски |
| **Трошоци** | -Гостување на познати спортски македонски спортисти и репрезентативци,<br>-Постери 5.000,00 денари,<br>-Изнајмување на спортска сала 15.000,00 денари,<br>-Разглас 10.000,00 денари,<br>-Доделување на плакети и сувенири за учесниците 10.000,00 денари,<br>-Освежителни пијалоци и благо за учесниците 10,000,00 денари,<br>-Топки за разни игри, чуњеви, обрачи, маркери , душеци, сталки 30.000,00 денари,<br>-Коктел 15.000,00 денари,<br>-Изнајмување на фолклорно друштво 10.000 денари<br>- Спортски дресови и спортски топки на учесниците испечатени со светскиот ден на спортот за развој и мир 50.000,00 денари,<br>-Четворица реализатори на забавните спортски игри вофудбал, кошарка, одбојка и фудбал 20.000,00 денари. |

| | **15. Боксерски клуб Универзалци** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Бокс |
| **Стратешки насоки и цели:** | Придобивање на младите поактивно да се занимаваат со оваа боречка вештина |
| **Очекувани резултати:** | Запознавање на младите со придобивките од |

| | |
|---|---|
| | боречките вештини |
| **Целна група:** | Ученици од основните и средните училишта |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 300.000,00 денари |
| **Организатор** | Боксерски клуб "Универзалци" |
| **Трошоци** | -Спортска опрема,<br>-Спортски реквизити,<br>-Изнајмување за користење на спортски термини,<br>-Учество на домашни натпревари,<br>-Учество на меѓународни натпревари,<br>-Припреми на боксерите. |

| | |
|---|---|
| | **16. Спортски детски забавни игри** |
| **Опис на активности:** | Детски забавни игри кои ќе се натпреваруваат преку разни поставени полигони, штафетни игри и метод на станици кои ќе бидат составени од разни спортски реквизити. Секоја училишна екипа треба да биде составена од петнаесет ученици. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Преку забавни игри да се насочат младите адолесценти да го засакат спортот и активно да се занимаваат со него |
| **Очекувани резултати:** | Подобрување и зголемување на локомоторниот апарат и целокупната моторика кај адолесцентите |
| **Целна група:** | Ученици од одделенска настава од III do V одделение |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 180.000,00 денари |
| **Организатор** | Кристијан Тодоровски |
| **Трошоци** | -Пехари, медали и награди 20.000,00 денари<br>Изнајмување на спортска сала за три дена 30.000,00 денари<br>-Реквизити: душеци,мали голчиња разни видови топки, чуњеви, скала за координација, корпи, јажиња, еластични јажиња, награди 30,000,00 денари<br>-Судии координатори и водител 30.000,00 денари<br>-Разглас 30.000,00 денари<br>-Медицинско лице10.000,00 денари<br>-Сокови и слатки 30.000,00 денари |
| | |

| | **17. Бизнис баскет лига** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Баскет игра на еден кош |
| **Стратешки насоки и цели:** | Грижа спрема бизнис субјектот како и афирмација на спортот во приватниот и државниот сектор |
| **Очекувани резултати:** | Промовирање на спортскиот и здрав живот, како и забава за целиот бизнис сектор |
| **Целна група:** | Сите бизнис компани и државни институции |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 180.000,00 денари |
| **Организатор** | Спортски Центар Форца |
| **Трошоци** | -Изнајмување на терени 60.000,00 денари,<br>-Судии 20.000,00 денари<br>- Награди 90.000,00 денари<br>- Медицинско лице 10.000,00 денари |

| | **18.Фудбалски меморијален турнир - Тоше Проески** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Турнир во фудбал |
| **Стратешки насоки и цели:** | Одбележување на роденденот на Тоше Проески |
| **Очекувани резултати:** | Натпреварувачки карактер |
| **Целна група:** | Фудбалски екипи |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 20.000,00 денари |
| **Организатор** | Здружение на стопанственици Власи од Македонија Мандра |
| **Трошоци** | Пехари, судии, делегати, сала, разглас, свечен ручек |

| | **19. Учество на Синдикална организација при Локалната самоуправа Карпош на дваесет и вторите спортски игри и средби на членовите на Синдикатот на УПОЗ (СИС-УПОЗ)** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Спортски активности и учество на дваесет и вторите спортски игри и средби |
| **Стратешки насоки и цели:** | Рекреација, дружење, меѓусебно запознавање и зближување на членовите преку спортско натпреварување. |
| **Очекувани резултати:** | Презентирање и афирмирање на Општина Карпош на спортски игри и средби на членовите на Синдикатот |

| | |
|---|---|
| | на УПОЗ (СИС-УПОЗ) |
| **Целна група:** | Синдикална организација при локалната самоуправа Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 500.000,00 денари |
| **Организатор** | Синдикална организација при Локалната самоуправа Карпош и Одделение за Култура и Спорт |
| **Трошоци** | Спортска опрема (Спортски дресови и гакички испечатени со логото на Општина Карпош, патики, поло маички за свечено отварање испечатени со логото на Општина Карпош)170.000,00 денари<br>Спортски реквизити 20.000,00<br>Хотелско сместување 250.000,00 денари<br>Партиципација за учество 4.000,00 денари<br>Превоз 30.000,00 денари<br>Освежителни напитоци 20.000,00 денари<br>Прва помош 6.000,00 денари |

**Вкупна предвидена финансиска рамка:**

## III. Финансирање

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од 27.775.000,00 денари е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2016 година.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои согласно потребите ќе се појават во текот на 2016 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Карпош.

## IV. Завршни одредби

Секторот за дејности од јавен интерес - Одделение за култура и спорт со Секторите за Финансии и Јавни набавки ќе изработат динамички план со финансиски и временски рамки за полесно имплементирање и следење на реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма. Покренувањето на нови иницијативи, како и давање мислења и предлози заради остварување на целите на Програмата може да биде дел од било кој Сектор на Општината во непосредна соработка со Секретарот и Градоначалникот.

**Број: 08-8826/17**
**Датум: 03.12.2015 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување на за активностите на Општина Карпош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2016 година**

1. Се објавува Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2016 година, донесена на четириесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 03 декември 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-9234/16**
**Датум: 04.12.2015 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7 и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на четириесет и втората седница, одржана на 03 декември 2015 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за активностите на Општина Карпош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2016 година**

## I. Развојни приоритети и цели

Програмата дефинира повеќе приоритети од областа на детската, социјалната и здравствената заштита, кои треба да придонесат за унапредување на социоекономската и здравствената заштита на граѓаните на Општина Карпош и тоа:

-Развивање на форми на вонинституционална заштита

- Подобрување на квалитетот на живеење на граѓаните и вклучување на маргинализирани групи

-Превентивни активности за спречување и намалување на девијантните појави

-Унапредување на детската заштита и здравјето на населението

-Парична помош за новороденчиња и лица/семејства во социјален ризик, за потешко лекување и елементарни непогоди

-Хуманитарни акции наменети за граѓаните во социјален ризик

## II. Проектни активности

### Развивање на форми на вонинституционална заштита

| 1. | Инклузија на деца од ромската популација во ЈУОДГ „ Пролет“ |
|---|---|
| Опис на активности: | Едукативно - социјални активности и инклузија на децата од ромската популација преку воспитно образовните програми за предучилишно воспитување и образование на децата.<br>Вклучување и учество на децата во манифестации организирани во градинките и од општината. |
| Стратешки насоки и цели: | Децата од ромската популација од населбата Злокуќани каде што нема предучилишна установа се згрижуваат во градинката „Пролет “ во населбата Влае 1 како најблиска локација.<br>Овој проект се реализира веќе 11 години во соработка со Министерството за труд и социјална политика со цел нивно вклучување во воспитно-образовниот процес и намалување на негативните појави кај децата, како што е питачењето . |
| Очекувани резултати: | ✓ Интегрирање во социјалниот живот<br>✓ Подготовка за вклучување во воспитно-образовен систем<br>✓ Намалување на појава на питачење |
| Целна група: | Деца од предучилишна возраст од ромската популација од населбата Злокуќани |
| **Предвидена финансиска рамка:**<br>**Реализатор:** | **250.000,оо денари**<br><br>Општина Карпош |
| **Трошоци:** | - Превоз за децата од населбата Злокуќани до градинката „ Пролет “ во населбата Влае ;<br>- целосно подмирување на трошоците за згрижување на пет деца вклучени во Проектот „ Инклузија на деца Роми “. |

| 2. | **„Центар за едукација“ во<br>О.У„Аврам Писевски “, село Бардовци** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | -Едукативно - социјални активности и згрижување на деца од Месната заедница Бардовци и Урбаната заедница Злокуќани во кои не постојат предучилишни установи.<br>-Активностите се реализираат по програма соодветна на возраста на децата , нивните потреби и подготовка за редовно вклучување во образовниот процес. |
| **Стратешки насоки и цели:** | -Општина Карпош веќе 2 години го поддржува Едукативниот центар при ООУ „ Аврам Писевски “во село Бардовци кој е единствена организирана форма на едукативна стимулација што ја добиваат овие деца.<br>-Едукативниот центар функционира 9 месеци во текот на годината.<br>-Во досегашното работење на Центарот се опфатени 81 дете, со кои е работено по посебен воспитно-образовен план и програма и дидактички материјали во согласност со Монтесори стандардите и принципите на работа.<br>-Целта на овој проект е згрижување, дружење , надминување на предрасуди и подготовка на децата за вклучување во образовниот процес. |
| **Очекувани резултати:** | ✓ Поттикнување на когнитивниот, социјалниот и емоционалниот развој на децата<br>✓ Вклучување во социјалниот живот и развивање на социјално прифатливо однесување<br>✓ Згрижување и едукација на децата.<br>✓ Надминување на предрасудите и стереотипите и развивање на здрави социјални компетенции, толеранција и почитување на разликите |

| | |
|---|---|
| **Целна група:** | 30-40 деца од социјално-загрозени семејства на возраст од 3-6 години кои немаат можност да посетуваат предучилишна установа |
| **Предвидена финансиска рамка:**<br>**Реализатор:** | **738.250,оо денари**<br><br>Македонско Монтесори Здружение |
| **Трошоци:** | **Прва фаза: јануари-јуни**<br>- Набавка на дидактички материјали - 15.000,оо ден.<br>- Административни и комуникациски трошоци - 5.000,оо ден.<br>- Средства за лична и општа хигиена - 5.000,оо ден.<br>- Превоз на децата - 67.500,оо ден.<br>- Ужинка - 68.750, оо ден.<br>- Хонорар за четири воспитувачи (со вклучен персонален данок и патни трошоци) - 200.000,оо ден.<br>- Хонорар за координатор на проектот (со вклучен персонален данок и патни трошоци) - 48.000,оо ден.<br>Вкупни финансиски средства на прва фаза - 415.250, оо ден.<br><br>**Втора фаза:септември - декември**<br>- Набавка на дидактички материјали:10.000, оо ден.<br>- Административни и комуникациски трошоци - 4.000,оо ден.<br>- Средства за лична и општа хигиена - 4.000,оо ден.<br>- Превоз на децата - 54.000,оо ден.<br>- Ужинка - 55.000,оо ден.<br>- Хонорар за 4 воспитувачи (со пресметан персонален данок и патни трошоци) - 160.000,оо ден.<br>- Хонорар за координатор на проектот (со пресметан персонален данок и патни трошоци) - 32.000,оо ден.<br>Вкупни финансиски средства на втора фаза - 323.000,оо ден. |

**Подобрување на квалитетот на живеење на граѓаните и вклучување на маргинализирани групи**

| 3. | **Одбележување на Ромскиот празник „Ѓурѓовден, 9-ти мај“** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Традиционална манифестација по повод најголемиот ромски празник Ѓурѓовден.<br>9 ти Мај е ден за излет и културно-забавни програма и заеднички ручек за граѓаните од Ромската популација на територијата на општина Карпош. Настапуваат ученици од ООУ Аврам Писевски и сплет на ромска програма. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Зачувување на традицијата, дружење и одбележување на последниот ден - ден за излет меѓу граѓаните. |
| **Очекувани резултати:** | -Намалување на социјалната изолираност<br>-Поттикнивање на младата популација за учество и посета на културни настани |
| **Целна група:** | Граѓани од Ромска популација |
| **Предвидена финансиска рамка:**<br>**Реализатор:** | **263.191,оо ден**<br><br>Општина Карпош |
| **Трошоци:** | - бина - 21.393,оо ден.<br>- купола - 16.190,оо ден.<br>-4 штанда - 3.894,оо ден.<br>-5 маси - 4.870,оо ден<br>-20 столици -2.720,оо ден.<br>-чадор -974,оо ден.<br>-5 прекривки за маса = 1. 150.оо ден.<br>-озвучување -21.000,оо ден.<br>-агрегат -6.000,оо ден.<br>-музичка група - 15 .000,оо ден.<br>-коктел и оброк - 170.000,оо ден. |

| 4. | **Одбележување на 3-ти Декември - Денот на лицата со хендикеп** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Одбележување на празникот „3 ти Декември“ на |

| | |
|---|---|
| | лицата со хендикеп.<br>На средбата присуствуваат лица со хендикеп од Општина Карпош со Градоначалникот Стевчо Јакимовки и претставници од општината администрација. По тој повод се доделува еднократна парична помош на присутните граѓани.<br>Дружењето е момент на споделување на проблемите со кои се соочуваат лицата со хендикеп и можности за нивно решавање. |
| **Стратешки насоки и цели:** | ✓ Намалување на осаменоста лицата со хендикеп<br>✓ Интегрирање во општествениот живот и нивна социјализација.<br>✓ Активности кои може да ги превземе општината со цел за подобрување на квалитетот на живеење, обезбедување и олеснување на нивното движење преку поставување на пристапни рампи. |
| **Очекувани резултати:** | ✓ Вклучување на лицата со попреченост во социјалниот живот.<br>✓ Олеснување на животот и социјализација на семејствата кои имаат лица со попреченост.<br>✓ Ефектите од досегашните активности кои ги превземала општината (давање на психосоцијална поддршка, парична помош и помош во пакети со храна и корегирање и изградба на пристапни рампи пред индивидуалните и колективни стамбени објекти ). |
| **Целна група:** | Лицата со хендикеп |
| **Предвидена финансиска рамка:**<br>**Реализатор:** | **300.000,оо денари**<br><br>Општина Карпош |
| **Трошоци:** | -доделување на еднократна парична помош на лица со хендикеп. |

| | |
|---|---|
| 5. | **Дружење на лица со хендикеп** |
| **Опис на активности:** | Неделно дружење на лицата со хендикеп. Организирање креативни работилници преку кои ќе |

| | |
|---|---|
| | се изрази умешноста, личната креативност и знаење од одредени области. Едукативни предавања и консултации со стручни лица во врска со нивните психо-физички проблеми. Дружењето ќе се одвива редоследно во Месните и Урбаните заедници заедници со цел приближување кон нивното место на живеење и олеснување на движењето. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Подобрување на квалитетот на живот на лицата со хендикеп.<br>Намалување на осаменоста.<br>Социјализација и стекнување на вештини од најразличен карактер (плетење, сликање,пишување поезија). |
| **Очекувани резултати:** | ✓ Социјализација.<br>✓ Стекнување на нови знаења и вештини.<br>✓ Дружење со граѓани од различни професии. |
| **Целна група:** | Лица со психо-физичка попреченост. |
| **Реализатор:** | Општина Карпош |

| **6.** | **14-ти февруари, Дружење со стари и осамени лица** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Дружење и ручек на старите и осамени лица со Градоначалникот Стевчо Јакимовки и претставници од општинската администрација. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Подобрување на начинот на живот и психо-социјална поддршка.<br>Меѓусебно дружење.<br>Намалување на чувство на осаменост.<br>Зајакнување на чувството на припадност на заедницата. |
| **Очекувани резултати:** | ✓ Намалување на осаменоста на граѓаните<br>✓ Дружење и меѓусебно запознавање<br>✓ Решавање на индивидуалните проблеми кои се во ингренции на Општината |
| **Целна група:** | Стари и осамени лица - жители на Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **50.000,оо ден.** |

| | |
|---|---|
| **Реализатор:** | Општина Карпош |
| **Трошоци:** | -организирање на ручек за стари и осамени лица<br>- рози за припадничките на женскиот пол. |

| **7.** | **Посета на Геронтолошкиот завод 13-ти Ноември, оддел „Мајка Тереза“ - Злокуќани.** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Посета на штитениците во старскиот дом од градоначалникот Стевче Јакимовски и општинската администрација.<br>Пригодна културно забавна програма организирана од дечиња од една општинска градинка.<br>Пригодни подароци за штитениците. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Психо-социјална поддршка.<br>Подобрување на квалитетот на живеење. |
| **Очекувани резултати:** | Намалување на чувството на осаменост |
| **Целна група:** | Штитеници на Домот |
| **Предвидена финансиска рамка:**<br>**Реализатор:** | **30.000,оо денари**<br><br>Општина Карпош |
| **Трошоци:** | -лични пакети со кондиторски производи за лицата сместени во домот |

| **8.** | **Проект „Хумани патроли“** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Посета на стари и изнемоштени лица кои што немаат семејство, и лица со посебни потреби од тимови на вработенените во општинската администрација. Помош во нивните домови преку снабдување со храна, хигиенски средства, лекарства, подмирување на комуналии и други потреби на лицето.<br>Лична придружба надвор од домот. |
| **Стратешки насоки и цели:** | ✓ Олеснување на животот на лицата што во моментот се нашле во состојба на социјален ризик;<br>✓ Социјализирање и психо-социјална поддршка;<br>✓ Воспоставување контакти со различни институции, заради решавање на евентуални проблеми;<br>✓ Мотивација и помош во секојдневниот начин |

| | |
|---|---|
| | на живот на лицата. |
| **Очекувани резултати:** | Подобрување на квалитетот на живот на корисниците-семејства.<br>Олеснување на осаменоста преку давање на психо-социјална поддршка и различни видови на помош;<br>Поддршка на лицата со посебни потреби за вклучување во социјалниот живот. |
| **Целна група:** | Стари и изнемоштени лица без семејства и лица со попречености жители на општина Карпош |
| **Реализатор:** | Општина Карпош |

| 9. | **Хуманитарна акција „Да бидеме хумани за нашите соседи“** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Поставување штандови за собирање на донациите од граѓаните, сортирање на производите и нивно пакување. Организирање на доделување на хуманитарните пакети, на граѓани од општината на лица и семејства во социјален ризик.<br>Оваа дводневна акција се организира три пати во годината, и тоа:<br>- По повод Велигденските празници<br>- По повод Денот на општината<br>- По повод Новогодишните празници |
| **Стратешки насоки и цели:** | ✓ Подобрување на социјалната состојба на лицата/семејства во социјален ризик<br>✓ Олеснување на секојдневните потреби од храна и хигиенски средства. |
| **Очекувани резултати:** | Ублажување на животот на лицата/семејства во социјален ризик;<br>Поддршка на лицата заради надминување на моменталната состојба пронаоѓање на можни решенија |
| **Целна група:** | Лица/семејства во социјален ризик |
| **Предвидена финансиска рамка:**<br>**Реализатор:** | **91.128,оо ден**<br><br>Општина Карпош |
| **Трошоци:** | Сендвичи - 60x100,оо ден. - 6.000,оо ден. x 3= **18.000,оо ден.**<br>Штандови - 23.376 ден x 3= |

| | |
|---|---|
| | **70.128,оо ден.**<br>Вреќи за пакување - 1.000,оо ден x 3= **3.000,оо ден.**<br>Трошоците се предвидени за три хуманитарни акции. |

| **10.** | **„Животот е премногу скапоцен за да му го подариме на алкохолот“ – отварање Клуб на алкохоличари во третман.** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Едукација преку предавање, работилници и обука на волонтери.<br>Едукација преку психотерапија.<br>Едукација на граѓани од рурално население. |
| **Стратешки насоки и цели:** | ✓ Подигање на јавната здравствена свест кај граѓаните.<br>✓ Едукација на апстинентите од алкохол и нивните семејства.<br>✓ Мотивација и рехабилитација на апстинентите. |
| **Очекувани резултати:** | Подигнување на здравствената свест кај граѓаните преку медиумска и јавна акција (флаери, постери, ТВ спотови, интервјуа и јавни настапи )<br>Ресоцијализација и намалување на бројот на алкохоличари и нивно враќање во нормален живот. |
| **Целна група:** | Апстиненти од алкохол |
| **Предвидена финансиска рамка:**<br>**Реализатор** | **367.000,оо ден.**<br><br>Здружение на граѓани „Здрав живот“ - Скопје |
| **Трошоци:** | - Администрација - 9.000,оо ден<br>- Образовни набавки - 80.000,оо ден.<br>- Договори (консултанти, хонорари) - 132.000,оо ден.<br>- Конференции, семинари, обуки - 48.000,оо ден.<br>- Др. трошоци - 98.000, оо ден. |

**Унапредување од областа на детска заштита и здравјето на населението**

| 11. | **Развивање и унапредување на методологијата на работењето во Јавните установи општински детски градинки** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Поддршка на активности, манифестации и обуки во ЈУОДГ организирани во соработка со општината. Обновување на дидактички материјали за децата од предучилишните установи. |
| **Стратешки насоки и цели:** | ✓ Детектирање на семејства чии деца не се вклучени во ЈУОДГ во институциите.<br>✓ Превентивни и стручни обуки за воспитниот персонал, стручниот тим и техничкиот персонал.<br>✓ Повлекување од употреба на стари и не фунционални играчки за децата.<br>✓ Континуирано обновување на еколошки дидактички материјал поприфатлив за работа на децата од предучилишна возраст и лесен за одржување. |
| **Очекувани резултати:** | ✓ Овозможување на секое дете да биде вклучено во воспитно образовниот систем во предучилишните установи.<br>✓ Поквалитетна воспитно-образовна работа.<br>✓ Подобрување на психо-физички развој на децата.<br>✓ Стекнување работни навики и чувство за развивање на одговорно однесување.<br>✓ Поголема социјализација меѓу децата, правила во однесувањето и меѓусебно почитување. |
| **Целна група:** | Деца од предучилишна возраст. |
| **Реализатор:** | Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **100.000,оо ден.** |
| **Трошоци:** | - Набавка на еколошки дидактички материјали и играчки за децата од предучилишните установи - 100.000,оо ден. |

| 12. | **Контрола и безбедност на храната во предучилишните установи** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Систематски контроли за безбедност на храната |

| | |
|---|---|
| | преку теренски активности и контрола на бројот на оброците кои се приготвуваат во градинките. Соработка со операторите на храна во основните училишта и контрола на нивната работа во рамките на контролата и безбедност на храната. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Овозможување на персоналот во градинките доедуцирање преку работилници и предавања, следење на здравствената состојба на децата во целост (храна, алергии, сезонски заболувања) и внесување здрави хигиенски навики. |
| **Очекувани резултати:** | ✓ Стекнување здрави навики преку исхраната<br>✓ Контрола и безбедност на храната која ја консумираат децата<br>✓ Позитивни ефекти од едукацијата на целиот персонал |
| **Целна група:** | Деца од предучилишна и училишна возраст |
| **Реализатор:** | Општина Карпош |
| | |
| 13. | **Членство на Општина Карпош во Европската агенција за хигиенско инженерство и дизајн (EHEDG)** |
| **Опис на активности:** | Општина Карпош како член на оваа Организација има привилегии да учествува на конференции, конгреси и манифестации од научен карактер од областа на безбедност на храната, нутриционизмот и здравјето. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Одржување семинари и обуки за унапредување на здравството. Објавување публикации и научни и стручни трудови. Контакти со домашни и странски фирми со цел заедничка соработка. |
| **Очекувани резултати:** | ✓ Унапредување на работата на ОУ и ЈУОДГ од здравствен аспект.<br>✓ Промовирање на Општината во светски научни рамки. |
| **Целна група:** | Децата и граѓаните на Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:**<br>**Реализатор :** | **35.000,оо денари**<br><br>Регионалната секција на EHEDG (К.Т.Ц. „Клуч“ ). |

| | |
|---|---|
| **Трошоци:** | - Годишна членарина - **35.000,оо ден.** |
| | |

**Парична помош за лица/семејства во социјален ризик и хуманитарни акции и еднократна парична помош за новороденчиња**

| **14.** | **Парична помош за лица/семејства во социјален ризик** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Еднократен паричен надомест кој се доделува еднаш во годината за:<br>-Лица/семејства во состојба на социјален ризик<br>-Потешко лекување<br>-Елементарна непогода (поплава ,пожар )<br>За остварување на правото на паричен надомест потребно е да се достави соодветна документација како доказ за наведеното барање и се прави увид во домот на барателот .<br>Покрај паричната помош на граѓаните им се пружаат и други видови на поддршка и тоа:<br>- психо-социјална помош<br>- упатување во соодветна институција и решавање на нивните проблеми<br>- помош во натура - пакети со храна и хигиенски средства. |
| **Стратешки насоки и цели:** | ✓ Поддршка за лица/семејства кои во одредено време се нашле во состојба на социјален ризик,<br>✓ Психо-социјална поддршка<br>✓ Хуманитарни акции<br>✓ Парична помош |
| **Очекувани резултати:** | Намалување на бројот на лица/семејства кои се во социјален ризик преку решавање на нивните проблеми. |
| **Целна група:** | Лица/семејства во социјален ризик |
| **Предвидена финансиска рамка:**<br>**Реализатор:** | **3.000.000,оо ден.**<br><br>Општина Карпош |
| **Трошоци:** | Парична помош за лица/семејства :<br>-за лекување<br>-кои се нашле во состојба на социјален ризик |

| | |
|---|---|
| | ( корисници на социјална помош, постојана парична помош, невработени лица)<br>-за елементарна непогода ( поплава, пожар ) |

| 15. | Парична помош за новороденче и посвоено дете од лица/семејства во социјален ризик |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Информирање на граѓаните од Општина Карпош, за условите за користење на правото за парична помош за секое новородено и посвоено дете на територија на општината. За остварување на право на еднократна парична помош, потребно е да се исполнат критериумите согласно одлуката на Советот на Општина Карпош. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Финансиска поддршка за семејствата.<br>Информирање и упатување на семејствата за остварување на нивните права и од други соодветни институции во државата. |
| **Очекувани резултати:** | Поддршка на семејства/лица во ризик. |
| **Целна група:** | Лица/семејства во социјален ризик |
| **Предвидена финансиска рамка:**<br>**Реализатор:** | **600.000,оо ден.**<br><br>Општина Карпош |
| **Трошоци:** | Еднократна парична помош во износ од 4.000,оо денари за секое новородено/посвоено дете од семејство во кое еден или двајцата родители се невработени или се корисници на социјална помош. |

| 16. | Осигурување на станбени објекти на социјално ранливи категории од Општина Карпош |
|---|---|

| | |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Врз основа на базата на податоци на лицата/семејства во социјален ризик и самопријавување на семејства од истата категорија на граѓани, по доставена документација, се утврдува фактичката состојба заради превземање на активности за осигурување на нивните домови.<br>Доколку лицата/семејства се социјални случаеви се обезбедува осигурителна полиса за домот на барателот. |
| **Стратешки насоки и цели:** | - Грижа на локалната самоуправа за |

| | |
|---|---|
| | најранливите категории на граѓани<br>- Осигурување на домовите од природни непогоди на социјално загрозени семејства на територија на Општина Карпош. |
| **Очекувани резултати:** | Социјална сигурност на семејствата од социјално ранливите категории и поголема ефикасност на средствата од Буџетот на Општина Карпош. |
| **Целна група:** | Социјално загрозените лица/семејства, од територијата на Општита Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:**<br>**Реализатор:** | 250 000,00 денари<br>Младински Европски Едукативен Центар - Скопје |
| **Трошоци:** | Вкупно материјални трошоци - 10.000 денари<br>Вкупно трошоци за човечки ресурси - 50.000 денари<br>Вкупно трошоци за главната цел на проектот - 180.000 денари<br>Резерва на финансиски средства - 10.000 денари<br>Вкупно : 250.000, 00 денари |

| 17. | Спречување и заштита на жртвите на семејно насилство |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Превземање активности за справување и спречување со семејното насилство<br>Подобрување на квалитетот на заштита, преку превземање иницијативи за воведување на нови и ефективни систематски мерки за превенција и ефикасна едукација и пружање на помош на жртвите на семејно насилство. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Превенција и спречување на семејно насилство за побрзо и безбедно социјализирање во општествената средина во согласност со меѓународни стандарди. |
| **Очекувани резултати:** | √ Запознавање и вклучување на младата популација во превенција и борба против семејно насилство<br>√ Подигање на општа свест за постоењето и последиците од семејно насилство<br>√ Обезбедување на психолошка помош и поддршка на жртвите од семејно насилство |
| **Целна група:** | -Млада популација<br>-Жртви на семејно насилство |

| | |
|---|---|
| **Предвидена финансиска рамка:**<br>**Реализатор;** | **200.000,оо ден.**<br><br>Здружение за унапредување на политичкиот и општествениот живот - СТРАТАГЕМ |
| **Активности:** | - Печатење на постер - 4. 000,ооден.<br>- Печатење флаери - 5.000,ооден.<br>- Психолози 11 месеци - 100.000,ооден.<br>- Персонален данок 10 месеци - 10.000,оо<br>- Работни материјали за учесници на работилници - 2. 000, оо ден.<br>- Освежување - работилници со млади и трибини (6 работилници-трибини) - 2.000,ооден.<br>- Закуп на канцелариски простор за 10 месеци - 60. 000,оо ден<br>- Телефон фиксен + интернет 12 месеци 5.000, оо ден<br>- Струја 9 месеци -10. 000,оо ден<br>- Банкарски провизии за 12 месеци -2.000,оо ден |

**Вкупна предвидена финансиска рамка:**

## III. Финансирање

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од **6.274.569,оо денари** е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2016 година.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои согласно потребите ќе се појават во текот на 2016 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Карпош.

## IV. Завршни одредби

Одделението за детска, социјална и здравствена заштита со Секторите за Финансии и Јавни набавки ќе изработат динамички план со финансиски и временски рамки за полесно имплементирање и следење на реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма.

Покренувањето на нови иницијативи, како и давање мислења и предлози заради остварување на целите на Програмата може да биде дел од било кој Сектор на Општината во непосредна соработка со Секретарот и Градоначалникот.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**м-р Сашо Лазаровски, с.р**

**Број: 08-8826/18**
**Датум: 03.12.2015 година**
**Скопје**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на за активностите на Општина Карпош во областа на образование за 2016 година**

1. Се објавува Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образование за 2016 година, донесена на четириесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 03 декември 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-9234/17**
**Датум: 04.12.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р**

Врз основа на член 22, став 2, точка 8 и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на четириесет и втората седница, одржана на 03 декември 2015 година, донесе

## ПРОГРАМА
## за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2016 година

### I. Развојни приоритетни и цели

Целта на програмата за образование е да го стимулира напредокот во образовниот процес и да ги мотивира учениците да постигнуваат високи резултати во образованието, подобрување на квалитетот во образованието како и условите за работа.

### II. Проектни активности

| 1. | **Доделување стипендии на талентирани ученици од општинските основни училишта<br>Реализатор Општина Карпош** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Доделување стипендии на талентирани ученици од основните училишта во општина Карпош, за постигнати резултати од областа на науката, техниката, културата и уметноста на меѓународни, државни и градски натпревари. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Целта е да се стимулира талентот на овие ученици, преку материјалната поддршка, за понатамошно надоградување во областите каде покажуваат интерес и успеси. |
| **Очекувани резултати:** | -развивање и следење на талентот кај посебно надарените ученици;<br>-учество на разни натпревари од областа на науката, техниката, културата и уметноста;<br>-создавање вистински вредности и навики кај учениците |
| **Целна група:** | Редовни ученици од 8 мо и 9 то одделение |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **650.000,00 денари** |

| | |
|---|---|
| **Трошоци** | Висината на стипендијата изнесува 2500,00 и 2000,00 денари месечно за осум месеци во текот на учебната година. |

| | |
|---|---|
| 2. | **Бесплатни ужинки за учениците од:**<br>**- I,II,III за учебната 2015/2016 година**<br>**- I,II,III и IV за учебната 2016/17 година**<br>**Реализатор Општина Карпош** |
| **Опис на активности:** | Давање на бесплатни ужинки за учениците од општинските основни училишта од Општина Карпош |
| **Стратешки насоки и цели:** | Подобрување на квалитетот на живеење на жителите на Општина Карпош |
| **Очекувани резултати:** | Поддршка на учениците и нивните родители |
| **Целна група:** | Ученици од општинските основни училишта |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **6 000 000,00 денари** |
| **Трошоци:** | -набавка на ужинки |

| | |
|---|---|
| 3. | **Бесплатни излети за учениците од:**<br>**- I до VI одделение за учебната 2015/16 година**<br>**- I до VII одделение за учебната 2016/17 година**<br>**Реализатор Општина Карпош** |
| **Опис на активности:** | Излети за учениците во околината на Скопје |
| **Стратешки насоки и цели:** | Подобрување на квалитетот на живеење на жителите на Општина Карпош, поддршка на учениците и нивните родители |
| **Очекувани резултати:** | Поттикнување дружење меѓу учениците и наставниците, едукација за излетничките места со посета на културно историски обележја. |
| **Целна група:** | Ученици од општинските основни училишта од I-VI одд. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **4 500 000,00 денари** |
| **Трошоци:** | -превоз на учениците (обезбедување автобуски превоз) |

| | |
|---|---|
| 4. | **Награди за полуматуранти-првенци на генерација**<br>**Реализатор Општина Карпош** |
| **Опис на активности:** | Основното образование е столб за понатамошното школување и напредок за учениците. Општина Карпош континуирано ги следи најдобрите ученици, ги мотивира и наградува. За таа цел на крајот на учебната година се организира свечен прием кај Градоначалникот, на кој се доделуваат награди на најдобрите полуматуранти од училиштата од општина Карпош. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Целта е учениците да се наградат и стимулираат за понатамошен напредок во образованието. |
| **Очекувани резултати:** | -стимулирање натпревар меѓу учениците да се биде подобар<br>-поттик за учество на разни меѓународни, државни, градски и општински натпревари конкурси, изложби и сл;<br>-создавање вистински вредности и навики кај учениците |
| **Целна група:** | 10 ученици -првенци на генерација од сите десет основни училишта на општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **120.000,оо денари** |
| **Трошоци:** | Парични награди за првенци-полуматуранти |

| | |
|---|---|
| 5. | **Прослава: 1 септември – Ден на првачињата „ Добредојдовте првачиња“**<br>**Реализатор Општина Карпош** |
| **Опис на активности:** | На првиот училишен ден секое првачe ќе добие книга (брошура) со информативна-едукативна содржина за општината, со посвета од Градоначалникот. Градоначалникот, советниците и вработените од одделението за образование ќе ги посетат сите основни училишта и ќе им посакаат на децата успешен почеток на учебната |

| | |
|---|---|
| | година. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Преку добивање на овој симболичен подарок, кај децата се буди чувство на среќа и радост, мотивираност за учење, дружење со другарчињата и запознавање со наставниците. |
| **Очекувани резултати:** | -Љубов кон книгата и учењето<br>-Училиштето да го прифатат како втор дом.<br>- запознавање на општината во која се родени и учат |
| **Целна група:** | Првачињата од училиштата од општина Карпош (околу 700) |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **150.000,оо денари** |
| **Трошоци:** | -Печатење на книга (брошура)- 130.000,00 ден<br>-Озвучување за секое училиште- 20.000,00 ден |

| 6. | Прослава на денот на Општината<br>Реализатор Општина Карпош |
|---|---|
| **Опис на активности:** | 1. Проект **”Карпош има талент”**- манифестација во која секое училиште се претставува со една точка, избрана од самите ученици (пеење, панцување, глума, свирење на инструмент и сл.)<br>За овој настан Одделението за образование формира комисија составена од стручни лица кои ќе ги номинира трите најдобри точки (прво, второ и трето место) , а Општината ќе ги награди.<br>**2. Цветно дефиле** – учествуваат децата од градинките и ученици од ОУ |
| **Стратешки насоки и цели:** | Стимулирање на креативноста и талентот кај учениците , поттикнување натпреварувачки дух и забава меѓу најмладите. |
| **Очекувани резултати:** | - Заинтересираност за учество кај учениците<br>- Мотивираност за негување на талентите и |

| | |
|---|---|
| | - Фер натпреварување и развивање на другарството помеѓу децата |
| **Целна група:** | Децата од градинките и учениците од основните училишта од Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **100.000,00** |
| **Трошоци:** | **За „Карпош има талент“**<br>- Награди за најдобрите три учесници - 12.000,00 ден (6.000,00ден -прво место, 4.000,00 ден-второ место и 2.000,00 ден- трето место)<br>- Озвучување 12.000,00 ден<br>- Водител -10.000, 00 ден<br>- Коктел за учесниците- 18.000,00ден<br>**Вкупно: 52.000,00 ден**<br>**За учесниците во „Цветно дефиле“**<br>- Озвучување - 12.000,00 ден<br>- Бина - 18.000,00 ден<br>- Водител- 10.000,00 ден<br>- Бонбони и сокчиња за децата-учесници на цветното дефиле- 8.000,00<br>**Вкупно: 48.000,00 ден** |

| **7.** | **Размена на ученици од збратимени општини Реализатор Општина Карпош** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | -Ученици од Општина Карпош во посета на збратимени општини кај свои врсници<br>-Ученици од збратимените општини во посета на ученици од Општина Карпош |
| **Стратешки насоки и цели:** | -зацврстување на меѓуопштинската соработка<br>-запознавање со култура на различни држави и традиции<br>-запознавање со воспитно-образовниот процес |
| **Очекувани резултати:** | -дружење помеѓу децата<br>-почитување на различните култури на живеење |
| **Целна група:** | Ученици од општинските основни училишта |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **250 000,00 денари** |
| **Трошоци:** | -Превоз за учениците, автобуси;<br>-Сместување за наставниците од збратимените општини ( кои се во придружба на учениците ) |

| | |
|---|---|
| | -Ручек за гостите од збратимените општини<br>-Обезбедување на билети за посета на културни настани |

| **8.** | **Хорски натпревар меѓу училиштата**<br>**Реализатор Општина Карпош** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Проектот е предвидено да трае преку цела година и ќе се одржува во просториите на сите основни училишта во Општина Карпош. Секое училиште кое има училишно хорче од ученици може да учествува во проектот. Училиштата цела година ќе вежбаат и на крајот ќе се натпреваруваат за освојување на награда. Мотивирачки е тоа што на овој натпревар за освојување награда ќе се борат и музичките педагози од основните училишта преку хорот со кој континуирано работат. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Целта на проектот е да се поттикне соработката и дружењето помеѓу училиштата на територија на Општина Карпош, како и помеѓу учениците и нивните наставници. |
| **Очекувани резултати:** | -Развивање на уметнички и натпреварувачки дух кај учениците<br>-Ослободување од трема за сценски настап |
| **Целна група:** | Училишните хорови од сите десет основни училишта од Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **60.000,оо денари** |
| **Трошоци:** | -Награди (12.00,00 ден- прво место, 9.000,00 ден- второ место и 6.000,00 ден- трето место) - 27.000,00 ден<br>-Озвучување- 12.000,00 ден<br>-Дипломи и пофалници - 10.000,00 ден<br>-Водител - 7.000,00 ден<br>-Дополнителни трошоци- 4.000,00 ден |

| **9.** | **Креативен центар „Карпош“**<br>**Реализатор Општина Карпош** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Формирање на Креативен центар „Карпош“ кој би се состоел од 10 организациони единици, односно по |

| | |
|---|---|
| | една во секое основно училиште чиј основач е општина Карпош и тоа:<br>1. Ученички истражувачки центар за археологија<br>2. Ученички центар за аудиовизуелни уметности<br>3. Ученичка астрономска опсерваторија<br>4. Ученичка ботаничка градина<br>5. Стакленик за производство здрава храна<br>6. Дом за животни<br>7. Мини – погон за рециклажа<br>8. Ученичка еколошка станица<br>9. Ученички центар за ликовна уметност и ракотворби<br>10. Ученички центар за климатски промени |
| **Стратешки насоки и цели:** | - Унапредување на практичната настава во основните училишта на територија на општина Карпош<br>- Реализација на дел од редовната настава во училиштата<br>- Создавање услови за развој на воннаставните активности на учениците<br>- Откривање, следење и развој на надарени ученици за занимавање со истражување, уметност и бизнис<br>- Развој на одговорност кај учениците за водење грижа за набавената опрема, инвентар и живите организми<br>- Воспоставување на меѓуучилишна соработка помеѓу училиштата на територија на општина Карпош<br>- Придонес во професионалната ориентација на учениците од општина Карпош<br>- Обезбедување услови за ангажирање на мотивиран наставен кадар<br>- Развивање на меѓународна соработка со соодветни центри за работа со надарени млади<br>- Влегување во соодветни мрежи и асоцијации за извонредност на млади (network of youth excellence)<br>- Следење на соодветна литература наменета за ученици за потребите на одделните единици |
| **Очекувани резултати:** | Со реализацијата на овој проект може да се очекува |

| | |
|---|---|
| | унапредување на образовните услуги за учениците од општина Карпош преку: зајакнување на практичната настава, унапредување на воннаставните активности, подобра соработка со бизнис секторот и јавните установи со училиштата, развивање на креативноста кај учениците, унапредување на соработка меѓу училиштата, вклучување на креативни наставници во работата на центарот, поддршка за надарените ученици, развивање на меѓународна соработка во работата со младите и т.н. |
| **Целна група:** | - Ученици од предметна настава во основните училишта на територија на општина Карпош<br>- Наставници од училишта чиј основач е општина Карпош<br>- Родители на ученици<br>- Бизнис заедница<br>- Јавни установи (музеи, театри, зоолошка градина, кинотека, институти, факултети и др.) |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **1.500.000 денари** |
| **Трошоци** | - уредување на простор за организационите единици кои би биле во училишните дворови<br>- санација и преградување на простории за организационите единици кои би биле во училишните објекти<br>- набавка на опрема за организационите единици<br>- хонорари за ментори<br>- ангажман на технички координатор на проектот |

| 10. | Добри практики- синоним за успешност Реализатор Општина Карпош |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Проектот „Добри практики – синоним за успешност“ е насочен пред се кон подобрување на квалитетот на основното образование во Општина Карпош. Основна идеја на овој проект е преку |

| | |
|---|---|
| | размена на позитивни искуства и практики да се зајакнат слабите страни во основното образование, да се интензивира соработката помеѓу основните училишта во општина Карпош и да се екстензивира учеството на родителите во развојот на училиштата во кои учат нивните деца. |
| **Стратешки насоки и цели:** | - Да се одржи и зајакне позитивниот имиџ и успешното менаџирање со училиштата преку зголемена транспарентност и креирање на партнерства<br>- Поттикнување на интелектуалната слобода на наставниот кадар<br>- Подобрување на квалитетот на основното образование во Општина Карпош;<br>- Зајакнување на слабите страни и подобрување на состојбата и работењето во одделенската настава во основните училишта во општина Карпош;<br>- Партиципирање на родителите во развојот на училиштата во кои учат нивните деца;<br>- Пренесување и споделување на позитивни искуства и практики;<br>- Збогатување на активностите на програмата за реализација на дејноста образование на општина Карпош<br>- Интензивирање на соработката помеѓу училиштата во Општина Карпош |
| **Очекувани резултати:** | Зајакнување на слабите страни и подобрување на состојбата и работењето во одделенската настава во основните училишта во општина Карпош |
| **Целна група:** | Професори по одделенска настава, педагози, директори и родители на деца кои посетуваат одделенска настава |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **30.000,00 денари** |
| **Трошоци:** | -Флипчарт табли 5 парчиња - 16.007,50 ден.<br>-Хартија за табла (блок од 20 листа) 10 парчиња- 1.092,50ден.<br>-Маркери за табла 12 парчиња - 906,00ден<br>-Благодарници – 10 парчиња за одговорните лица на тимовите - 767,00 ден.<br>-Хемиски пенкала -130 парчиња - 1.040,00 ден. |

| | |
|---|---|
| | -Тефтери со метална спирала и колор печатена корица – 130 парчиња - 6.110,00ден.<br>-Тековни торшоци- 4.077, 00 ден |

| **11.** | **Школа за фолклор „ Ајде да научиме да ги играме прекрасните македонски ора “<br>Реализатор МКУД Цветан Димов – Бранко Јовески** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Школата за фолклор веќе пет години е присутна во основните училишта во општина Карпош. Учениците ги изучуваат кореографиите на македонските ора, преку организирани проби со придружба на инструмент (тапан). Раководител на школата за фолклор е кореографот и меѓународно признатиот фолклорист Бранко Јовевски. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Целта на овој проект е да се негува, чува и презентира македонскиот фолклор и да се зголеми интересот за посетување на фолклорна школа кај младите генерации. |
| **Очекувани резултати:** | -Продолжување и негување на фолклорната традиција<br>-Ослободување на учениците од трема за сценски настап |
| **Целна група:** | Ученици од основните училишта од општина Карпош, а пробите ќе се одржуваат само во шест училишта |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **150.000,оо денари** |
| **Трошоци:** | -Хонорар за 700 работни часа - 60.000,00 ден<br>-Поставување на две нови изворни ора- 20.000,00ден<br>-Учество на фолклорен фестивал во Ињево (Радовишко)- 20.000,00ден<br>-Изработка на нови стилизирани носии за новите ученици (40 ком) - 40.000,00ден<br>-Маички за проби со лого на Општина Карпош - 10.000,00 ден |

| **12.** | **Школа за модерен танц на Општина Карпош<br>Реализатор Биљана Стојановска Трајковска** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Школата за модерен танц успешно функционира пет |

| | |
|---|---|
| | години како дел од Програмата за образование. Неговата успешност се темели на постигнатите цели и резултати т.е масовно учество на учениците и нивен правилен психофизички развој и развој на креативноста. Проектот е наменет за сите ученици, а предност имаат деца погодени со некој од социјалните ризици, деца без родители, социјално необезбедени деца, деца со лесни пречки во развојот, но способни за физичка активност. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Постигнување на еднакви можности за сите деца, правилен физички, ментален и емоционален развој. Преку физички вежби и танцување на кореографии од модерниот балет до правилен физички развој, развој на игривост, музикалност и креативност. Вклучување на учениците од Општина Карпош во Школата за модерен танц, каде преку најразлични активности, практикување на кореографии од модерниот балет ќе го подигнат нивниот психофизички, културен и социјален развој. |
| **Очекувани резултати:** | -Развивање на социјални карактеристики на однесување во група<br>-Развивање на натпреварувачки карактер и дисциплина<br>-Јакнење на самодовербата, индивидуалноста и меѓусебната соработка<br>-Толеранција и меѓусебно помагање, како и помош во правилен телесен развој |
| **Целна група:** | Ученици од основните училишта од општина Карпош, од 7 до 14 години, погодени со некој од социјалните ризици, а за да се постигне принципот на еднаквост вклучени се и деца кои не се погодени со некој од социјалните ризици. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **150.000,оо денари** |
| **Трошоци:** | -Трошоци за одржување на часови - 90.000,00 ден<br>-Трошоци за организирање и одржување на годишен концерт и други јавни настапи - 20.000,00 ден<br>-Трошоци за изработка на костими - 30.000,00 ден<br>-Трошоци за фото и видео записи на јавни настапи, изработка на дипломи, флаери, фотографии, |

| | |
|---|---|
| | трошоци за дополнителна опрема и др. трошоци - 10.000,00 ден |

| | |
|---|---|
| 13. | **Меѓународна детска ликовна колонија**<br>***Реализатор:***<br>**Детски ликовен центар** |
| **Опис на активности:** | На традиционалната детска ликовна колонија учествуваат ученици од основните училишта на територија на Општина Карпош и ученици од училиштата од збратимените општини. Мотивите и темите за работа на ликовната колонија се: сликање на манастирот и природните убавини на планината Водно, сликање од птичја перспектива на Градот Скопје како и сликање по слободен избор.<br>По завршување на ликовната колонија, се организира изложба од сработените ликовни дела на младите таленти.<br>Меѓународната детска ликовна колонија традиционално се одржува во месец септември. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Целта е да се поттикне уметничкиот дух и дружењето кај учениците од општината Карпош со учениците од збратимените општини. Негување на ликовната традиција кај младите. |
| **Очекувани резултати:** | -Учество на ученици и наставници од збратимените општини,<br>-Масовна посетеност на изложбата од ученици, родители |
| **Целна група:** | Учениците од основните училишта од Општина Карпош и збратимените општини |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **150.000,оо денари** |
| **Трошоци:** | -Материјали за сликање (хромокартони) - 15.000,00 ден<br>-Бои за сликање за учениците- 12.000,00 ден<br>-Ужина и сокови за учесниците- 10.000,00 ден<br>-Дипломи-признанија- 3.000,00 ден<br>-Документирање на творбите- 2.000,00 ден<br>-Режиски трошоци- 4.000,00 ден<br>-Каталог- 5.000,00 ден<br>-Сместување на учесниците од другите градови- |

| | |
|---|---|
| | 70.000,00 ден<br>-Превоз на учесниците до манастирот и назад- 16.000, 00 ден<br>-Завршна изложба- 13.000,00 ден |

| | |
|---|---|
| 14. | ***Истражување на задоволството на родителите од квалитетот на услугите во основното образование во општина Карпош***<br>**Реализатор Vision Consulting** |
| **Опис на активности:** | Во почетната фаза на процесот на изработка на Стратегијата за развој на основното образование во општина Карпош (2011-2016), во периодот од 12. 01. 2011 до 28. 01. 2011 година беше спроведено истражување на задоволството на родителите од квалитетот на услугите во основното образование во општина Карпош. Основната цел на истражувањето беше да се добие реална слика за тоа во која мера основните училишта во општината ги задоволуваат стандардите за квалитетно образование на учениците од прво до осмо одделение.<br>Со цел да се отстрани овој недостаток и открие трендот, општина Карпош го ангажираше Висион Консалтинг да изработи второ такво истражување во јануари 2012г., трето во јануари 2013 г. и четврто во септември 2015 г. кои како дополнителен бенефит содржеа и споредба на задоволството на родителите во 2011, 2012, 2013 и 2015 година по сите категории. Со цел да се одреди трендот, Висион Консалтинг ја доставува оваа понуда за изработка на истражувачки проект за испитување на задоволството на родителите од основното образование кој ќе се реализира во 2016 година. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Главната цел на основното истражување е да се утврди степенот на задоволството на родителите од квалитетот на услугите во основното образование во општина Карпош.<br>Специфични цели на истражувањето се:<br>-Да се определи Индексот на задоволството на родителите (Customer Satisfaction Index-CSI) од квалитетот на услугите во основното образование, |

| | |
|---|---|
| | како најпопуларна мерка за прикажување на задоволството,<br>-Да се определат карактеристиките на "тоталната понуда" од услугите во основното образование кои имаат најголемо значење за родителите и да се направи вкрстување на овие податоци со податоците за задоволството (да се анализира матрицата важност / задоволство),<br>- Да се обезбедат податоци кои ќе му помогнат на општинското раководство да ги открие клучните приоритети (Priorities For Improvement-PFS), кон чија реализација треба да се насочат нивните напори за наредната година, за да се подобри квалитетот на образовните услуги,<br>-Да се определи довербата и степенот на лојалност на родителите спрема основните училишта во општината, изразени преку намерите за повторно купување (запишување на дете) на / во истото училиште во општината и намерите за "позитивни усмени препораки",<br>-Да се направи ранг листа на најуспешните основни училишта во општината,<br>-Да се открие трендот на задоволството на родителите во споредба со претходните две години, и<br>-Да се придонесе за воспоставувањето на маркетиншка ориентација на работењето на градоначалникот и општинското раководство, чие основно мото гласи: " Се почнува и завршува со граѓаните". |
| **Очекувани резултати:** | Анализа на прашалниците ќе опфати анализа на фреквенции на сите прашања поединечно, како и вкрстена анализа на повеќе променливи со што ќе се добие одговор за задоволството на родителите според области.<br>Краен чекор во истражувачкиот процес е подготовката на финалниот извештај и презентацијата на клучните заклучоци пред раководството на општината. Финалниот извештај ќе содржи препораки за клучните области во кои треба да се интервенира во наредната година со цел да се подобри квалитетот на услугите во основното |

| | |
|---|---|
| | образование во општина Карпош, а со тоа и да се зголеми степенот на задоволството на родителите. |
| **Целна група:** | Вкупниот број на ученици во 10-те основни училишта на територијата на општина Карпош ја претставува популацијата од која ќе се одбере примерокот на испитаници.<br>Како рамка на примерокот за online испитувањето ќе се искористи расположивата база на податоци на e-mail адреси на родителите на кои ќе биде дистрибуиран прашалникот. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **200.000,00 денари** |
| **Трошоци:** | Земање на изјави од родители:<br>-Печатење на 6000 ливчиња- 12.000,00ден<br>-Анкетар за 5 дена -5.000,00ден<br>Дизајнирање на соодветни иницијални анкетни прашалници:<br>-Експерт за 1 ден- 5.000,00ден<br>Пилот тестирање:<br>-Анкетар за 1 ден- 1.000,00ден<br>Дефинирање на финална верзија на анкетни прашалници:<br>-Експерт за 1 ден- 5.000,00ден<br>Онлине дистрибуција на прашалникот:<br>-Онлине софтвер за истражување-11.000,00ден<br>Теренска дистрибуција на прашалници:<br>-Двајца анкетари за 2 дена- 4.000,00ден<br>-Печатење на прашалници- 1.600,00ден<br>-200 бели плика- 400 ден<br>Собирање, внесување и обработка на податоци:<br>-Двајца експерти за 2 дена- 10.000,00ден<br>Статистичка анализа на податоци:<br>-Двајца експерти за 3 дена- 20.000,00ден<br>-Графички дизајнер за 3 дена- 15.000,00ден<br>Изработка на извршно резиме<br>-Експерт за 6 дена- 10.000,00ден<br>Анализа на фреквенции и заклучоци<br>-Двајца експерти за 5 дена- 10.000,00ден<br>Средување и анализа на одговори<br>-Двајца експерти за 3 дена- 10.000,00ден<br>Компаративна анализа и рангирање на училишта |

| | |
|---|---|
| | - Двајца експерти за 3 дена- 10.000,00ден<br>Изработка на препораки<br>-Двајца експерти за 2 дена- 10.000,00ден<br>Подготовка на 4 вкрстени анализи<br>-Експерт за 2 дена- 10.000,00ден<br>Компаративна анализа на резултати<br>-Двајца експерти за 5 дена-20.000,00ден<br>Презентација на финални извештаи<br>- Двајца експерти за 2 дена- 10.000,00ден |

| **15.** | **Едукација за правилата, безбедноста и бон-тон во сообраќајот<br>Реализатор Стратагем** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Проектот за едукација за правилата, безбедноста и бон-тон во сообраќајот е планирано да се спроведува во рамките на две календарски години. Проектот првенствено ќе се реализира преку посета на стручни лица од областа на сообраќајот во основните училишта на територија на Општина Карпош, каде преку помош на соодветно на возраста адаптирани материјали ќе им се одржуваат предавање на најмладите.<br>Демонстраторите ќе ги едуцираат слушателите за важноста од познавањето на сообраќајните правила како и нивното почитување. Ќе се изведуваат и показни вежби за дадени ситуации и начин на правилно постапување во такви ситуации. Предвидени се и јавни трибини-предавања на кои ќе се проектираат и слики од сообраќајни несреќи.<br>Предвидени се и средби со граѓани во помали средини каде на слушателите ќе им се презентира важноста од познавањето на сообраќајните правила како и нивното почитување. Слушателите ќе имаат можност да ги информираат официјалните лица на Општината за сообраќајните проблеми кои ги имаат граѓаните и да дадат предлог за нивното надминување.<br>Ќе се води и активна интернет кампања преку промовирање на активностите кои се спроведуваат во текот на проектот пропратени со |

| | |
|---|---|
| | дополнителни материјали од едукативна природа. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Генералната цел на овој проект е едукација на учениците за сообраќајните правила и прописи како и за сообраќајниот бон-тон како и преку едукација да се придонесе за намалување на бројот на сообраќајните несреќи на територија на општина Карпош.<br>Поединечни цели на овој проект се:<br>-Едукација на младата популација за важноста од едукација и почитување на сообраќајните правила и прописи како и практикување на сообраќајниот бон-тон.<br>-Едукација на повозрасната популација за важноста од едукација и почитување на сообраќајните правила и прописи како и практикување на сообраќајниот бон-тон.<br>-Причините поради кои е битна и задолжителна контролата врз помладите учесници во сообраќајот од страна на родителите и блиските.<br>-Воведување на најмладата популација која сеуште не е активен учесник во сообраќајот на основните правила на однесување на учесниците во сообраќајот. |
| **Очекувани резултати:** | -Поголемо познавање на сообраќајните правила и норми<br>-Поголема свесност за важноста од почитувањето на сообраќајните правила и норми<br>-Зголемена сообраќајна култура<br>-Намалување на бројот на сообраќајните несреќи<br>-Воведување на општо познавање од сообраќајните правила и норми и сообраќајна култура на најмладата генерација која би била здрав темел врз кој понатака ќе с енадградуваат и прошируваат знаењата за сообраќајните правила и нивното почитување. |
| **Целна група:** | Граѓаните на територија на општина Карпош со посебен акцент на учениците од основните училишта на општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **200.000,00 денари** |

| | |
|---|---|
| **Трошоци:** | -Проектен координатор за 12 месеци-60.000,00ден<br>-Персонален данок- 2.000,00 ден<br>-Патни трошоци- 16.000,00 ден<br>-Канцелариски трошоци -6.000,00 ден<br>-Печатење на постер- 5.000,00 ден<br>-Печатење на флаери- 5.000,00 ден<br>-Демонстратори-сообраќајни инженери- 62.000,00 ден<br>-Персонален данок- 10.000,00 ден<br>-Материјали за учесниците на работилниците - 1.000,00 ден<br>-Трошоци за интернет, маркетинг кампања, веб-дизајн, сервер- 30.000,00 ден<br>-Банкарски провизии- 3.000,00 ден |

| **16.** | **Верувај во себе**<br>**Реализатор ИМОР** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Ниското ниво на самодоверба и незадоволството од физичкиот изглед имаат големо влијание врз учењето на детето и неговиот живот во училиштето. Анксиозноста предизвикана поради вниманието што физичкиот изглед го привлекува се поврзува со намалена способност за фокусирање и избегнување на активно учество или ангажирање во училиштето, што резултира со слаби постигнувања на детето.<br>Самодовербата влијае врз грижата за себе емоционално, физички и духовно и за нејзино подигнување на повисоко ниво, ИМОР подготви проект од 4 месеци, кој ги вклучува следниве активности:<br>-Организирање на 5 работилници за учениците<br>-Изработка на веб страна за проектот<br>-Изработка на печатени материјали: плакати и флаери за проектните активности, работни листови за учениците и материјали од работилниците<br>-Изработка на видео материјал за обука на учениците<br>-Изготвување на извештај од проектот |

| | |
|---|---|
| **Стратешки насоки и цели:** | Општа цел на проектот е да ја поттикне самодовербата кај адолесцентите.<br>Цели на проектот:<br>-Спротиставување на нереалните социокултурни идеали за физичкиот изглед<br>-Медиумска писменост во однос на овие идеали<br>-Намалување на појавата на споредување и водење разговори за физичкиот изглед<br>-Поттикнување на физички активизам и позитивни промени во однесувањето |
| **Очекувани резултати:** | Учениците да имаат поголема доверба во својот физички изглед, повисоко ниво на самодоверба и да се почуствуваат посигурни за да бидат дел од друштвените и училишните активности. |
| **Целна група:** | Ученици од 11-14 години од пет основни училишта со различна национална, социјална и друга припадност. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **170.000,00 денари** |
| **Трошоци:** | -Хонорар за проектен тим -54.000,00 ден<br>-Хонорар за обучувачи- 40.000,00 ден<br>-Изработка на видео материјали- 17.000,00 ден<br>-Креирање на печатени материјали- 9.000,00 ден<br>-Изработка на веб страна- 12.000,00 ден<br>-Подготовка на конечен извештај- 5.000,00 ден<br>-Материјали за работилниците- 2.000,00 ден<br>-Освежување за учесници- 9.000,00 ден<br>-Печатење на промотивен материјал- 13.000,00 ден<br>-Печатење на работни листови- 4.000,00 ден<br>-Трошоци за превоз- 5.000,00 ден |

| 17. | **Превенција и едукација од создавање деформитети на р’бетниот столб кај децата од предучилишна и училишна возраст**<br>СТРАТАГЕМ |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Современиот урбан начин на живеење во значителна мерка придонесува за зголемување на процентот кај децата кај кои се регистрирани деформитети на ‘рбетниот столб.Од година во година бројот на децата со лошо телесно движење значително расте.<br>Особено критичен териoд во развојот на детето е |

| | |
|---|---|
| | периодот на пубертет, кога промените настануваат многу брзо.Навременото реагирање и дијагностицирање како и преземањето на одредени мерки за надминување на проблемите кои настанале се неминовните работи кои треба да се преземат за спречување на деформитетите<br>За да се подобри и заштити здравјето на најмладата популација потребни се задолжителни систематски прегледи за сите деца во Република Македонија. Систематските прегледи ги опфаќаат децата од училишна возраст, од шестгодишна до четиринаесетгодишна возраст на секои две години. Но тие се недоволни за да се утврдат деформитетите кај децата.<br>Во оценувањето на држењето на телото се користат две групи методи и тоа субјективни и објективни<br>Потребно е рано дијагностицирање ,односно рани тестови и мерења кои треба да се направат за рано откривање на деформитетите.<br>Една од најзначајните методи е ренгенграфијата,доколку има потреба се прават КТМ (момпјутерска томографија) или МРИ (магнетна резонанса) каки и мерења на долните екстремитети бидејќи е една од најчестите причини за појава на деформитети на ‘рбетот. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Генерална цел на проектот е превенција и едукација од создавање деформитети на рбетниот столб кај децата од предучилишна и училишна возраст во градинките и училиштата низ Општина Карпош,Град Скопје.<br>Поединечни цели на проектот се:<br>-намалување на деформитетите кај младината<br>-здрав начин на живеење<br>-промовирање на здрав начин на живот<br>-правилен психофизички развој<br>-намалување на секундарните проблеми кои настанале од деформитетите на ‘рбетниот столб<br>-намалување на трошоците за лекување<br>-намалување на секундарните деформитети<br>-намалување на интернистички проблеми<br>-намалување на респираторниот дефицит |

| | |
|---|---|
| | -подобрена постура<br>-едукација на децата за важноста од физичката активност и правилното држење на телото |
| **Очекувани резултати:** | -Намалување на деформитети кај младината<br>-Здрав начин на живеење<br>-Промовирање на здрав начин на живот<br>-Правилен психофизички развој<br>-Намалување на секундарните деформитети<br>-Подобрена постура<br>-Намалување на трошоците за лекување |
| **Целна група:** | Ученици од училишна возраст |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **200.000,00 денари** |
| **Тошоци:** | -Персонал- 60.000,00 ден<br>-Патни трошоци- 15.000,00 ден<br>-Канцелариски материјал- 5.000,00 ден<br>-Опрема- 6.000,00 ден<br>-Директни трошоци за проектот- 100.000,00 ден<br>-Режиски трошоци- 12.500,00 ден<br>-Банкарски провизии- 1.500,00 ден |

| 18. | **Учиме преку креативност<br>Реализатор Младински Европски Едукативен Центар -МЕЕЦ** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Проектот „Учиме преку креативност“ е проект кој ќе биде спроведен од граѓанската асоцијација МЕЕЦ-Скопје и е наменет за деца во последните две години од образованието, а ќе биде спроведен во сите десет основни училишта во Општина Карпош. Проектот е базиран на принципот на активно учење, како и на принципот на доживотна креативност. Овој проект ги вклучува следниве активности:<br>-Формирање на тим задолжен за реализација на проектот<br>-Состанок со надлежните од општина Карпош<br>-Состанок со надлежните од основните училишта и договарање на активности<br>-Примање на апликации и избор на предавачи и пежисер<br>-Состанок со тимот на предавачи и делегирање |

| | |
|---|---|
| | задачи<br>-Обезбедување на потребните материјали<br>-Аудиција за драмскиот перформанс<br>-Состанок со наставниците по музика, одговорни за училишните хорови и договарање на активностите<br>-Одржување на едукативни семинари еднаш неделно во секое училиште<br>-Изработка на креативни постери и уметнички слики<br>-Подготовка за драмскиот перформанс<br>-Завршна изложба<br>-Наградно патување за најуспешните<br>-Завршен состанок на тимот<br>-Печатење на флаер и презентирање на истиот |
| **Стратешки насоки и цели:** | Општа цел на проектот е развивање на свеста кај најмладите во врска со трите вредности: хуманост, толеранција и еко-одржливост.<br>Специфични цели на проектот се едукација на 300 ученици во двете завршни години од основното образование од искусни предавачи на внимателно одбрани теми од областа на хуманоста, толеранцијата и еко-одржливоста, како и поттикнување на талентот и креативниот дух, работата во тимови и компетитивноста преку учество на завршен натпревар во изработка на креативни постери и уметнички слики.<br>Важноста на овој проект е да се посвети внимание на најмладите во најранливата возраст и да се помогне во нивно формирање во вистински граѓани на модерното општество. |
| **Очекувани резултати:** | Покрај директните придобивки од едукативните семинари, младите ќе имаат прилика да работата во тимови каде ќе научат:<br>- како да работат со други луѓе<br>- да прават поделба на работни задачи<br>- да делегираат задачи<br>- да го ценат трудот на другите<br>-да работат сами<br>-да превземаат одговорност и сл. |
| **Целна група:** | 300 ученици од осмо и деветто одделение од основните училишта на територија на општина Карпош |

| | |
|---|---|
| **Предвидена финансиска рамка:** | **200.000,00 денари** |
| **Трошоци:** | -Материјали за реализација на проектот- 45.000,00 ден<br>-Трошоци за гориво -15.000,00 ден<br>-Дневници за предавачи- 50.000,00 ден<br>-Надоместок за проектен тим- 25.000,00 ден<br>-Завршен настан и коктел за гости- 50.000,00 ден<br>-Други трошоци- 15.000,00 ден |

| 19. | Обновливи извори на енергија- скапоцена надеж за иднината<br>Реализатор СТЕМ академија |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Проектот ќе се состои од 3 компоненти<br>**Компонента # 1- Создавање на отворена платформа**<br>Целта на оваа група на активности е да се обезбеди вклучување на што е можно повеќе млади луѓе преку нивните училишта. Со цел да се направи тоа, СТЕМ Академија ќе ги превземе сите неопходни активности за да се идентификуваат заинтересирани училишта, претставување на проектот и вклучување на училиштата во проектните активности во корист на нивните деца. Понатаму СТЕМ академија ќе создаде механизам за соработка, која ќе биде отворена за сите основни училишта да се приклучат и да придонесат кон целите на проектот. Оваа компонента, исто така, ќе се состои од Промотивни и ПР активностите кои ќе бидат координирани со тим ЕВН ПР<br>**Компонента # 2- кариернаа ориентација**<br>СТЕМ академија ќе организира неколку сесии со родителите, наставниците и одредени професионалци кои можат да помогнат малку во ориентација на младите особено кон идентификување на потребите на градење на СТЕМ (инженерство, наука, технологија и математика) вештини за развој на нивните |

| | |
|---|---|
| | кариери<br>**Компонента # 3 21 век вештини и способности преку иновативни учење методологија**<br>Моментално СТЕМ академија нуди светски познати програми развиени од LEGO. Децата преку овие програми се запознаваат со основите на инженерството и науката, создавајќи вистински експерименти врз основа на нивните омилени приказни. Оваа компонента се однесува и на најбараните вештини на 21 век: тимска работа, одлични комуникативни изразување и критичко размислување. Овие програми им овозможуваат на младите да учат преку игра користејќи некомерцијални Лего коцки и активности за учење. Врз основа на согледаните потреби од вештини, СТЕМ Академија ќе ги преземе неопходните активности за да ги обезбеди овие СТЕМ програми од LEGO Education, со цел да се здобијат со потребните програмски материјали за практична примена на обновливи извори на енергија, како и воведување на повеќе едукативни активности во рамките на STEM програми насочени кон специфични вештини. Понатаму СТЕМ Академијата ќе спроведе обука на специјализирани едукатори кои ќе предаваат на овие кориснички работилници. СТЕМ академија ќе организира едукативни работилници што овозможуваат младите да се приклучат и да им се овозможи да изградат вештини за обновливите извори на енергија, кои се најпотребни. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Главната цел на овој проект е да им овозможи на младите да се стекнат со вештините на 21-от век со знаења за обновливите извори на енергија и да ги применат. Ќе се користат иновативни и докажани светски програми во училиштата на подрачјето на Општина.<br>**Специфичните цели вклучуваат**<br>1. Зголемување на интересот на учениците за науката, технологијата, инженерството и математиката<br>2. Изградба на практичните знаења на младите за |

| | |
|---|---|
| | обновливи извори на енергија, со цел стекнување на вештини кои практично ќе ги користат во нивните домови, нивните автомобили и нивните кариери |
| **Очекувани резултати:** | - Најмалку 2 основни училишта да се приклучат на платформата и активно да учествуваат во активностите на проектот<br>- Учениците ќе истражуваат три главни извори на обновлива енергија - сонцето, ветерот и водата<br>- Најмалку 60 млади луѓе да учествуваат во специјализирани СТЕМ програми водени од најмалку 4 едукатори обучени во обезбедување Специјализирани Лего Програми за образование |
| **Целна група:** | Редовни ученици (60) од 6-то до 9-то одделение |
| **Предвидена финансиска рамка:** | Нема финансиска конструкција-<br>Финансирано од ЕВН Македонија |
| **Трошоци** | / |

| | |
|---|---|
| ВКУПНО: | **14 780 000,00 денари** |

**Вкупна предвидена финансиска рамка:**

## III. Финансирање

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од **14.780.000,00** денари е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2016 година.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои согласно потребите ќе се појават во текот на 2016 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Карпош.

## IV. Завршни одредби

Одделението за образование со Секторите за Финансии и Јавни набавки ќе изработат динамички план со финансиски и временски рамки за полесно имплементирање и следење на

реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма. Покренувањето на нови иницијативи, како и давање мислења и предлози заради остварување на целите на Програмата може да биде дел од било кој Сектор на Општината во непосредна соработка со Секретарот и Градоначалникот.

**Број: 08-8826/19**
**Датум: 03.12.2015 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на заштита и спасување на граѓани и материјални добра за 2016 година**

1. Се објавува Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на заштита и спасување на граѓани и материјални добра за 2016 година, донесена на четириесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 03 декември 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-9234/18**
**Датум: 04.12.2015 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р**

Врз основа на член 22, став 1, точка 10 и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на четириесет и втората седница, одржана на 03 декември 2015 година, донесе

## ПРОГРАМА
## За активностите на Општина Карпош во областа на заштита и спасување на граѓани и материјални добра за 2016 година

### I. Развојни приоритети и цели

Општина Карпош настојувајќи да одржи чекор за намалување на ризиците од несреќи, обезбедува услови за мирен и безбеден живот на своите граѓани.

### II. Проектни активности

| 1. | |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Редовен сервис и одржување противпожарни апарати и хидрантската мрежа во Општината и урбаните и месните зедници, основните училишта и детските градинки. |
| **Стратешки насокии цели:** | Безбедност на вработените, учениците децата во детските градинки од аспект на заштита од пожари |
| **Очекувани резултати:** | Перманентно одржување на апаратите и хидранската мрежа за квалитетно и успешно справувае во случај на појава на пожар. |
| **Целна група:** | Општината, урбаните и месните зедници, основните училишта и детските градинки. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **350.000,00 денари** |
| | |
| | |

| 2. | |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Редовна дезинсекција, дезинфекција и дератизација |

| | |
|---|---|
| | на подрачјето на општината, на објектите во сопственост на општината како и во основните училишта и детските градинки |
| **Стратешки насокии цели:** | Квалитетно живеење на граѓаните во безбедна и сигурна човековата околина. |
| **Очекувани резултати:** | Ефикасно уништување на штетни глодари и предизвикувачи на заразни болести. |
| **Целна група:** | Подрачјето на општината, на објектите во сопственост на општината како и во основните училишта и детските градинки |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **800.000,00 денари** |

| 3. | |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Одржување на громобранското и заштитно заземјувањево општината, урбаните и месните зедници, основните училишта и детските градинки |
| **Стратешки насокии цели:** | Безбедност на вработените, учениците децата во детските градинки од аспект на заштита од атмосферски празнења и појава на пожар. |
| **Очекувани резултати:** | Редовно одржување на системите за громобранско и заштитно заземјување. |
| **Целна група:** | Објектите во сопственост на општината како и во основните училишта и детските градинки. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **500.000,00 денари** |

| 4. | |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Обука и организирање на вежбовни активности за припадниците на Просторната единица за заштита и спасување на Општина Карпош. |
| **Стратешки насокии цели:** | Подготвеност на Просторната единица за заштита и спасување за делување дадена ситуација |
| **Очекувани резултати:** | Успешно совладување на обуките и стекнување со одредени вештиниод посетените курсеви и обуки |
| **Целна група:** | Просторна единица за заштита и спасување на Општина Карпош |

| | |
|---|---|
| **Предвидена финансиска рамка:** | **250.000,00 денари** |

| | |
|---|---|
| 5. | |
| **Опис на активности:** | Одржување во исправна состојба на оџаците, димоводните уреди, системите за воздух, системите за воздушно и водено греење, огништата-котли за парно греење во објектите на основните училишта и детските градинки во надлежност на општината. |
| **Стратешки насокии цели:** | Безбедност на вработените, учениците децата во детските градинки од аспект на заштита од пожари |
| **Очекувани резултати:** | Постојано одржување оџаците, димоводните уреди, системите за воздух, системите за воздушно и водено грееење, огништата-котли за парно греење заради заштита од појава на пожар. |
| **Целна група:** | Објектите во сопственост на општината како и во основните училишта и детските градинки. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **300.000,00 денари** |
| | |
| | |

| | |
|---|---|
| 6. | |
| **Опис на активности:** | Осигурување на опремата на просторната единица за заштита и спасување во магацинскиот простор |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **100.000,00 денари** |

| | |
|---|---|
| 7. | |
| **Опис на активности:** | Во согласно со членот 21, став 3 и членот 51 став 1, алинеја 3 од Законот за пожарникарство, („Службен весник на РМ” бр.67/04), уредено е дека, Општините и Градот Скопје, односно општините во Градот Скопје, надлежни се да обезбедат простор и финансиски средства за тековна активност на доброволната |

| | |
|---|---|
| | противпожарна организација на својата територија како единствениот извор за нивно финансирање.<br>Во Буџетот на Општината за 2016 година потребно е да се планираат финансиски средства за доброволни противпожарни организации кои што дејствуваат на подрачјето на Општина Карпош.<br>Оваа активност ќе се реализира по пат на јавен повик. Изборот ќе се утврди од комисија формирана од страна на градоначалникот на Општина Карпош. Доброволните противпожарни друштва треба да доставт барање до општината со програми и активности за реализација за 2016 година. |
| **Стратешки насокии цели:** | Помагање со финансиски средства на доброволни противпожарни организации за вклопување во системот на противпожарна заштита. |
| **Очекувани резултати:** | Спроведување на превентивни мерки кои ќе ја подигнат свеста на граѓаните од аспект на противпожарна заштита и учество во противпожарна заштита. |
| **Целна група:** | Доброволни противпожарни друштва |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **300.000,00 денари** |

Покрај наведените мерки и активности Одделението за заштита и спасување на граѓани и материјални добра при Секторот за поддршка на градоначалникот, во текот на 2016 година ќе реализира и повеќе други конкретни активности од кои треба да бидат споменати:
- Редовно ажурирање на сите оперативни планови за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи;
- Редовно годишно ажурирање на мерките за приправност;
- Редовна изработка на известувања до граѓаните со насоки за однесување и превентивни мерки во летниот период од аспект на заштита од пожар;
-Евентуално спроведување на активности што неможат однапрет да се предвидат, а што се од интерес за заштита на граѓаните и материјалните добра.

**Вкупнапредвиденафинансискарамка: 2 600 000, 00**

**III. Финансирање**

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од **2 600 000, 00** денари е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2016година.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, ако и согласно потребите ќе се појават во текот на 2016 година, ќе бидат предви ден и дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Карпош.

## IV. Завршни одредби

Сектор за поддршка на градоначалник,Одделение за заштита и спасување на граѓани и материјални добра со Секторите за Финансии и Јавни набавки ќе изработат динамички план со финансиски и временски рамки за полесно имплементирање и следење на реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма.

Покренувањето на нови иницијативи, како и давање мислења и предлози заради остварување на целите на Програмата може да биде дел од било кој Сектор на Општината во непосредна соработка со Секретарот и Градоначалникот.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**м-р Сашо Лазаровски, с.р**

**Број: 08-8826/20**
**Датум: 03.12.2015 година**
**Скопје**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на информатичката технологија за 2016 година**

1. Се објавува Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на информатичката технологија за 2016 година 2016 година, донесена на четириесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 03 декември 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-9234/19**
**Датум: 04.12.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на четириесет и втората седница, одржана на 03 декември 2015 година, донесе

## ПРОГРАМА
## за активностите на Општина Карпош во областа на информатичката технологија за 2016 година

### I. Развојни приоритети и цели

Програмата за развој на ИТ (информатичката технологија) во Општина Карпош за 2016 година ќе биде насочена кон повеќе области на делување:

- Доопремување и обновување на хардвер и софтвер
- Одржување и обновување на софтвер
- Снабдување со потребните просторни податоци за ГИС
- Континуирани обуки на стручниот кадар
- Развој на повеќе информатички услуги и интеграција со постојните ИТ системи за да се обезбеди осовременување на работата администрацијата
- Обезбедување на електронска комуникација со граѓаните.

### II. Проектниактивности

| 1. | АКТИВИРАЊЕ НА СТАРИ И НАБАВКА НА НОВИ ЕЛЕКТРОНСКИ ПОТПИСИ |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Сите документи кои се издаваат во Општината ќе се потпишуваат од одговорните вработени по електронски пат и истите ќе бидат полноважни. Треба да се набават - обноват вкупно 40 дигитални потписи. |
| **Стратешки насокии цели:** | Помалку користење на хартија и побрз проток на документи во Општината. |

| | |
|---|---|
| **Очекувани резултати:** | Ефикасно и транспарентно потпишување на службената документација. |
| **Целна група:** | Потписници на изработката на градежните дозволи, Раководители и помошници раководители на сите Сектори, Овластени инспектори, Секретар и Градоначалник на Општината. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 60.000, 00 ден<br>(за набавка на електронски потписи/токени) |

| 2. | Оддржување и надградба на ИТ системи |
|---|---|
| **Описнаактивности:** | Општина карпош располага со повеќе ИТ системи кои се неопходни за функционирањето на општината односно услугите кои се нудат на граѓаните.<br>За непречено и современо функционирање на системите потребно е тековно оддржување како и надградба долку е неопходна. Системи кои се имплементирани во општината и за кои е потребно тековно оддржување и надградба се следните:<br>- Електронско Архивско и деловодно работење<br>- Документ менаџмент систем<br>- ГИС (Гео информационен систем)<br>- SPLUNK сервер<br>- Апликација за човечки ресурси |
| **Стратешки насоки и цели:** | Соефективно оддржување и надградба на постоечките ИТ системи квалитетот на услугите кои ги испорачува општинската администрација значително ќе се подобри како квантативно така и квалитативно. |
| **Очекувани резултати:** | Подобрување на услугите кои ги нуди општината |
| **Целнагрупа:** | Вработени во Општината и правни и физичкилицакоиимаатпотребаодуслугите наопштината. |
| **Предуслови и ризици:** | - Предуслов е објавувањенаоглас |

| | |
|---|---|
| **Потребничовечки ресурси и стручникадри:** | - Потребно е набавканауслугиодстранананадворешенправенсубјекткојсезанимавасотематикатазакојасеобјавуваогласот<br>- Постоечкитечовечкиресурскивоопштинскатаадминистрацијакоиќебидатобучениодстручнителицанапровајдеротнауслугите |
| **Предвиденафинансиска рамка:** | 1.000.000,oo ден<br>(почетна предвидена финансиска рамка за објавување на јавен оглас за избор на најповолен економски оператор) |

| 3. | НАБАВКИ НА ЛИЦЕНЦИ ЗА СЕРВЕРИ, ОПЕРАТИВНИ СИСТЕМИ, АНТИВИРУСНИ ДЕФИНИЦИИ И ГИС АПЛИКАЦИИ |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Потреба од соодветни лиценци ќе се утврдува зависно од потребата за нови апликации кои нема да можат да ги искористат веќе постоечките конфигурации. |
| **Целна група:** | Сите сектори |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 200.000,00 ден<br>(почетна предвидена финансиска рамка за објавување на јавен оглас за избор на најповолен економски оператор) |

| 4. | ГОДИШНО ОДРЖУВАЊЕ НАСИТЕ ХАРДВЕРСКИ КОМПОНЕНТИ ВО ИТ СИСТЕМОТ |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Ќе се изврши попис и поделба на сите компоненти во групи и ќе се направат отворени договори за одржувања по однос на тие групи. |
| **Целна група:** | Сите вработени кои поседуваат компјутери или други електронски уреди во Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 400.000,00 ден<br>(почетна предвидена финансиска рамка за објавување на јавен оглас за избор на најповолен економски оператор) |

| 5. | НАБАВКА НА ХАРДВЕР И ХАРДВЕРСКИ КОМПОНЕНТИ ВО ИТ СИСТЕМОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Набавка на хардвер и хардверски компоненти за потребите на вработените во Општина Карпош. |
| **Целна група:** | Сите вработени во Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 1.000.000,00 ден<br>(почетна предвидена финансиска рамка за објавување на јавен оглас за избор на најповолен економски оператор) |

| 6. | Изработување на мобилна апликација “Карпош комуницира” поддржана од android и ios оперативни системи |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Преку оваа апликација сите граѓани ќе имаат можност да бидат информирани за активностите на општината и ќе имаат можност да бидат во директна комуникација преку апликацијата на мобилните уреди |
| **Целна група:** | Сите граѓани во Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 300.000,00 ден<br>(почетна предвидена финансиска рамка за објавување на јавен оглас за избор на најповолен економски оператор) |

## III. Обуки

| 1. | Компјутерска едукација |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Компјутерска едукација и сертификација за сервер администратори на оперативни системи |
| **Очекувани резултати:** | Едукација на вработените од ИТ Секторот за менаџирање на серверите на општината со што се заштедува на годишно одржување. Наместо да се ангажираат еконмски оператори, самите вработени ќе го работат одржувањето на серверите. |

| | |
|---|---|
| **Целна група:** | Вработени во ИТ Секторот Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 60.000,00 ден (почетна предвидена финансиска рамка за објавување на јавен оглас за избор на најповолен економски оператор лиценциран за спроведување на обуките) |

| **2.** | Компјутерска едукација |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Компјутерска едукација и сертификација за Cisco Network (Циско системи) |
| **Очекувани резултати:** | Едукација на вработените од ИТ Секторот за менаџирање на мрежата на општината со што се заштедува на годишно одржување. Наместо да се ангажираат еконмски оператори, самите вработени ќе го работат одржувањето на мрежата. |
| **Целна група:** | Вработени во ИТ Секторот Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 60.000,00 ден (почетна предвидена финансиска рамка за објавување на јавен оглас за избор на најповолен економски оператор лиценциран за спроведување на обуките) |

**Вкупна предвидена финансиска рамка: 3.080.000,00денари**

## III. Финансирање

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од 3.080.000,00 денари е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2016 година.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, ако и согласно потребите ќе се појават во текот на 2016 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Карпош.

## IV. Завршни одредби

Секторот за Информатичка технологија со Секторите за Финансии и Јавни набавки ќе изработат динамички план со финансиски и временски рамки за полесно имплементирање и следење на реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма.

Покренувањето на нови иницијативи, како и давање мислења и предлози заради остварување на целите на Програмата може да биде дел од било кој Сектор на Општината во непосредна соработка со Секретарот и Градоначалникот.

**Број: 08-8826/21**
**Датум: 03.12.2015 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на месна самоуправа за 2016 година**

1. Се објавува Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на месна самоуправа за 2016 година, донесена на четириесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 03 декември 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-9234/20**
**Датум: 04.12.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на четириесет и втората седница, одржана на 03 декември 2015 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за активностите на Општина Карпош во областа на месната самоуправа за 2016 година**

## I. Развојни приоритети и цели

Во Програмата се дефинираат повеќе приоритети поврзани со месната самоуправа, кои треба да придонесат за унапредување на истата и тоа:

-Активности во делот на унапредување на работата месната самоуправа;

-Поддршка и помош во организацијата на разни манифестации кои се организираат во урбаните,односно во месните заедници;

-Одбележување на годишнини и прослави од страна на Општината соорганизирање на спортски активности.

## II. Проектни активности

### А/Активности во делот на унапредување на работата на месната самоуправа

| 1. | ***Подигање на капацитетот на месната самоуправа за работа со граѓаните на општината*** |
|---|---|
| **Опис на активностите** | -Организирање на обука на вработените од одделението за прашања од областа на месната самоуправа каде што ќе се разработат следните теми:Функционирање на месната самоуправа;Форми на учество на граѓаните во одлучувањето; Начин на комуникацијата на месната |

| | |
|---|---|
| | самоуправа со општинските власти и начин на испорака на услугите до граѓаните;Основа за градење на стратегија на УЗ и МЗ и развивање на проектен циклус; Содржина на акционен план за работа на месната самоуправа.<br><br>-Изработка на финален извештај за проектот |
| **Стратешки насоки и цели** | -зголемување на опфатот на услужени граѓани преку јакнење на капицитетот на месната самоуправа и општинската администрација, за непосредно информирање на граѓаните за помошта во решавањето во доменот на надлежностите на Општината;<br><br>-запознавање на граѓаните со можностите да разгледуваат прашања,заземаат ставови и изготвуваат предлози за прашања од секојденвното значење за животот и работата на жителите од подрачјето на урбаната, односно месната заедница;<br><br>-Јакнење на месната самоуправа за подобрување на информирањето и вклучувањето на граѓаните во одлучувањето;<br><br>-Подобрување на постојните и воведување нови форми на комуникација со граѓаните и излегување во пресрет на нивните барања за општински услуги;<br><br>-Подобрување на системот на вклучување на граѓанските иницијативи во проекти; |
| **Очекувани резултати** | Посетителите на обуката за подигање на капацитетите на месната самоуправа за работа со граѓаните ќе бидат во состојба да:<br><br>1.1 Демонстрираат вештини за поголемо вклучување на граѓаните во одлучувањето за прашања од месната самоуправа;<br><br>1.2 Ги разбираат начините на комуникација со граѓаните и |

| | |
|---|---|
| | процесите на испорака на услугите.<br>2.Изработат преглед на услуги што се испорачуваат на ниво на локална самоуправа (на општинско и на ниво на Град Скопје) кој може да послужи за изработка на печатен Каталогна услуги за подобро информирање на граѓаните. |
| **Целна група** | 25 вработени лица од општинската администрација кои се поврзани со работата на месна самоуправа. |
| **Предвидена финасиска рамка** | 365.250,оо денари |
| **Реализатор:** | ЗБК “Креација” - Скопје |

| | |
|---|---|
| 2. | ***„Граѓанинот знае“*- Каталог на услуги на општинската администрација и администрацијата на Градот Скопје** |
| **Опис на активностите** | Изработка, уредување и печатење на Каталог на услуги на општинските и услугите на градот Скопје под наслов “***Граѓанинот знае”.***<br><br>Ќе се отпечати Каталог во 20.000 примероци, кој ќе им послужи на граѓаните за информации кои услуги каде можат да ги обезбедат.<br><br>Каталогот ќе им помогне на вработените во месната самоуправа на брз начин да им обезбедуваат информации на граѓаните за нивните потреби и барања, како и да ги упатат каде и како да ги поднесауваат своите барања. |
| **Стратешки насоки и цели** | -Непосредно информирање на граѓаните за помошта во решавањето на нивните секојдевни потреби и барања во делот на комуналната инфраструктура,урбанизам, заштитата на |

| | |
|---|---|
| | животната околина, образованието, социјалатаи други работи кои се од доменот на одлучување и решавање на општина Карпош и градот Скопје.<br><br>-Запознавање на граѓаните со можностите да разгледуваат прашања,заземаат ставови и изготвуваат предлози за прашања од секојденвното значење за животот и работата на жителите од подрачјето на урбаната, односно месната заедница. |
| **Очекувани резултати** | -Отпечатени и дитрбуирани 20.000 примероциод Каталогот „*Граѓанинот знае*“ до 14 урбани и месни заедници;<br><br>-подигање на капацитетот на месната самоуправа за брзо излегување во пресрет на граѓаните, за информации и поднесување на барања за нивните потреби |
| **Целна група** | Граѓаните од урбаните и месните заедници на Општина Карпош |
| **Предвидена финасиска рамка** | 634.750,00денари |
| **Реализатор:** | Одделението за месна самоуправа и невладина организација |

**Б. Поддршка и помош во организацијата на разни манифестации кои се организираат во урбаните, односно месни заедници**

| | |
|---|---|
| **1.** | ***Прслава на Бадник во Општина Карпош*** |
| **Опис на активностите** | Организирање на Централна општинска манифестација за прослава на Бадник во урбаната заедница Влае 2 и помош со |

| | |
|---|---|
| | обезбедување на дел од дрвата за коледарските огнови кои се палат во урбаните, односно месните заедници. |
| **Стратешки насоки и цели** | Почитување на верските празнувања, негување и продолжување на народните обичаи при верските празнувања.<br><br>Дружење и непосредна комуникација на граѓаните од Општината. |
| **Очекувани резултати** | Зачувување на традиционалните вредности и сплотување на жителите на урбаните и месни заедници |
| **Целна група** | Жителите на урбаните и месни заедници на територијата на Општина Карпош |
| **Предвидена финасиска рамка** | 611. 000,00 денари |
| **Реализатор:** | Општина Карпош |

| | |
|---|---|
| 2. | ***Прслава Св.Атанасиј во Општина Карпош*** |
| **Опис на активностите** | Финансиска и логистичка поддршка на прославите за верскиот празник Св.Атанасиј во урбаните заедници Влае 1 и Злокуќани; |

| | |
|---|---|
| **Стратешки насоки и цели** | Почитување на верските празнувања, негување и продолжување на народните обичаи при верските празнувања.<br>Дружење и непосредна комуникација на граѓаните од урбаните заедници и пошироко. |
| **Очекувани резултати** | Зачувување на традиционалните вредности и сплотување на жителите на урбаните заедниции пошироко. |
| **Целна група** | Жителите на урбаните заедници Влае 1 и Злокуќани |
| **Предвидена финасиска рамка** | 80 000,00денари<br>(“Влае 1” 50,000,00 денари, Злокуќани 30.000,00 денари) |
| **Реализатор:** | Општина Карпош |

| | |
|---|---|
| 3. | ***Прслава Св.Тројица во Општина Карпош*** |
| **Опис на активностите** | Финансиска и логистичка поддршка на прославата за верскиот празник Св.Тројица во месната заедница Бардовци; |
| **Стратешки насоки и цели** | Почитување на верските празнувања, негување и продолжување на народните обичаи при верските празнувања.<br>Дружење и непосредна комуникација на граѓаните од месната заедница и пошироко . |

| | |
|---|---|
| **Очекувани резултати** | Зачувување на традиционалните вредности и сплотување на жителите на месната заедница и пошироко. |
| **Целна група** | Жителите на месната заедница Бардовци |
| **Предвидена финасиска рамка** | 30 000,00денари |
| **Реализатор:** | Општина Карпош |

| | |
|---|---|
| 4. | ***Прслава Св.Илија во Општина Карпош*** |
| **Опис на активностите** | Финансиска и логистичка поддршка на прославата за верскиот празник Св.Илија во урбанитазаедница Нерези; |
| **Стратешки насоки и цели** | Почитување на верските празнувања, негување и продолжување на народните обичаи при верските празнувања.<br>Дружење и непосредна комуникација на граѓаните од урбанита заедница и пошироко. |
| **Очекувани резултати** | Зачувување на традиционалните вредности и сплотување на жителите на урбаната заедницаи пошироко. |
| **Целна група** | Жителите на урбаната заедници Нерези и граѓаните од Општина Карпош |
| **Предвидена финасиска рамка** | 30 000,00денари |

| | |
|---|---|
| **Реализатор:** | Општина Карпош |

| | |
|---|---|
| 5. | ***Прслава Св.Пантелејмон во Општина Карпош*** |
| **Опис на активностите** | Финансиска и логистичка поддршка на прославата за верскиот празник Св.Пантелејмон во урбаната заедница Нерези; |
| **Стратешки насоки и цели** | Почитување на верските празнувања, негување и продолжување на народните обичаи при верските празнувања.<br><br>Дружење и непосредна комуникација на граѓаните од урбаната заедница и пошироко. |
| **Очекувани резултати** | Зачувување на традиционалните вредности и сплотување на жителите на урбаната заедницаи пошироко. |
| **Реализатор** | Жителите на урбаната заедница Нерези |
| **Предвидена финасиска рамка** | 30 000,00денари |
| **Реализатор:** | Општина Карпош |

**В. Одбележување на годишнини и прослави од страна на Општината со организирање на спортски активности**

| | |
|---|---|
| 1. | ***Карпош спортува*** |
| **Опис на активности:** | Организирање на спортско натпреварување помеѓу |

| | |
|---|---|
| | урбаните, односно месните заедници на Општината. Организирање на турнир во мал фудбал, баскет, пинг-понг, влечење јаже и др. |
| **Стратешки насокии цели:** | Негување на здрав и натпреварувачки дух. Подигање на нивото на спортската култура. Формирање на т.н репрезентација на урбаната односно месната заедница. |
| **Очекувани резултати:** | Афирмација на спортот и вреднување на спортистите. Непосредна соработка и дружење на жителите од Општината |
| **Целна група:** | Жителите на урбаните и месните заедници на територија на Општина Карпош. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 100.000,00 Денари |
| **Реализатор:** | Одделението за месна самоуправа |

**Вкупна предвидена финансиска рамка: 1.881.000 денари.**

## III. Финансирање

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од 1.881.000,00 денари е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2016 година.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, ако и согласно потребите ќе се појават во текот на 2016 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Карпош.

## IV. Завршни одредби

Одделението за месна самоуправа со Секторите за Финансии и Јавни набавки ќе изработат динамички план со финансиски и временски рамки за полесно и мплементирање и следење на реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма.

Покренувањето на нови иницијативи, како и давање мислења и предлози заради остварување на целите на Програмата може да биде дел од било кој Сектор на Општината во непосредна соработка со Секретарот и Градоначалникот.

**Број: 08-8826/22**
**Датум: 03.12.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**м-р Сашо Лазаровски, с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во општина Карпош за 2016 година**

1. Се објавува Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2016 година, донесена на четириесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 03 декември 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-9234/21**
**Датум: 04.12.2015 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и член 14, став 1 и став 6 од Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија“ бр.6/12, 166/14 и 150/15), Советот на Општина Карпош, на четириесет и втората седница, одржана на 03 декември 2015 година, донесе

# ПРОГРАМА
## за активностите на Општина Карпош во областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во општина Карпош за 2016 година

## I. Развојни приоритети и цели

Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во општина Карпош за 2016 година предвидува неколку приоритетни области за унапредување и промовирање на концептот за еднакви можности меѓу жените и мажите во општина Карпош.

Приоритетни цели предвидени во Програмата се:

1. Унапредување на жените во политиката;
2. Одбележување на 8 Март;
3. Унапредување на здравјето на жената;
4. Превенција и советување за спречување на семејното насилство и помош на жртвите од семејно насилство, и
5. Учество на државни и меѓународни конференции, трибини и обуки од областа на еднаквите можности.

## II. Проектни активности

| 1. | Унапредување на жените во политиката |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Одржување на работилници и трибини. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Подигање на свеста кај жените и мажите за потребата од инволвираност на жените во креирање на политиката. |
| **Очекувани резултати:** | Зголемување на бројот на жени кандидати за советници во Советот на општината, како и кандидати за градоначалници. |

| | |
|---|---|
| **Целна група:** | Советниците во Советот на општината, а преку нив и до партиите од чии редови произлегуваат. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 10.000,00 денари за предавачи и печатен рекламен материјал. |

| 2. | Одбележување на 8 Март |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Одржување на работилница и изложба на дела на жени уметнички, одржување на хуманитарна акција. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Пригодно одбележување на Меѓународниот ден на жената – 8 Март како ден кој ја одбележува борбата на жените за економска, политичка и социјална рамноправност. |
| **Очекувани резултати:** | Одбележувањето на Меѓународниот ден на жената на овој начин ќе покаже дека жените не се само инспирација за создавање на уметнички дела, туку дека жените се и автори и творци на уметничките дела, разните рачни изработки и творби. |
| Целна група: | Сите жители на општина Карпош. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 100.000,00 денари за сликарски материјали, коктел и печатен рекламен материјал. |

| 3. | Унапредување на здравјето на жената |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Одржување на трибини, советувалишта и работилници. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Унапредување на здравјето на жените преку подигање на свеста за редовни лекарски контроли за превенција од болести кои ја погодуваат женската популација. |
| **Очекувани резултати:** | Унапредување на здравјето на жените преку подигање на свеста за редовни лекарски контроли за превенција од болести кои ја погодуваат женската популација. |
| **Целна група:** | Жените од општина Карпош. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 50.000,00 денари за предавачи и печатен рекламен материјал. |

| 4. | Превенција и советување за спречување на семејното насилство |
|---|---|
| **Опис на активности:** | „Отворени Денови Во Општина Карпош“ |
| **Предлагач** | Организација на жените на Град Скопје |
| **Стратешки насоки и цели:** | Подигање на свеста за постоење на семејното насилство и негово препознавање и помош на жртвите од семејно насилство |
| **Очекувани резултати:** | Подигање на свеста за постоење на семејното насилство во нашето опкружување; изнаоѓање на начин за откривање и препознавање на жртвите од семејно насилство, особено кај децата; укажување на законските регулативи за спречување на семејното насилство., отварање на кризен центар на територија на општина Карпош |
| **Целна група:** | Учениците од средните училишта и потенцијалните жртви на смеејно насислтво |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 130.000,00 денари |

| 5. | Учество на државни и меѓународни конференции, трибини и обуки од областа на еднаквите можности |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Учество на конференции, обуки и трибини на покана од надлежните институции во Република Македонија, невладини организации, како и организации кои работат на полето на правата на жените. |
| **Стратешки насоки и цели:** | |
| **Очекувани резултати:** | Редовно следење на законските измени и дополнувања од областа на еднаквите можности на жените и мажите, пренесување на туѓи позитивни искуства преку имплементирање на одредени проекти и активности, подигање на степенот на унапредување на еднаквите можности во општина Карпош. |
| **Целна група:** | |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 10.000,00 денари |

**Вкупна предвидена финансиска рамка:**

**III. Финансирање**

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од 300.000,00 денари е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2016 година.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои согласно со потребите ќе се појават во текот на 2016 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Карпош.

**IV. Завршни одредби**

Секторот за поддршка на Градоначалникот со Секторот за финансиски прашања и Секторот за јавни набавки ќе изработат динамички план со финансиски и временски рамки за полесно имплементирање и следење на реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма. Покренувањето на нови иницијативи, како и давање мислења и предлози заради остварување на целите на Програмата може да биде дел од кој било сектор на Општината во непосредна соработка со Секретарот и Градоначалникот на Општина Карпош.

**Број: 08-8826/23**
**Датум:03.12.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**м-р Сашо Лазаровски, с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програмата за одбележување на 40-годишнината од формирањето на Општина Карпош**

1. Се објавува Програмата за одбележување на 40-годишнината од формирањето на Општина Карпош, донесена на четириесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 03 декември 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-9234/22**
**Датум: 04.12.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на четириесет и втората седница, одржана на 03 декември 2015 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за одбележување на 40-годишнината од формирањето на Општина Карпош**

## I. Развојни приоритети и цели

Приоритетни цели предвидени во Програмата се:

1. Достојно одбележување на денот на формирање на Општина Карпош – 3 ноември и афирмација на општината;
2. Соработка со збратимените и пријателските општини.

## II. Проектни активности

| 1. | |
|---|---|
| **Опис на активности:** | 1.1 Пуштање во употреба на нови инфраструктурни објекти на подрачјето на општина Карпош.<br>1.2 Организирање на трибина, дебата или тркалезна маса на актуелна тема.<br>1.3 Културно-забавни активности:<br>– организирање на музички концерт;<br>– изложба на слики од дневниот ликовен хепенинг во рамките на манифестацијата „Културно лето Карпош 2015“;<br>– изложба на фотографии, и<br>– изложба на акварели.<br>1.4 Спортски активности:<br>– организирање на спортски натпревари;<br>– ревијален натпревар во кошарка со екипи од збратимените општини;<br>– промоција на талентираните спортисти, и |

| | |
|---|---|
| | – училишни спортски игри.<br>1.5 Манифестации што ќе се организираат од основните училишта во општина Карпош.<br>1.6 Хуманитарна акција „Да бидеме хумани за нашите соседи“ (собирање на хуманитарна помош за најзагрозените семејства на територијата на општина Карпош);<br>– цветен собир – цветно дефиле;<br>– литературен конкурс;<br>– квиз;<br>– изложба од конкурсот за најдобра фотографија на учениците од основните училишта, и<br>– доделување на стипендии за талентирани ученици од основното образование на подрачјето на општина Карпош.<br>1.7 Крводарителска акција.<br>1.8 Свечена академија<br>– протоколарен дел, и<br>– доделување на плакети за заслужни граѓани на општина Карпош.<br>1.9 Организирани содржини од туристички, културен и забавен карактер за гостите од збратимените и пријателските општини: Општина Тиват – Црна Гора, Општина Нови Београд, Општина Сремски Карловци, Општина Врњачка Бања – Република Србија, Општина Тријадица – Република Бугарија, Општина Стари Град – Сараево, Општина Травник – Босна и Херцеговина, Флори-сур-Орн (Долна Нормандија) – Франција и Лапта, турска република север Кипар |
| **Стратешки насоки и цели:** | Достојно одбележување на годишнината од формирањето на Општина Карпош, како и промоција на можностите и резултатите пред домашни гости и гости од странство. |
| **Очекувани резултати:** | – Афирмација на општината, размена на искуства помеѓу општина Карпош и збратимените и пријателските општини;<br>– Презентација на општина Карпош преку разновидни манифестации и настани. |
| **Целна група:** | Граѓани на општина Карпош и збратимени и пријателски општини. |

| | |
|---|---|
| **Предвидена финансиска рамка:** | 4.000.000,00 денари |

**Вкупна предвидена финансиска рамка:**

## III. Финансирање

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од 4.000.000,00 денари е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2016 година.
За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои согласно со потребите ќе се појават во текот на 2016 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Карпош.

## IV. Завршни одредби

Секторот за поддршка на Градоначалникот, со Секторот за финансиски прашања и Секторот за јавни набавки ќе изработат динамички план со финансиски и временски рамки за полесно имплементирање и следење на реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма. Покренувањето на нови иницијативи, како и давање мислења и предлози заради остварување на целите на Програмата може да биде дел од кој било сектор на Општината во непосредна соработка со Секретарот и Градоначалникот.

**Број: 08-8826/24**
**Датум:03.12.2015 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програмата за активностите на Советот на млади**
**на Општина Карпош за 2016 година**

1. Се објавува Програмата за активностите на Советот на млади на Општина Карпош, донесена на четириесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 03 декември 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-9234/23**
**Датум: 04.12.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р**

Врз основа на член 38-е од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), член 5, став 1, алинеја 5 од Деловникот за работа на Советот на млади на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2015) и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на четириесет и втората седница, одржана на 03 декември 2015 година, донесе

# ПРОГРАМА
## за активностите на Советот на млади на Општина Карпош за 2016 година

### I. Развојни приоритетни и цели

Целта на програмата на Советот на Млади на Општина Карпош е активно вклучување на младите жители на Општина Карпош во јавниот живот на општината. Со програмата се опфатени повеќе категории на млади луѓе во општината.

### II. Проектни активности

| **1.** | **Доделување стипендии на талентирани студенти, жители на Општина Карпош** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Доделување стипендии на талентирани студенти од прва година, жители на општината за постигнатите резултати во првиот семестар на студиите. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Целта е да се стимулира талентот на овие студенти, преку материјалната поддршка, за понатамошно надоградување во областите каде покажуваат интерес и успеси. |
| **Очекувани резултати:** | - развивање и следење на талентот кај посебно талентираните студенти и нивен поттик за понатамошно усовршување и учество на разни натпревари од областа на науката, техниката, културата и уметноста;<br>- создавање вистински вредности и навики кај студентите |
| **Целна група:** | 3 студенти од I година на студии |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **30.000,00 денари** |

| | |
|---|---|
| **Трошоци:** | Финансиски средства за талентирани студенти (се доделуваат еднократно на тројца студенти, по 10.000,00 денари по претходно утврдени критериуми објавени во оглас |

| 2. | **Санација на игралиште за кошарка во Карпош 1, позади Центар за Странски јазици** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Игралиштето за кошарка се наоѓа во школскиот двор на основното училиште Христијан Тодоровски - Карпош, позади Центарот за Странски Јазици. На игралиштето му недостасува обрач, како и санација на подлогата и обележување на игралиштето. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Целта е да се поттикне спортскиот дух и дружењето кај младите од општината Карпош. Исто така преку овој проект ќе се покаже дека Општина Карпош се грижи за култните места низ "маалата", онаму каде што со генерации се развивал духот на општината. |
| **Очекувани резултати:** | - Развивање на спортскиот дух кај младите,<br>- Продолжување на духот на општината кој се пренесува низ генерациите |
| **Целна група:** | Младите од Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **30.000,00 денари** (материјал потребен за санација на бетонската подлога, обрач, спреј за исцртување на теренот, дневници за изведувачите) |

| 3. | **Изградба на терен за улично вежбање (Популарно street workout)** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | На утврдена локација на територијата на Општина Карпош да се изгради терен со справи за улично вежбање. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Целта на овој проект е да се зголеми интересот за здравиот начин на живот и грижа за сопственото тело, како и подобрување на квалитетот на живот на младите во Општина Карпош, преку понуда на бесплатна рекреација за младите. |
| **Очекувани резултати:** | - Развивање на спортскиот дух кај младите, |

| | |
|---|---|
| | - Поттикнување на свеста за здравиот начин на живот<br>- Популаризирање на грижата за сопственото тело |
| **Целна група:** | Младите во Општина Карпош. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **30.000,оо денари** (материјал потребен за изградба на подлогата, справите, дневници за изведувачите) |

| **4.** | **Ликовна и креативна работилница за деца со посебни потреби, одржана од академски уметник** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Организирање на работилница од академски уметник, исто така припадник на категоријата на млади жители на општината, кој ќе пренесе дел од основните уметнички техники на децата со посебни потреби. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Децата со посебни потреби се најранливата категорија на млади жители на Општина Карпош. Со организирање на една работилница специјално наменета за нив и нивните потреби ќе се покаже дека општината се грижи и не ги заборава. Исто така ќе се покаже дека младите се грижат не само за своите проблеми, туку и за проблемите на локалната заедница. |
| **Очекувани резултати:** | - стимулирање на креативноста кај младите лица со посебни потреби<br>- создавање вистински вредности и навики кај младите<br>- развивање на свеста за постоење на лица со посебни потреби и поттикнување на грижата за нив |
| **Целна група:** | Деца со посебни потреби, на територијата на Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **6.000,00 денари** |

| **5.** | **Бесплатен курс за деловен англиски јазик за дипломирани студенти** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Организирање на 4 едномесечни бесплатни курсеви за деловен англиски јазик. Курсот ќе биде во времетраење од 4 недели, по 2 часа неделно. |

| | |
|---|---|
| **Стратешки насоки и цели:** | Целта на овој проект е јакнење на конкурентноста на младите на пазарот на трудот преку организирање на 4 едномесечни обуки за деловен англиски јазик. |
| **Очекувани резултати:** | - создавање вистински вредности и навики кај младите<br>- зајакнување на капацитетите на младите да стигнат до посакуваната работна позиција |
| **Целна група:** | Дипломирани и невработени студенти, кои своите студии ги завршиле не подоцна од 1 година од објавувањето на повикот. Каднидидатите треба да поседуваат диплома за познавање на англиски јазик. Селекцијата на кандидатите ќе се врши на принципот прв дојден-прв услужен. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **120.000,оо денари** |

| **6.** | **Финансирање на практиканти** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Општина Карпош ќе ги финансира студентите, жители на Општината кои ќе остваруваат практична работа во компаниите на територијата на самата општина. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Целта на овој проект е јакнење на конкурентноста на младите на пазарот на трудот преку финансирање на нивната практична работа кај работодавци со седиште во Општина Карпош. Дополнителен бенефит ќе биде поврзувањето на студентите со своите "соседи" од бизнис заедницата со надеж за нивна понатамошна соработка. |
| **Очекувани резултати:** | - создавање вистински вредности и навики кај младите<br>- зајакнување на капацитетите на младите да стигнат до посакуваната работна позиција<br>- мотивирање на работодавците да вклучуваат практиканти во своите компании<br>- поврзување на младите студенти со работодавците од нивната општина и нивна понатамошна соработка |
| **Целна група:** | Студенти од сите години на студии кои ќе остваруваат практична работа кај работодавец од својата општина |
| **Предвидена финансиска** | **66.000,00 денари** (Финансиски надомест од 3.000,00 |

| | |
|---|---|
| **рамка:** | денари ќе биде исплатен на секој студент кој отпочнал практична работа кај работодавец од својата Општина. Проектот ќе заврши кога квотата од 20 платени пракси ќе биде достигната. ) |

| 7. | Бесплатна читална |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Изградба на нова, или прилагодување на некоја од просториите на училиштата кои се наоѓаат на територијата на Општина Карпош, во читална која ќе работи 24 часа. Читалната ќе биде одржувана од тим на практиканти, кои за својата активност ќе добијат соодветен надомест. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Потребата од простор за учење секогаш постои за младите студенти. Преку овој проект, Општина Карпош ќе ги намали турканиците во веќе постоечките читални во градот, а дополнително ќе покаже дека се грижи за условите на своите студенти. Дополнително, со надоместување на волонтерите кои ќе ја одржуваат читалната, ќе се поттикне свеста на младите дека треба да ги негуваат просториите кои се од нивно најголемо значење. |
| **Очекувани резултати:** | - зајакнување на капацитетите на младите<br>- намалување на турканиците во останатите читални<br>- поттикнување на младите за активно учество во процесите кои ги |
| **Целна група:** | Сите млади жители на Општина Карпош кои имаат потреба од простор за учење. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **118,000.00 денари** (Како дополнителни трошоци на овој проект се наведуваат и потенцијалните надоместоци за волонтерите кои ќе работат во читалната) |

| 8. | Од студентите за студентите |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Поставување на штандови со волонтери на најпрометните локации на територијата на Општина Карпош каде студентите ќе можат да ги донираат оние учебници кои повеќе не им се потребни. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Целта на овој проект е јакнење на свеста кај младите за помош на оние кои сакаат да учат, а немаат |

| | |
|---|---|
| | доволно средства да ги набават учебниците кои им се потребни, па поради тоа мораат да посегнат по купување на фотокопирани учебници и да го прекршуваат законот за авторски права. Дополнително, кога ќе завршат со книгите младите ќе можат да ги вратат и повторно да бидат користени и од наредните генерации. |
| **Очекувани резултати:** | - создавање вистински вредности и навики кај младите<br>- поттикнување на соработката помеѓу младите<br>- спречување на кршење на законот за авторски права |
| **Целна група:** | Студенти кои живеат на територијата на општината, кои немаат доволно средства за да набавуваат учебници. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **0,00 денари** (Штандовите ќе бидат обезбедени од Општина Карпош, а волонтерите ќе бидат обезбедени од Советот на Млади) |

| 9. | **Совет на Млади - отворени денови** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Еднаш месечно, Советот на Млади, во простории на Општината ќе организира отворен ден. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Во насока на поголема отвореност на општината кон потребите на младите претставниците од Советот на Млади кои се всушност гласот на младите во локалната самоуправа ќе имаат шанса да ги слушнат мислењата и потребите на младите, како и очекувањата кои тие ги имаат од локалната самоуправа. Забелешките од овие средби ќе бидат сумирани во излагања на Советот на Млади на седниците на Советот на Општина Карпош. |
| **Очекувани резултати:** | - развивање на претприемничкиот дух<br>- реализирање на успешен бизнис проект кој во иднина ќе вработува<br>- намалување на невработеноста на младите лица во општината и пошироко |
| **Целна група:** | Сите млади жители на Општина Карпош. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **0.00 денари** (Отворените денови ќе се организираат во просториите на Општина Карпош) |

| | |
|---|---|
| ВКУПНО: | **400.000,00 денари** |

**Вкупна предвидена финансиска рамка:**

## III. Финансирање

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од **400.000,00** денари е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2016 година.

## IV. Завршни одредби

Советот на млади на Општина Карпош со Секторите за Финансии и Јавни набавки ќе изработат динамички план со финансиски и временски рамки за полесно имплементирање и следење на реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма. Покренувањето на нови иницијативи, како и давање мислења и предлози заради остварување на целите на Програмата може да биде дел од било кој Сектор на Општината во непосредна соработка со Секретарот и Градоначалникот.

**Број: 08-8826/25**
**Датум: 03.12.2015 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош" бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Буџетот на Општина Карпош за 2016 година**

1. Се објавува Буџетот на Општина Карпош за 2016 година, донесен на четириесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 03 декември 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

**Број: 10-9234/24**
**Датум: 04.12.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р**

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и член 28, став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15), Советот на Општина Карпош на четириесет и втората седница, одржана на 03 декември 2015 година, донесе

**Б У Џ Е Т**
**на Општина Карпош за 2016 година**

**1. Општ дел**

**Член 1**

Буџетот на Општина Карпош за 2016 година се состои од :

| | | |
|---|---|---|
| I. | **Вкупни приходи** | **1.930.022.000** |
| | Даночни приходи | 1.066.580.000 |
| | Неданочни приходи | 66.009.000 |
| | Капитални приходи | 352.821.000 |
| | Приходи од дотации | 340.821.000 |
| | Приходи од трансфери | 80.312.000 |
| | Приходи од донации | 24.300.000 |
| II. | **Вкупни расходи** | **1.963.462.000** |
| | Од утврдени намени | 1.963.162.000 |
| | Расходи од резерви | 300.000 |
| III. | **Дефицит** | **-33.440.000** |
| IV. | **Финансирање** | **33.440.000** |
| | **Прилив** | **48.440.000** |
| | Домаш.задолжувања | 48.440.000 |
| | Странски заеми | 0 |
| | **Одлив** | **15.000.000** |
| | Отплата на главница | 15.000.000 |

**Член 2**

Приходите на Буџетот по видови на приходи се утврдениво билансот на приходи, а расходите по основни намени се утврдени во билансот на расходи и тоа како што следува:

# БИЛАНС НА ПРИХОДИ

## Ниво на: ПОТСТАВКА

| Категорија / Ставка / Потставка | О П И С | Завршна сметка | Предходен буџет | Б У Џ Е Т 2016 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Буџет | Приходи од самофинан. активности | Приходи од дотации | Приходи од донации | Приходи од кредити | Вкупни приходи |
| | | 0 | 2.073.150.000 | 1.515.942.000 | 48.959.000 | 340.821.000 | 24.300.000 | 48.440.000 | 1.978.462.000 |
| **71** | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | | **1.122.071.000** | **1.066.580.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1.066.580.000** |
| **711** | **Данок од доход, од добивка и од капитални добивки** | | **12.050.000** | **13.250.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **13.250.000** |
| 711111 | Данок на плати на вработени лица кај корисниците и единките корисни | | 3.000.000 | 3.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.000.000 |
| 711112 | Данок на плати на вработени лица во трговски друштва, јавни претприја | | 8.000.000 | 9.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 9.000.000 |
| 711114 | Данок на плати остварени во странство | | 100.000 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100.000 |
| 711133 | Данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска деј | | 700.000 | 900.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 900.000 |
| 711139 | Данок на доход на Приходи од занаетчиска дејност според паушално ут | | 200.000 | 200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 200.000 |
| 711140 | Камата за ненавремено плаќање на персонален Данок на доход од зана | | 50.000 | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50.000 |
| **713** | **Даноци на имот** | | **167.550.000** | **182.750.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **182.750.000** |
| 713111 | Данок на имот од физицки лица | | 48.000.000 | 50.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50.000.000 |
| 713112 | Данок на имот по повисока стапка | | 50.000 | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50.000 |
| 713113 | Данок на имот од правни лица | | 20.000.000 | 24.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 24.000.000 |
| 713114 | Данок на имот од физицки лица наплатен по присилен пат | | 2.000.000 | 1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.000.000 |
| 713211 | Данок на наследство и подарок | | 7.000.000 | 7.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 7.000.000 |
| 713311 | Данок на промет на недвижности | | 50.000.000 | 50.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50.000.000 |
| 713312 | Данок на промет на недвижности по повисока стапка | | 40.000.000 | 50.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50.000.000 |
| 713512 | Камата за ненавремено плаќање на Данокот на имот | | 500.000 | 700.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 700.000 |
| **717** | **Даноци на специфични услуги** | | **941.971.000** | **870.080.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **870.080.000** |
| 717111 | Комунална Такса за привремен престој | | 10.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 717112 | Комунална Такса за истакнување на фирма, односно назив на деловна | | 10.000.000 | 8.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8.000.000 |
| 717115 | Комунална Такса за користење на улици со патнички, товарни, моторни | | 4.000.000 | 4.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.000.000 |
| 717116 | Комунална Такса за користење и одржување на јавно осветление | | 36.000.000 | 37.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 37.000.000 |
| 717129 | Други комунални Такси | | 30.000 | 30.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 30.000 |
| 717131 | Комунална Такса за користење на просторот пред деловни простории з | | 4.000.000 | 4.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.000.000 |
| 717134 | Комунална Такса за поставување на витрини за изложување на стоки н | | 10.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 717135 | Комунална Такса за користење на плоштади и друг простор во градови | | 10.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 717137 | Надомест за уредување на градежно земјиште | | 887.861.000 | 817.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 817.000.000 |
| 717140 | Камата за ненавремено плаќање на комунални Такси кои се приход на | | 50.000 | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50.000 |
| **718** | **Такси на користење или дозволи за вршење на дејност** | | **500.000** | **500.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **500.000** |
| 718134 | Надомест за управување со отпад на општината, односно градот скопје | | 500.000 | 500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 500.000 |
| **72** | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | | **61.351.000** | **17.050.000** | **48.959.000** | **0** | **0** | **0** | **66.009.000** |
| **722** | **Глоби, судски и административни такси** | | **4.050.000** | **4.050.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **4.050.000** |
| 722315 | Административни Такси кои се плаќаат за списите и дејствијата кај орга | | 4.000.000 | 4.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.000.000 |
| 722316 | Други локални Такси | | 50.000 | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50.000 |

# БИЛАНС НА ПРИХОДИ

## Ниво на: ПОТСТАВКА

| Категорија<br>Ставка<br>Потставка | О П И С | Завршна сметка | Предходен буџет | Б У Џ Е Т 0 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Буџет | Приходи од самофинан. активности | Приходи од дотации | Приходи од донации | Приходи од кредити | Вкупни приходи |
| | | 0 | **2.073.150.000** | **1.515.942.000** | **48.959.000** | **340.821.000** | **24.300.000** | **48.440.000** | **1.978.462.000** |
| **723** | **Такси и надоместоци** | | **51.065.000** | **3.000.000** | **47.950.000** | **0** | **0** | **0** | **50.950.000** |
| 723111 | целодневна и претшколска грижа | | 35.745.000 | 0 | 38.340.000 | 0 | 0 | 0 | 38.340.000 |
| 723116 | Надоместоци за оброци во ученички и студентски домови, училишта, гр | | 1.426.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 723119 | Други помошни активности во образованието | | 2.812.000 | 0 | 2.325.000 | 0 | 0 | 0 | 2.325.000 |
| 723911 | Закупнина од објекти | | 7.205.000 | 3.000.000 | 7.285.000 | 0 | 0 | 0 | 10.285.000 |
| 723914 | Приходи од закупнина на општински имот | | 3.877.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **725** | **Други неданочни приходи** | | **6.236.000** | **10.000.000** | **1.009.000** | **0** | **0** | **0** | **11.009.000** |
| 725922 | Приходи од осигурување на имот | | 1.200.000 | 0 | 210.000 | 0 | 0 | 0 | 210.000 |
| 725939 | Останати неданочни Приходи | | 5.036.000 | 10.000.000 | 799.000 | 0 | 0 | 0 | 10.799.000 |
| **73** | **КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | | **282.825.000** | **352.000.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **352.000.000** |
| **733** | **Продажба на земјиШте и нематеријални вложувања** | | **282.825.000** | **352.000.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **352.000.000** |
| 733111 | Приходи од продажба на неизградено градежно замјиште во сопственоо | | 60.000.000 | 120.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 120.000.000 |
| 733119 | Надомест за концесии за експлоатација на минерални суровини (по осн | | 10.000.000 | 10.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10.000.000 |
| 733120 | Надомест за концесии за експлоатација на минерални суровини (по осн | | 5.000.000 | 2.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.000.000 |
| 733131 | Приходи од Надомест за долготраен закуп и времен закуп на градежно | | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 733132 | Приходи на елс остварени при отуѓување и закуп на градежно земјиште | | 177.775.000 | 200.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 200.000.000 |
| 733144 | Надомест за утврдување на правен статус на бесправно изградени обје | | 30.000.000 | 20.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 20.000.000 |
| **74** | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | | **398.478.000** | **80.312.000** | **0** | **340.821.000** | **24.300.000** | **0** | **445.433.000** |
| **741** | **Трансфери од други нивоа на власт** | | **393.478.000** | **80.312.000** | **0** | **340.821.000** | **0** | **0** | **421.133.000** |
| 741111 | Тековни трансфери од други нивоа на власт | | 10.300.000 | 10.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10.000.000 |
| 741113 | Трансфери од буџетите на фондовите | | 5.277.000 | 5.238.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.238.000 |
| 741115 | Дотации на општината, од Приходи од ддв | | 13.363.000 | 15.074.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 15.074.000 |
| 741120 | Блок дотации на општината по одделни намени | | 340.538.000 | 0 | 0 | 340.821.000 | 0 | 0 | 340.821.000 |
| 741211 | Капитални трансфери од други нивоа на власт | | 24.000.000 | 50.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50.000.000 |
| **742** | **Донации од странство** | | **5.000.000** | **0** | **0** | **0** | **24.300.000** | **0** | **24.300.000** |
| 742119 | Други општи и тековни донации | | 5.000.000 | 0 | 0 | 0 | 24.300.000 | 0 | 24.300.000 |
| **75** | **ДОМАшНО ЗАДОЛЖУВАЊЕ** | | **208.425.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **48.440.000** | **48.440.000** |
| **754** | **Друго домашно задолжување** | | **208.425.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **48.440.000** | **48.440.000** |
| 754111 | Други домашни задолжувања | | 208.425.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 48.440.000 | 48.440.000 |

# БИЛАНС НА РАСХОДИ ПО ПОТПРОГРАМИ

| Потпрограм / Категорија / Ставка / Потставка | О П И С | Завршна сметка | Предходен буџет | Б У Џ Е Т | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | Вкупни расходи |
| | | | 2.073.150.000 | 1.515.942.000 | 48.959.000 | 340.821.000 | 24.300.000 | 48.440.000 | 1.978.462.000 |
| A00 | СОВЕТ НА ОПшТИНА | | 15.600.000 | 31.850.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 31.850.000 |
| **40** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | | **5.000.000** | **5.000.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | 5.000.000 |
